# *МАКЕДОНЦИТЕ НИЗ ВИОРОТ НА “ЦРВЕНОТО” ГУБИЛИШТЕ*

Стојан Кочов

# МАКЕДОНЦИТЕ НИЗ ВИОРОТ НА “ЦРВЕНОТО” ГУБИЛИШТЕ

Скопје, 2006

Risto Stefov
Publications
Toronto, Canada

All rights reserved. No part of this book may be reproduced or transmitted in any form or by any means, electronic or mechanical, including photocopying, recording or by any information storage and retrieval system without written consent from the author, eцcept for the inclusion of brief and documented quotations in a review.

Copyright © 2023 by Stojan Kochov

e-book edition

******

September 6, 2023

******

ПРЕДГОВОР

“Македонците низ ЦРВЕНОТО ГУБИЛИШТЕ” - За големата последна измама на Македонците во граѓанската војна во Грција 1945 - 1949

СТУДИЈА: Истражувања од областа на историографијата на Македонците во Грција кој посака Македонците под Грција, ова мирно население да го внесе во глобалниот процес за советизација на Балканот?

Зошто ние Македонците влеговме во моделот за социјализам на Балканот, кога тој модел по Втората светска војна веќе беше исцрпен и бесмислен.

Истражувањето на воено историско – политичката студија, покажа горчливи сведоштва за Македонците во Грција во Граѓанската војна (1945- 1949)

Повеќе од половина век историската вистина чемрее под идеолошката пајажина, а искоренатите луѓе танаа: талкачи и заробеници на големите илузии.

За смртната идеолошка стапица, за длабочината на трагедијата, за корените на злото и мрачните тајни за геноцидот над Македонците во Грција во Граѓанската војна (1945–1949), студијата покажа дека умислено се прикривани фактите во напишаната секторска историја за егејците.

По Втората светска војна, Граѓанската војна беше нов тест за нас Македонците и таа имаше две димензии (барем сега) тоа го потврдија исходот и фактите. Таа се водеше и за размена (протерување) на населението и затоа беше лоцирана баш тука и како второ и за ликвидација на комунистите (кои се покажеа дека не беа доволни информирани) што посакуваа да спроведат социјализам во Грција.

Рускиот став (Сталинов) е чуден: Нека се буричка во капитализамот, а целта на власта во Грција (Западните сили) беше сосема јасна: Грција е под сфера на влијание на Англија и

САД и договорот со Сталин на Јалта [1] беше гарант дека социјалистички систем во Грција нема да се дозволи со Граѓанската војна. Значи останувашe да се изврши етничкото Чистење на Македонците и со тоа што повеќе меѓународно да се легализира донесеното новородно население - Просфигите од Мала Азија.

Ние Македонците под Грција требаше да имаме сфатено дека бевме во Грција и таму ни беше коренот, инаку ќе бевме третирани како неподобни. Тоа им го овозможивме сами да не ископачат, кога решивме да се браниме со оружје покрепени од Југославија.

Тоа беше време кога Балканот, беше преполн со парадокси и контраверзии, мешавина од старо, анахроно и ново, недефинирано, илузии и заблуди, од една страна, и желби да се пронајдеме од нашите историско трагични поделби што ја чекавме пригодата со години за нашето обединување, тугинците ни ја поттурија теоријата на крв и почва, која ни донесе пустош и конечно повеќето исчезнавме од прадедовските огништа со завршувањето на војната, но, само за Македонците прогонството остана. Сметката ја плативме, точно спрема зацртаното во ЗАГОВОРОТ.

Македонскиот селанец, вклештен помеѓу МОЃНИЦИТЕ: (КПЈ/КПМ - Тито и Колишевски, КПГ - Захаријадис и Маркос Вафијадис) ПОДАНИЦИТЕ: (НОФ и АФЖ) И во моите предходни книги за кои бев бесмислено напаѓан, токму од овој историчарот Р. Кирјазовски, кои сега во оваа негова книга изнесе многу прикриени факти,се запрашувам што бранеше: “Како можело, да се бара логика во “братска” подршка, по поделата на Македонија (1913) и да се намамува Македонецот за “Обединета Македонија” по Втората светска војна, со нашите горди идеолошки активисти е триумф на, танцување во мрак. Зарем можеше некој да смета дека (бугарската, југословенската или грчката) власт била толку ступидна што би го вооружувала

[1] Конференцијата на Јалта траела од 4 до 11 февруари 1945 годна. На неа присуствувале претседателите Черчил, Сталин и Рузвелт, во присуство на министрите за надворешни работи.

НОФ или кое било друго македонско ослободително движение, само и само да одвои дел од нејзината територија? Значи, секој разумен, ќе рече: НЕ!

Тоа значи, со право да ние Македонците им кажеме како на МОКНИЦИТЕ, и на ПОДАНИЦИТЕ: Зошто не лажевте и ни донесовте несреќа која со ништо не се лечи? И изгубената татковина земја, со ништо не се враќа!?

Граѓанската војна беше најголемата измама и Грамос е најголемата гробница на сосила мобилизираните Македонци, а тоа е најтрагичниот настан за македонскиот народ (никаква македонска револуција, како што се пишуваше во “секторската историја”), бидејќи сите нас од таму не прави луѓе без корен и кај сите е всадено чувството на оттугеност.

СТУДИЈА: Истражувања од областа на историографијата на Македонците под Грција

Истражувањето на воено историско - политичката студија, покажа горчливи сведоштва за Македонците под Грција во Граѓанската војна (1945-1949)

Повеќе од половина век историската вистина чемрее под идеолошката пајажина, а искоренатите луѓе останаа: талкачи и заробеници на големите илузии.

За смртната идеолошка стапица, за длабочината на трагедијата, за корените на злото и мрачните тајни за геноцидот над Македонците под Грција во Граѓанската војна (1945-1949), студијата покажа дека умислено се прикривани фактите во напишаната секторска историја за Егејците.

ФАКТИ И АРГУМЕНТИ

За големата последна измама на Македонците во Граѓанската војна во Грција 1945 - 1949

ВОЈУВАВМЕ ПРОТИВ ВЕКОВНОТО НАСЛЕДСТВО И СВОЈАТА СУДБИНА

Повод е книгата на Евдокија ФОТЕВА - Вера „До пеколот и назад”, издавач „Аз - Буки”, Скопје 2005.

Книгата „До пеколот и назад”, од Евдокија Фотева - Вера, настои да не запознае со еден дел од својата животна судбина и ни понуди чувствително сведоштво преку болно бележена автобиографска сторија (со нејзините идеи и идеали, свест и совест, соништа и копнежи, радост, таги и патила) со многу лични емоции за една сурова вистина и бездруго како травматични последици: очај, неверица, расколебаност, бесилие, немоќ, апатија, омраза, поделби, разделби, потреси и конфликти. Можеби за оваа книга, би бил по адекватен наслов „СВЕТОТ НА СНИШТАТА И НА НАЦИОНАЛНАТА КАТАСТРОФА”. Текстот на оваа книга на свој начин возбудува и привлекува и го турка читателот кон размисли за местото и улогата на македонските борци и раководството на НОФ и АФЖ, некогаш и сега по половина век. Во одредени поглавија ги содржи нејзините размисли, нејзините мечти, нејзините акции, нејзинито жртвување (само - жртвување), нејзиниот живот и идеали. Остава впечаток на личност: конструктивна, толерантна, демократична, неосветољубива и „невластољубива.”

Текстот е компониран по оската на времето и од првата до последната реченица на оваа автобиогравска сторија, ни сугерира дека токму таква е вистината. Многу собитија со историски и семејна посебност, поврзани со животот на Партијата и авторот и со нејзината „отвореност” и предозираност во возвишувањето на нејзината кариера - зборовите и летаат од нејзината уста како куршуми. Пишува со јазикот на омразата и со својот триумфализам се поставува како нов коректор на напишаната официјална (секторска) историја за Егејците.

Авторот, на стр. 13, пишива: „Чесните, достојните раководни синови на Егејска Македонија најлошо поминаа. Тие што дезертираа, што го потикнаа народот на борба, го оставија на цедило, во република Македонија ширеа лаги и клевети против достојните, ја пракажаа борбата и сите нејзини настани како

што ними им одговара исклучиво тоа нешто да кажат. Тие мислеа дека е “завршено” со оние вистинските. На нивните лаги наседнале доста политичари и историчари По поразот на ДАГ, раководителите на НОФ, АФЖ И НОМС на Егејска Македонија бевме обвинети за тоа како “агентие на Југославија, на Тито и на Лазо. Бевме уапсени во Бурели, Албанија, па бевме испратени по затворите и логорите на СССР. Наместо заштита, застапување за наше ослободување од обвиненијата, дезертерите и најблиските со кои што сме делеле доброто и злото во борбата презедоа се што повеќе да не оцрнат, мислејќи дека нема живи да останеме, а за “мртвие може што сакаш да зборуваш. Меѓутоа, издржавме секакви тортури и чесните, тие кои со ништо не го извлакавме својот образ и образот на татковината, на својот народ, дојдовме во Република Македонија. Но кога дојдовме што ќе видиме: дезертерите ја извртиле вististината за 180 степени. Тие се збунија со нашето доаѓање, но позициите и привелегиите не ги изгубија зашто на секоја власт и требаат полтрони и кодоши.”

Авторот на книгата, на место да се задоволи со помирливото „сите ние сме виновни” таа бара одмазда дури и по 55 години и посакува да ја оствари со комунистички методи.
НОВИ ИСТОРИСКИ ФРУСТРАЦИИ И ВРАЃАЊЕ ВО СТОЛЕТНАТА АГОНИЈА ПОД ИДЕОЛОШКАТА ПАЈАЖИНА

Се поставува прашањето: што по лавековно клечење пред митови, со големи илузии, со жртви и злосторници? Нели е, време да дознаеме: кој не одмести од темелите на својата земја. Злото во егејска Македонија не паднало од небото?!

Текстот е комплексен и полн со неверојатни случки па дури и апсурди: „Минатото се толкува од позиција на партијата”, еднаш во корист на КПГ, други пат во корист на КПЈ. Дали обидот за историско назадување на одреден број луѓе е дел од туѓата столетна политичка акција.

Со идеите на нашите дедовци - ИЛИНДЕНЦИ, кои имаа за цел да ги зачуваат многувековните национални вредности: живеалиштата, имотите, традиција, верата и светилиштата,

достојанството и мирисот на родниот крај - Родината. Токму во тие етнички македонски граници, а не со напуштање многувековното наследство што исконски ни припаѓаше само нам Македонците, и сега нашето саможртвување, доживеаниот геноцид и дезинтеграната македонска реалност да го оправдуваме со идеолошко - комунистички космополитизам и дека сме ја изгубиле борбата во Граѓанската војна. Тоа е само оправдување и бегање од големите национални идеи.

Низ текстот, авторот, умот често пати и игра помеѓу потсетувањето и заборавеноста, но оди токму по линијата(струјата) и границите што строго ги имаше одредено партијата. Потсетувањето го опишува како моменти на сознавање на вистината и жестоко ги осудува масовните кршења на човечките права. Во книгата направи достоина морална осуда на комунистичките тоталитарни режими. Но заборавот на некои собитија, чиниш со леснотија минува, со некаква привремена амнезија. Но, има и такви искази и описи на самофалење (од историски аспект, авторот како лидер на македонската жена) книгата „До пеколот и назад” ја девалвираат.

Евдокија Фотева - Вера, со злоупотреба на зборот на стр. 236, ќе забележи со извишен глас и горчина: „Кога ги пишувам овие редови, ми доаѓаат разни размислувања. Зошто, и покрај големата способност, ние во Македонија страдаме? Зошто со нас тугинците манипулираат? Така ќе биде додека народни изроди [2] навреме не се откриваат, додека националното не се издигне над личното...”

---

[2] Авторот под изроди (предавници) на иста страница ги наведува: Пандо Вајна и Ставро Кочев, а историографот Христо Андоновски во својата книга:„Македонците под Грција во борбата против фашизмот(1940 - 1944) “на стр.115, пишува:Македонските комунисти и кадри на движењето на отпорот од Соровичка околија, Леринско беа: Киро Пилаев, жорги Турунха, Ставро Кочев, Вангел Којчев, Трифко Поповски и други. Главно тие беа јадрото на раководството на СНОФ во Леринско. А во градот Лерин каде уште од 1941 година излегува на македонски јазик весникот „Искра“, од Македонците најактивана е групата: Илија Димаки - Гоче, Кочо Калинов, Ламбе Попов, Михајл Трпков, Пандо Дурдуловски и Уште некои други.

Авторот, на крај не осведовечува: „За моите заслуги во Антифашистичката и Граѓанската војна во Грција сум одликувана со следните одликувања:

1. - Орден за храброст,
2. - Орден братство и единство со сребрен венец,
3. - Ордени заслуга за народ со сребрени зраци,
4. - Плакета на Сојузот на борците на Југославија,
5. - Јубилеен медал од Руската федерација, по повод 50 години од победата над фашизмот, 1945 - 1996,
6. - Орден, 50 години од ДАГ, 1946 - 1996,
7. - Медал на НОФ, 1941 - 1949.

Исто така, добитник сум на многубројни признанија и пофалби, плакети и т. н."

Останува не отгатнато: зарем на Евдокија Фотева - Вера и требаше толкава временска дистанца од 55 години да се ослободи од стравот и да си ја земе слободата за да си го каже ставот за многу притаени нешта, да може тоа јасно да го каже, на начин на кој тоа ќе го примат Сегашноста и Историјата?

Дистанцата, можеби и била потребна, да направи историска реконструкција? Таа како лидер на АФЖ, за одредени прашања од национален интерес, кои се изместени од реалноста и се интерпретирани во историјата на Егејците - токму во интерес на тугинците. Требаше да даде одговор бидејќи и самата беше - одобрувач и спроводител на сите тие директиви, од чии политички и воени акции Македонците под Грција доживеа геноцид.

За нас обичните борци во ДАГ, таа војна, секогаш ни се враќа како глуво ехо што не занемува. Но, предизвикот ќе беше голем и историски, ако таа ќе пресудеше и ќе извршеше корекции по најболните теми, особено од Граѓанската војна за што не осведочи погоре дека добила високи национални признања. Да проговори за сите оние што ја претворија Егејска Македонија во зона на тешко и задушливо сивило – губилиште со изгубен народ во беспаќето меѓу Исток и Запад.

Кој ја направи таа ЈАСНА БРКОТНИЦА? Како да го најдеме вистинскиот одговор и од кого? Нашиот? Каде сме? што е со нас? Како да се најдеме сбеси? Нашата реалност?

Ние бевме народ со минато, кој длабоко во себе ги носеше верата и традициите од своите предци, народ со долга историја и вековно опстојување.

Многу пати сме биле измамени. Знаеме дека и сега е така, но и сега нее кажано ништо.

## МОЃТА НА ВАЛКАНИТЕ ТУЖИ ПОЛИТИКИ И НАШЕТО МИТАРЕЊЕ

Со ова навраќање кон трагите на вистината и, кога човек ќе ги анализира авторовите факти (што не ги негира) и коментари, заклучни согледби што ќе се запраша: „Зарем е било можно да се стигне 'до пеколот и назад', ако не му предходела некаква причина?" Читателот останува скаменет, кога не наоѓа ништо за долгогодишниот пекол низ кој мина Македонескиот народ под Грција и накрај доживеа геноцид, токму кога таа лично од позиција на лидер на АФЖ агитирала (спроведувала директиви: било на КПЈ или на КПГ) и манипулирала со македонската жена. Тогаш, зошто и по 55 години, во себе сака да крие ПРИТАЈНИ НЕШТА ОД ТОЈ ГОЛЕМ СОН!? Но ако по длабинско ги анализираме фактите и аргументите што ги има во изобилје во историографиите: македонската, поранешна Југославија, Грција, Англиска и Советската, се насетува дека со политичка умисла е дезавуирана една вистина заробена во вечна тајна: Кој и зошто манипулирал со Македонците во годините (1940 - 1950), а тоа е токму: трагедијата на Македонците под Грција во Граѓанската војна. Фактите токму тоа говорат дека злото не паднало од небото во егејска Македонија. Се открива најстрашното дека раководствата на НОФ и АФЖ талкајќи низ една бркотница од приклонување (со иста емоционална зараза како член на партијата) кон КПГ или КПЈ и токму во тој хаос го изгубивме од контрола значењето на главната цел „Зачувување на народот и земјата на нашите прадедовци".Таквата идеолошка интимност со двојните старндарди на нови и стари душегризници, значи нова партија -

нов свет, помалку ред и поверење. Со тоа го доведовме својот народ во заблуда дека токму од новиот сојузник треба да ја очекуваме националната слобода. Значи, во тој период на време „вистината”, се кажуваше според критериумот на лојалноста кон носителот на моќта. Се покажа дека никој не сакаше да биде жртва за ради вистината. За тоа се бараше доблест.

Но, за македонскиот народ, посебно за Македонците под Грција, оформувањето на организациите НОФ, АФЖ и НОМС се покажа дека бил чин на политичка бесмислица. Во нивните програми, немаа автентична стратегија, со историска перспектива за националните интереси на македонскиот народ. Тоа го потврдуваат фактите. И, за за жал, досега сите раководителите на НОФ и АФЖ имаа една многу нереална желба - сакаа да ја прикажуваат историјата без никаква нивна вина. Но, оа не било така: минатото никогаш целосно не умирало.

Значи, ли тоа како да не ни недостасуваа грижи за сопствениот народ? Со години, по националната катастрофа, се прашуваме: „Зошто во општо тие луѓе (раководители на НОФ и АФЖ: Нивната активистичка ангажирана борбеност во корист на КПЈ или КПГ и нашиот македонски пораз - геноцид) се занимавале со политика? Зошто само бараа од македонскиот народ масовно учество во ДАГ, без дефинирана национална програма за Македонците и Македонија под Грција? Но сега, секој од нас се убеди дека и по половина век само единствено тие што ја водеа војната знаат како се играше играта - војна, наречена живот или смрт.

Не зависно кое чувство или идеолошко убедување се крие во нашата потсвест, но треба да знаеме дека Македонскиот човек, се покажа дека беше во состојба да застане на нозе и пред најсилните удари на судбината, ама ете и токму од тие луѓе и денеска се заобиколува вистината за таа трагедија...

Значи, за пеколот на војната, авторот не кажува ништо. Останува неосветлена вистината за бројните табу - теми: забранети премини и црни дамки од историскиот гибел на Македонците под Грција. Многу мрачни и длабоко скриени

тајни околу (само) жртвувањето, за една потресна историска хроника, агресивните пропаганди и тугите политики кои ги потикнуваа луѓето на миграции и не им оставаа простор на луѓето да се осоземат како Македонци кои треба да бидат чувари и да го сочуваат многувековното староиседелско огниште што значи тоа? Тоа значи:

ИСТОРИЈАТА ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА НЕ Е ДЕФИНИТИВНО ЗАТВОРЕНА - ТОА Е ГОЛЕМАТА ВИСТИНА!

Зошто историјата за Македонците под Грција останува отворена? Тајна чувана пет и пол децении. Можеби затоа што од сите лидери на НОФ и АФЖ не се почитувани фактите за правилното прикажување за Граѓанската војна.

Какви се историските факти на грчката историографија за оружената борба што ја водеше КПГ? Во грчката официјална историографија се вели: Во оружената борба што ја водеше КПГ (1946 - 1949) разликуваме два периоди:

Првиот период беше од март 1946 година (по решението кое беше завземено на 12 Пленум кој беше одржан на 12 февруари 1946) до февруари 1947 година, кога оружената борба ја користеше како притисок врз десницата за мирољубиво решение на грчкото прашање.

Вториот период беше од февруари 1947 година до август 1949 година, кога преку оружена борба сакаше да го совлада атинскиот режим и да ја заземе власта.

Оружената борба беше водена од КПГ (политичко - идеолошкиот столб) и ГШ на ДАГ (военокомандниот столб).

Значи, како што не осведочува авторот Евдокија Фотева – Вера, со оваа книга не става: ЛИЦЕ В ЛИЦЕ СО НАШЕТО КОМУНИСТИЧКО МИНАТО ВО ГРАЖАНСКАТА ВОЈНА, таа со своите ставови внесува ново дизајнирање на историските факти за борбата на Македонците во таа војна. Таа ни нуди ДВОЈНА ВИСТИНА: за секоја од овие три настани (развојни

фази на НОФ). На стр. 235, вели: „...НОФ во својот развој имаше разни периоди, но главно, мина низ три фази”:

ПРВАТА ФАЗА: ИЛЕГАЛНОСТ (Тајна, незаконска политичка дејност. Влез во идеолошкото ГУБИЛИШТЕ). Без национална платформа.) и објаснува: „По формирањето (23 април 1945), НОФ делуваше во строга илегалност и самостојно. Во тој период успеа да ги придобие народните маси и во најдалечните места.” Така вели Евдокија Фотева - Вера, но да се зборува дека НОФ имал македонска стратегија, одредена од нас Македонците под Грција е надвор од контролата на разумот.

Зарем оваа не значи дека со оваа акција на НОФ и АФЖ (АФЖ - за нас Македонците под Грција, веќе беше излитен слоган), не беше и смислено лоцирање на војната токму во тие години во егејска Македонија? Зарем, со тоа ние самите не им ја остваривме основната стратегија на тугинците, таа нивна замисла за почеток на таа војна?! И оваа акција на илегалност ни потврдува: дека навистина во историјата наша не се памти дека секоја умислена акција во корист на тугинците, да не ја реализирале преку Македонците.

Зарем тоа не беше и првата алка за власта во Атина да ги почне „легалните” миграциони движења? Терор и законски мерки? Сето тоа да биде оправдано дека владата во Атина врши заштита на суверенитетот и зачување на внатрешниот граѓански поредок?

Понатака вели: „Оваа активност на НОФ беше сосема во духот на прогресивните сили на Грција.”А пак, на страница 31, вели: „Организацијата НОФ, односно нејзините членови во 1945 - 1946 година беа прогонувани на ист начин: како од монархофашистите така и од комунистите.”

ВРЕМЕ НА ПРЕМОЛЧЕНИ ВИСТИНИ:

НОФ И АФЖ ЗАВЕДЕНИ ОД КПЈ ВО (САМО) ЖРТВУВАЊЕ ЗА ТУЖИ СТРАТЕШКИ ПЛАНОВИ А ПРОПАГИРАА ЛАЖНА МАКЕДОНСКА НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ

Се повеќе личи на случајност: ако успеваш, успеваш случајно ако пропаѓаш, пропаѓаш случајно... А народот што го вовлекуваа во најопасна игра?!

Токму од таквите авторови контрадикции, на тој план со таквите идеолошки ставови, ја прават дволичност, која и по 55 години, покажува интерес од банално засенчување на историските факти и конфузија. Да не се проговори за причините, туку за последиците.

А која е вистината што НОФ ја имаше како задача раководена од КПМ/КПЈ? Од југословенските, советските архиви читаме: „На 23 април 1945 година, по иницијатива на КПЈ, односно КПМ, е оформена македонската организација НОФ (Народноослободителен фронт) на Егејска Македонија со задача со сите средства да се бори за правото на самоопределување и обединување на Македонците. По неколку дена раководството на НОФ реши да формира вооружени групи, кои на 1 мај 1945 година ја започнаа својата вооружена дејност. Со овој потег КПЈ го зеде во свои раце македонското националноослободително движење во егејскиот дел на Македонија”.

ВТОРАТА ФАЗА: ПРИЗНАВАЊЕ ОД КПГ. ТРЕТАТА ФАЗА: ЗАФАТИ ЗА НЕЈЗИНОТО ЛИКВИДИРАЊЕ ОД СТРА НА КПГ.

Авторот, Евдокија Фотева - Вера, со овие свои ставови, донесе не само двојна вистина со нејзино лично толкување и нов образ на историските настани низ призмата на „револуционерност и чесен комунист”, туку и со став како идеолог на масовното движење, кое за прв пат се случи кај нас Македонците.

Што пишувана официјална историја за овие фази: Д - р Ристо Кирјазовски во книгата „Егејскиот дел на Македонија по Граѓанската војна во Грција” на стр. 135, вели:

Во развитокот и дејноста на НОФ разликуваме два периоди:

1. - Период кога беше раководен од КПЈ – КПМ (1945 – 1946) и

2. - Период кога беше раководена од КПГ (1946 – 1949).

Значи, за сега имаме две пунудени „реалности”. А што ни зборуваат фактите и аргументите (од руските, југословенските и грчките воени ахиви), но и од автори кој беа истакнати активисти на НОФ и АФЖ, и од борци во ДАГ, ќе ги проследиме во оваа студија која има за цел да се расветли историјата на Македонците под Грција.

КОЈА БЕШЕ СУШТИНАТА НА НОВОТО МАСОВНО ПОЛИТИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ ТОКМУ ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА И ОД КОГО БЕШЕ ИНИЦИРАНО? ВО ШТО Е ТАЈНАТА НА СТРАТЕГИЈАТА НА ПОРАЗОТ ВО ТАА ВОЈНА?

Значеше ли тоа, со ЗАВЕДУВАЊЕТО НА НАРОДНИТЕ МАСИ (невидена демагогија) - ново пресуредување на македонскиот простор и Македонците под Грција?!

Но, сепак разврската во историјата на македонскиот народ под Грција, ќе биде долг и мачен процес. Секој барем малку писмен историографски аналитичар веќе ја насетува вистината дека за нас Мекдонците Граѓанскат војна не беше револуција и продолжување на ИЛИИНДЕН, не беше македонска револуција, затоа што ние Македонците не раководевме со двата основни столба на таа војна:

1. Политичкиот (идеолошкиот столб) бидејќи ние немавме луѓе во централните органи на КПГ, туку цело време се расправавме со локалните партиски комитети на КПГ.

2. Военополтичкиот (воено командниот столб) бидејќи ние Македонците не раководевме со воените акции, но и ниту располагавме со такви луѓе кои поседуваа високи воени познавања.

Во последните години, официјалната историја завзема се по реален став спрема фактите. Токму тоа го потврдува Р. Кирјазовски, во најновата книга види: „Македонците и односите на КПЈ и КПГ”, стр.218, тој сега пишува: „...И покрај

тоа што повеќе од една третина од силите на ДАГ беа составени од Македонци, во ГШ, во обласните штабови и во окружните единици на ДАГ, немаше ниту еден Македонец. Од вкупно 125 произведени полковници на ДАГ, немаше ниту еден Македонец, Во Привремената демократска влада и нејзините институции, до април 1949 година, Македонците не беа преставени. Ист случај беше и во ЦК, ПК и во окружните и околиските комитети на КПГ.”

Значи, така говорат фактите, а НОФитите и АФЖитите ( како партиски војници ) на македонскиот народ му пропагираа дека ние Македонците во Граѓанската војна преставуваме ВОЕНО – ПОЛИТИЧКИ ФАКТОР!?

Многу е нечесно и злонамерно да не се прави сосема јасна разлика меѓу она што се случуваше во развојните фази на НОФ и АФЖ: раководени од КПЈ и КПГ.

Фактите, говорат, дека по масовните насилно мобилизации во Македонија во единиците на ДАГ беа регрутирани повеќе од 16 – 17 илјади Македонци и тие преставуваа повеќе од 60% од вкупната бројка на активните борци во Демократска армија. Но треба да се знае дека повеќе од 12 – 14 илјади служеа надвор од етничкиот дел на Македонија, т, е низ цела Грција и тие немаа никаков допир со организациите НОФ и АФЖ. Сите тие борци, немаа никакви можности: ниту да зборуваат на македонски, ниту да запеат, ниту да се организираат во некакви македонски асоцијации.

Ете како, кај Македонците идентитетот се губаше и исчезнуваше.

Тогаш, како да се објаснат таинствените патишта на црната политика, на злото, за масовното турнување на Македонците во тој пекол, посебно на македонската жена, во Граѓаска војна, која на Македонците му донесе искоренување?

Но, секој паталец се прашува: зашто овој автор (како и другите досега), не кажа дали таа војна за нас Македонците беше револуција или измама? За какво македонско прашање се

зборува по Втората светска војна? Чии беа тие високи политики што ги спроведуваа НОФ и АФЖ? Македонски…!? Или на тугинците им ги реализиравме своите строги определби (со Букорешкиот договор 1913) спрема македонското прашање и Македонците, за ново планирано пресуредување до фаза на геноцид.

Со овој труд, авторот ни покажа дека направи ЕМОЦИОНАЛНО ПРОЧИСТУВАЊЕ - КАТАРЗА, и останува да живее со чувство дека ја победивме историската неправда - дека ние Македонците со НОФ и АФЖ направивме „ПАРЧОСУВАЊЕ НА ПРАНГИТЕ” (види: весникот „Незаборав” од 14 мај 1994 година), но од изнасеното се гледа дека тоа нее КРИТИЧКО ГЛЕДАЊЕ НА ИСТОРИЈАТА. Не доволно ја познавла глобализацијата на светската идеологија, пред Втората светска војна и по неа, или смислено не сака да признае дека НОФ и АФЖ се најдоа во менгемето на КПГ и КПЈ и чекореа преку тенка нишка (токму по моделот на идеологизацијата спроведен во практиката по Втората светска војна во Македонија под Грција). Особено: КПЈ и КПГ ширеа лажен оптимизам за националните интереси на Македонците во Грција. Во годините од 1944 - се до 1948 година ги држеа Македонците во контролирана конфронтација оневозможувајќи им во животот да решат многу национални битни прашања за опстанок, не за водение војна.

Авторот, повеќе зборува за последиците од Граѓанската војна, а не за причините. Не покажа веродостојни знајби за причините на Граѓанската војна, за духовната и идеолошката поделеност на Македонците и за тој период на време кога државите се најдоа под влијание на разни политички сфери (глобализација-световна идеологија) и тука се раѓаат прашањата кои следат и бараат одговор, токму од Евдокија Фотева - Вера - лидер на АФЖ. Со проблемите изнесени во оваа книга, Евдокија Фотева - Вера, ни покажува дека не изградивме вредносен суд за тој период од нашата историја. Нашата потреба е вистината за тој период, не за да го прикажеме минатото во светлина и да го исправиме, туку да не дозволиме во иднина да ни се повтори.

Ете тие се и основни причини што ме определија кон иследување на настаните со добри намери за сестрана оцена. Треба уште еднаш да се потврди дека, како прво ова книга е потполно автобиографска во смисла на позицијата КОЈ КАЖУВА И КАКО КАЖУВА (раскажува, прикажува, докажува со нужна потреба за личното - емоционално прочистување)? Изнесувајќи ги проблемите од последиците, многу сериозно и убедливо различните аргументи со една фантастична уверливост во Партијата и борбените дејања, не убедува дека таа била света работа… Но, современата цивилизација се базира на способноста и доблеста да се кажува се и ништо да не се смета за толку свето, за да неможе да биде критички изанализирано. Но, очевидно и факт е, авторот наш, спаѓа меѓу многумината тврди комунисти и го брани своето непоколебливо марксистичко становиште: „Кога ќе го слушне зборот капитализам - монархофашизам, веднаш го фаќам пиштолот!” Тоа значи дека била и останува толку политижки и идеолошки ориентирана дури и по 55 години остана со ненадминато страотно обременување со тешко наследство од 20 - от век, т. е „Векот на крајностите” што ги доживеавме ние Македонците. Затоа, денес кога пред нас (ние сите што ја преживеавме несреќата) ја имаме оваа книга, стои деликатна работа: реално да ги процениме причините и критички да ги процениме последиците од тие четири години исполнети со ненадмината бруталност, терор - геноцид.

Токму за овие и многу други прашања (кои се со умисла засенчени од повеќе автори кои беа од истиот ранг во Граѓанската војна и од официјалната македонска истрориографија), е една и останува како основа од најделикатните работи да се објасни ФЕНОМЕНОТ НА НАШАТА ПОДАНИЧКА СВЕСТ.

Исто така, многу се манипулира со ставот „Јас сум стар комунист и треба да имате посебна почит”, но одма се поставува прашањето: Дали комунистите Македонци во КПГ се бореа за самостојна независна и обединета Македонија? Но, исто така се поставува прашањето, дали тие можеа? Но, прашањето е што авторот на книгата „До пеколот и назад” се појавува како партиски идеолог и со нејзините интерпретации и

сознанија наметнува како единствени вистини, прикажувајќи се, притоа, како единствен „поклоник" на вистината. Но, со тоа врши „запечатување на фактите и прави доста искривени коментари".

Ако основните принципи врз кои се засновуваат нациите/државите се: територијалниот, државниот, историското и културното минато, етничкиот, јазичниот и на крај економскиот принцип, тогаш Македонските Комунисти како членови на КПГ практично спрема нивните прифатени програми, се откажаа од принципите: територијалниот и државниот. Тоа им беше наложено од КПГ, бидејќи таа се бореше исклучиво за територијалниот и државниот суверенитет на грчката држава и затоа остануваа (прифатени и неприфатени) само принципите: етничкиот и јазичниот, а исто така и историското и културното минато на Македонците. Што значи, сето наше (само) жртвување беше за една минимална програма што ја нудеше КПГ, посебно:" по 15 мај 1943 година кога во Москва, на иницијатива на Ј.В.Сталин е донесена одлука за распуштање на Комунистичката интернационала (Коминтерна), со што формално е признато правото на самостојно решавање на секоја комунистичка партија. Види: „Историја на македонскиот народ", Скопје 1988 година, страница 345."

ТАЈНИТЕ НА ЈУГОТ ЗА ЈУЖНИТЕ МАКЕДОНЦИ ВРЕМЕ Е ДА СЕ РАСТАЈНАТ.

ПОЛА ВЕК ГО ЧЕКАМЕ МИГОТ НА ПРЕИСПИТУВАЊЕТО, една вистина заробена во вечна тајна, но фактите говорат дека во егејска Македонија, злото не паднало од небото. Значи, цели 55 години ни се сугерираше дека треба да бидеме внимателни (спрема оние кои не турнаа во Граѓанаката војна), зашто токму тие луѓе ја создадоа македонската држава. Или ако ги обвинуваме и ги негираме тие луѓе, ќе сме ја негирале и македонската држава? Ова нели личи на историско назадувае?

Но, колку и да е болна вистината, таа треба да се каже во име на идните генерации кои не треба да бидат оптоварени со тешките идеолошки товари на минатото.

Во моето истражување сакам да ги отворам сите прашања кои досега немаа никаква надеж да добијат одговор.

Поаѓаки од тоа ако знаеме зошто сме претрпеле пораз, тој може да стане многу значаен, ако од него ја извлечеме корисната лекција.

ВО ОВА ВОЕНО ИСТОРИСКА – ПОЛИТИЧКА СТУДИЈА [3] ЗА ПОГУБНИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ФЕНОМЕНОТ НА ПОДАНИЧКАТА СВЕСТ, никого не бранам, оти не сум ни адвокат и суд. Јас не критикувам, туку го поствувам вистинскиот проблем, а работите ги гледам реално. Моето долгогодишно истражување за КОРЕНИТЕ НА ЗЛОТО, односно, сакам да се реставрира развојот на националната историја - посебно за Македонците под Грција. Кој ги намами Македонците под Грција во идеолошкито ГУБИЛИШТЕ?! Во кое се исчезнува, се губи глас, човекување - право и надеж за повторно враќање.

Но, морам да го кажам и тоа: одмна не ги сметам за историографи тие што својата вистина ја соопштуваа само тогаш кога се совпаѓа со таа на власта. Јас само сакам да кажам во какво страшно, трагично време сме живееле, а никои од македонските политичари не сака да каже: кои го донел злото во егејска Македонија. Како во едно време на лажни критериуми, комунистичката идеологија доминираше над разумот и македонскиот патриотизам се извалка со космолитизмот. Во вистинскиот пекол на Граѓанската војна, македонските раководства на НОФ и АФЖ треба да се знае дека тие беа: ЛИДЕРИ СО ПОЛИТИЧКА СТРАТЕГИЈА КОЈА НЕ ГЛЕДА ПОДАЛЕКУ ОД ЗАДУТРЕ, македонскиот народ го изведоа на слепиот пат и самите тие заталкани во бурјаните на примитивноста со идеолошка заслепеност, а македонските села и народот беа ставени под „бодликава жица”. Македонците во

---

[3] Моето долгогодишно истражување има за цел да открие: кој помогна (одмогна) на Македонците под Грција по поделата (1913), да си ги сочува (напушти) многувековните цивилизациски традиционални вредности на етничкиот простор и да се се дојде под ударот на тотален геноцид.

таа масовна психологија беа натерани во режим чие мото беше: „Во егејска Македонија (во македонските села) во кои владееа НОФитите и АФЖитите не смеело да се има Македонци кои се против нив, тие би биле нечесни Патриоти. Во таквата супер идеолошка позиција, јавниот простор ја губеше својата цел.” Последиците беа катастрофални за опстаникот на Македонскиот народ. Македонското семејство беше разбиено: мажите членуваа во НОФ, жените во АФЖ и младинците во НОМС. Со тоа семејството беше лишено и од патријаххалност и од матријахалност. Беа максимално ангажирани во агитационите пунктови за иднината што ја креираа НОФ и АФЖ преку директивите еднаш од КПЈ и потоа од КПГ.

Народот вели, секое време, свој сон. И своја илузија. Евдокија Фотева - Вера, како и нејзините соборци - раководители на НОФ и АФЖ, доживеале многу соништа и многу илузии. За секој се е чуено и видено. Ама неразбрано. Прашањето е колку до сега сакавме да чуеме, колку да разбериме од сите оние наши лидери - секој си го толкувал кажаното на свој начин. Тоа се случува и со Евдокија Фотева - Вера. Но, ако не се соочиме со реалноста на минатото, нема да бидеме многу среќни во иднината, дури и во средината на македонскиот народ во Р. Македонија.

Низ анализата ќе проследиме еклактантни докази за отсуството на македонската свест за нашето коленичење. По директивите на Тито, Темпо и Колишевски се поведувавме како полтрони, пред Захаријадис и Маркос изигрувавме сервилни итромани, дури сами сме се заборавиле. Намамени, заитавме кон ветената „иднина”, сме си ја заборавиле сегашноста. Едно е сигурно точно: сме оставиле обемно досје на „Здодевна историја”.

Ете така со години и децении, и во емиграцијата, но и во сегашноста живееме со страв да не ги навредиме тие што ни го нанесоа злото. А ние Македонците, великодушно и искрено ја прифативме нивната парола и со години крваревме. Таа парола во Граѓанската војна, ни имаше станато „рак рана” викајќи, ќе се бориме до смрт: „Да го победиме Англоамериканскиот фашизам”.

И кој знае уште колку години, ќе се расфрламе со недоквакани ветувања колку што сакаме но, ние Македонците еднаш за секогаш треба да сфатиме: дека имавме (и останува во нас да го имаме) невидливиот водач кој ни го покажува патот кон човековата несреќа. А ние уште и ден-денес живееме со паролата:

„НАПРЕД ВО БЛИСКОТО МИНАТОТО! ЗА "ГОЛЕМИТЕ ВАЗАЛСКИ ПОЛИТИКИ" И „УСПЕСИ" ВО ГРАЖАНСКАТА ВОЈНА!!?"

Македонците под Грција, членувајќи во редовите на КПГ, минаа низ три карактеристични фази.

Но, пред да ги анализираме фазите едно принципиелно појаснување: Ако основните принципи врз кои се засноваат нациите/државите се: историското и културно минато, територијалниот, државниот, етничкиот, јазичниот и на крај економскиот принцип, тогаш македонските комунисти како членови на КПГ, практично според прифатените програми, се откажаа од двата принципи: територијалниот и државниот.

ПРВА ФАЗА: Првиот дел од кариерата на авторот доброволно зачленување во редовите на КПГ и прифаќање на нејзинта програма и платформа. Политичкиот рејтинг на КПГ, односно левите сили во земјата (Грција) на парламентарните избори се движел како следи: на 7 ноември 1926 година КПГ добила 41. 928 гласови или 4, 38% на 19 август 1928 година добила 14. 325 гласови или 1, 41% на 25 септември 1932 година добила 58. 229 гласови или 4, 97%, а на изборите одржани на 5 март 1933 година добила 52. 958 гласови или 4, 44%.

Не може секој да одговори на тешкотиите и на бурите кои го пратат членот на една таква партија. Деца на работничката класа, деца на иднината, на борбата, деца на непоколебливоста и издржливоста и на херојските потези, само такви можат да бидат членови на партија.

Авторот Евдокија Фотева - Вера, ни кажува дека членувала во КПГ и се борела во воените редови на ЕЛАС и ЕАМ. Таа, тоа го

смета за патриотска должност и дека го застапувала ставот за решавање на „Македонското прашање во Грција” [4]

Каков бил ставот на Комунистичката партија по македонското прашање?

Во политиката на КПГ по однос на македонското прашање се карактеристични пет периоди:

1. Период на формирањето на КПГ (1918 - 1924 година);

2. Период од „Обединета и независна Македонија” (1924 - 1935 година);

3. Период на„Полна рамноправност на Македонците во рамките на грчката држава” (1935 - 1949 година);

4. Период(на манипулирање) на Обединета и независна Ммакедонија во Балканска федерација (од јануари 1949 - 10 март 1949 година);

5. Период на полна рамноправност на Македонците (од 1949 - 1988година);

6. Период на непостоение на македонско малцинство (Македонски народ во Грција) се до денес.

---

[4] Почетокот на македонското прашање некои западни дипломати го датираат од 1870, кога Русија ја принуди Турција да дозволи формирање на посебна бугарска справославна црква - Егзархија, со контрола врз деловите од турската провинција Македонија. Други, го застапуваат мислењето дека тоа прашање датира. од 1878, кога на Берлнскиот конгрес било извршено ревидирање на Санстефанскиот договор кој Русија и го наметнала на Турција по Руско - Турската војна. Со Сан - стефанскиот договор Бугарија ги добила границите што ги исполнувале бугарските национални соништа, и бил доделен целиот дел од Македонија под Југославија, вклучувајќи ги и Врање, Костур, Лерин, Острово и еден мал дел од Егејскаот Море, западно од Солун. на Берлинскиот конгрес Русија се откажала од Санстефанскиот договор, со што Македонија била вратена во рамките на Турција. (Види: Документи; Велика Британија и Македонија. (1944 - 1945).

Развојот на ставовите се мануваа како се менуваше етничкиот состав на населението. Имено:На шестиот конгрес на КПГ, во декември истата 1935 година, го потврди и утврди, според партиското издание ТО ККЕ АП ТО од 1931 - 1952, со следните изрази: „Ваквата промена не значи откажување од марксистичко - ленинистичкиот принцип за самоопределување на нациите… Населението во грчкиот дел на Македонија денес е грчко во своето мнозинство (тоа го велат по донесувањето на 660 илјади маџири и протерување на околу 80 илјади Македонци. По таквата промена ние Македонците во Грција од вкупното население од 10 милионско население преставувавме само 3,%) и марксистичко - ленинскиот принцип за самопределување бара во денешните услови старата парола - линија да се измени!" (с. 74). Истото и во весникот „Ризоспастис" е даден коментар и се вели: „На шестиот конгрес на КПГ во 1935 година, како обраэложење за сменувањето на политиката за обединета и независна македонија, "мнозинството" всушност го прифатило аргументот на "малцинството" дека по големите миграциони движњња меѓу Грција и Бугарија и Турција, грчкиот елемент во егејскиот дел на македонија е во мнозинство и затоа отфрлувањето на политиката за обединета и независна Македонија би било неопходно".

Еве уште едно конктретно објаснение на основната теза во комунистичкото движење:

„Комунистичкото движење, поради еден суштински ленински историски дискунтинуитет, решавањето на националното прашане не го става врз принципиелна основа (секогаш да одговара на интересите на поробената нација), туку врз тактичка основа (да одговара на т. н класни интереси што секогаш одговараа со државните интереси на доминантната нација) и со тоа во суштина се негираше правото на самоопределување на народите".

Значи , највисокиот плафон што го гарантираше КПГ беше: „Полна рамноправност на Македонците во рамките на Грција" и ништо повеќе, другите настојувања се покажаа дека биле јалови и БЕСМИСЛЕНИ ИЛУЗИИ за влегувања во било каква

заедничка борба (посебно во Граѓанската војна кое се покажа дека тоа е една голема измама).

Зарем, тешко е да свати дека со овој нов став КПГ својата политика по националното прашање ја стави и подреди во служба и интерес на грчките национални и државни интереси. Со тој акт на Македонците од егејскиот дел на Македонија им беше скратено правото да ја обединат својата борба со борбата на Македонците од другите два дела на Македонија за национално ослободување, обединување и државно конституирање.

Значи „Братските", комунистички партии (бугарската - КПБ, југословенската - КПЈ и грчката - КПГ) не биле толку недоветни да не подржуваат за да одделат дел од својата проширена државна територија, со македонски дел.

Туку, конкретно, нашата борба за извојување на малцинските права беше ограничена во грчката држава.

Дали во програмата на ЕЛАС [5] не имаа нас Македонците?

---

[5] ЕЛАС - ЕЛАСИТИ (припадници на оваа војска се викаа „андартес" - што кај Македонците асоцираше на злогласните дела против македонскиот народ од постилинденскиот период на грчките андарти организирани и вооружени во Грција и испраќани во Македонија со нож да го шират грчкото влијание. На 6 април 1941 година во истовреме Германија изврши напад против Југославија и Грција и сега во Грција се јави нов господар, со нови фашистички погледи, а на 27 септември истата година е формирана организацијата ЕАМ (Народноослободителен фрона на Грција) и го повика целокупното население на Грција на отпор против фашизмот и за таа цел на заедничкиот состанок на ЦК на КПГ, бараат да се организира ЕЛАС (Грчка народноослободителна војска) и дури на 15 февруари 1942 година се појавуваа воените единици на ЕЛАС - Еласити. Во Костурско беше формиран првиот одред на ЕЛАС на 7. 12. 1942 година и сочинаваа 10 Македонци, 7 Грци и двајца власи. ЕЛАС во цела Грција броаеше околу 70.000 борци, но на 16 јули 1943 година, раководството на ЕЛАС и шефот на англиската воена мисија, полковникот Еди Маерс потпишаа спогодба со која се потчинува грчката команда на ЕЛАС под англиската команда за Блискиот Исток, а на 12 февруари 1945 година, во Варкиза е потпишан договор со кој прекрично левицата(КПГ и ЕАМ) и ја предаде власта на десницата во Грција.

Да ја проследиме:

Програмата на ЕАМ (Национален ослободителен фронт, формирана на 27 септември 1941 година главно се состоеше во следното:

А) 1.Прогонување од земјата на германско-италијанскиот и на бугарскиот окупатор;

2. Воспоставување на интегритетот на Грција;

3.Самоопределување на Кипар, Додеканезите и северен Епир. А каде сме ние почитувани Еамити? и

4. Стратешко регулирање на северните граници на Грција (значи им требаше уште малку македонска земја на овие сојузници). Види: весникот “Махитис”, орган на комитетот на ЕЛАС од 10 февруари 1944 година, во коментарот: ЕАМ е националното прашање. Зарем и досега уште да не знаеме, дека во програмата на ЕАМ апсолутно ништо не се предвидуваше за нас?

Б) Програмата на ЕЛАС (Грчката народноослободителна војска, формирана во Румели-како партизански одреди, на 15 мај 1942 година со исти цели, бидејќи тоа е решено на заедничкиот состанок со ЦК на КПГ и ЕАМ). Прогласот е упатен до граѓаните на Грција и до бившите офицери на грчката армија, познати по својот буржуааски сталеж, а ние Македонците за нив бевме само “Славофони”, никакви борбени сојузници, туку пак само живи војници, како и нашите татковци во претходните војни. Ние, за тој период можеби погромко ја пеевме “Емброс ЕЛАС гиа тин Елада...” и ништо повеќе. Но,има уште еден непобитен факт за секој што бил ЕЛАСИТИН, и не треба да заборава дека дал свечена заклетва.

Тие наши комунисти, стапувајќи во редовите на КПГ и на ЕЛАС ја потпиша следната обрврска: Види: заклетвата на Еласитинот во која гласи дека: ќе се бори за ослободување на татковината -Грција и за заштитата на интегритетот на грчкиот народ…

Второто заколнување:

ЗАКЛЕТВАТА НА ЕЛАСИТИНОТ: “Се колнам дека ќе се борам до последната капка на мојата крв за потполното ослободување, стабилноста и независноста на Грција. За зачувување на интегритетот на грчкиот народ и воспоставување поредок и ред на основните човечки права. За оваа цел ќе се починам на дејствијата и решенијата од наредбите на ПЕЕА и ќе ги извршувамсовесно и дисциплинирано, сите наредби и упатства од претпоставените и ќе ја одбегнувам секоја постапка што ќе ме прави недоверлив како личност и како борец спрема грчкиот народ”).

Во тој период на време, ставот на комунистичката партија на Грција бил неизменет: „На Третиот Пленум на ЦК на КПГ во март 1935 година, на место ставот: право на самоопределување до отцепување од Грција, односно обединета и независна Македонија, усвои нов став: Целосна рамноправност на малци - нствата во рамките на грчката држава... за какво македонско прашние се борат Македонците кои стапија доброволно во КПГ и во ЕЛАС?!

Положбата на Македонците во Костур и костурските села во Втората светска војна по окупацијата на Италија.

Со етничката промена на населението, т. е со донесувањето на колонистите од Мала Азија од кои, сега Макеоднците имаа посебно тероризирање од нивна страна и од страна на организацијата ПАО, во која членуваа исклучиво грчки националисти. Тие секојдневно организираа разни рации и пљачкања (на добиток, жито, сирење, маст и други продукти) и измачувањата над македонското население кое е од најнезаштитените, па дури ни од италјанските власти намерно обвинувани за Комунисти и кои биле апсени и тепани до смрт, за разлика од Грците кои биле затворани како Комунисти но сепак биле ослободувани. Во тоа време беше и проблемот со најдефицитарните неопходни продукти кои многу тешко македонските селани можеа да ги набават (Сол, шекер, Масло, газија и др.) и со години биле недостапни. Неколку преставници

од селата, побараа од италјанските власти објаснение и подршка да бидат третирани како сите граѓани. Затаа цел барале да им се дозволи да оформат „МАКЕДОНСКИ КОМИТЕТ" за Костурско кои преку италијанските власти ќе ги остваруваат своите граѓански права. Така, на 5 март 1943 година во Костур е формирана првата вооружена воена единица - Костурски Комити во Македонија под Грција. Тие набрзо се појавија во 54 села и нивнита бројка беше 9850 вооружени селани (само за отпор) наречени МАКЕДОНСКИ КОМИТИ за одбрана од вооружените грчки националистички банди, кои во 1943 година во Западна Македонија растураа летоци со застрашувачки пароли, против Македонците.

На кого најмногу им пречеа МАКЕДОНСКИТЕ КОМИТИ и со каква цел беше формирана СНОФ и од кого? Види: Историја на македонскиот народ, том петти, стр. 449.

Се вели: "...Втората македонска антифашистичка органиција што се појавила во егејскиот дел на Македонија во Втората светска војна била СНОФ.

Во тој период на време, настојувањето на Велика Британија во 1943 година да го стави под своја контрола грчкото движење на отпорот (ЕАМ и ЕЛАС), преку склучениот договор од 5 јули 1943 година со кој ЕЛАС ја прифатила командата на сојузничкиот штаб за Средниот Исток, неуспехот на преговорите во Каиро на делегацијата на КПГ и ЕАМ со владата во бегство за постигнување политичко единство и формирање коалициона влада во август 1943 година, беше конкретно: вооружувањето на еден дел од Македонските комити... По не успехот, обрврските што ги презел лидерот на КПГ, Сантос (побарал помош од Темпо). Во разговорите со Темпо во август 1943 година и упорните барања на Македонците, биле основните фактори што го потикнале раководството на КПГ да го дозволи формирањето на македонските политички организации и воени формации".

Многу идикативно е прашањето: зошто генералниот секретар на КПГ Сјантос, не преговара со Македонците, туку бара да преговара со висок преставник на КПЈ - Југославија? Дали

македонските комунисти на тоа реагираа? Не! Тие веќе беа влезени во вештите комбинации на Темпо, кој и самиот се покажа: како чувар на границите на кралска Југославија и ништо повеќе. Тој беше за новото: македонско движење соројугословенска историска тенденција. Грците, сега, му веруваа на Темпо оти од КПЈ се беше потврдено со елиминирањето односно отстранувањето на генералниот секретар на КПМ Методи шаторов – шарло [6] и повеќе не постоеше можност за остварување на идеите на шарло за некакво духовно обединување на Македонците од целокупниот етнички состав на Македонија.

За нас Македонците (посебно од егејскиот дел), по ова стана јасно дека било каква акција да превземеме за обединета Македонија, ќе бевме дочекани на нож од КПГ И КПЈ.

Значи, сега се беше на политичко - партиско и државничко рамниште на Грција и Југославија. Но, со иста цел беше сторено и со Албанија, кога на 20 јуни 1943 година во Главниот штаб на НОБ на Албанија беше потпишан протокол „за тесна воено политичка соработка" од преставниците на Југославија (КПЈ) Светозар Вукмановиќ - Темпо, Албанија (КПА) Енвер Хоџа и Грција (КПГ) Верверис.

А токму, за таквото ниво на разговори инсистираше владата на Папандреју во Каиро. Имајќи предвид дека тоа ниво го има прифатено и решено Југославија со смената на шарло и целокупното партиското раководство на КПМ и новата платформа. Владата на Папандреју од КПГ и ЕЛАС, бараше да не прифаќат никакви компромиси со Македонците: било да се од Егејска македонија или од вардарска Македонија, оти би имало историски последици за грчката држава и нејзиниот

---

[6] Шаторов, Методи - Шарло (Прилеп 1897 - Бугарија, септември 1944). Од крајот на Првата светска војна емигриант во Бугарија. Член на БКП од 1920. Во 1929 емигрира во СССР. Од пролетта 1940 до септември 1941 секретар на ПК КПЈ за Македонија. Се застапува за формирање на сопствена македонска држава и обединување на Македонија. со потенцирање на македонска национална индувидуалност. Отстранет од функцијата секретар (по налог од Тито и го заменува Колишевски) по разрешувањето на спорот меѓу КПЈ - БРП - Коминтерна за припадноста на ПК

суврenитет. Незнам, што уште требаше за да сфатат македонските комунисти од Македонија под Грција дека тие веќе за КПГ и ЕЛАС не преставуваат политички субјект (туку лажен привремен) и дека беа само намамувани од Темпо.

Значи, ТРЕБА ДА СЕ ПОДВЛЕЧЕ: решението го договорија преставниците на КПГ и КПЈ, пак во рамките на Букорешкиот договор Југославија - Грција.

Тоа за нас Македонците значеше: Бранејќи ја комунистичката идеологија, го изгубивме за невек идентитетот и дедовите огништа. Нашата судбина е наша судбина и моравме да ја земеме во сопствени раце, оти сурово е кога луѓето не сакаат сами да господараат со својата судбина, тогаш како што вели нашиот народ судбината загосподарува со нив.

Така и се случи: со првото братојадство

***

Конкретно СНОФ беше организиран, но не од Македонците. Грижа или манипулација? Види: книгата „Паскал Митревски и неговото време (1921 - 1978), стр. 20.

„СНОФ - (Словеномакедонски народен ослободителен фронт) формиран на 20 октомври 1943 година во селото Сничани, Костурско од секретарите на обласниот комитет на КПГ за Западна Македонија: Христос Клфас - Андреас и секретарот на окружниот комитет на КПГ за Костурско Андонис Андонопулос - Периклис, како и секретарот на Окручниот комитет на КПГ за Кожанско Танасис Карцунис. Сето тоа беше со умисла да ги разбијат и привлечат комитите со уверување дека веќе формирани се македонски организации. Но тие организации како СНОФ и други, беа расформирани на 26 септември 1944 година. Со потпишувањето на договорот во Казерта. Со овој договор, дефинитивно беше запечатена судбината на левите сили и Македонците во Грција, на кои најмногу се надеваа и им веруваа Македонците."

„…Политичката програма на СНОФ, која преставувала платформа за заедничка борба на македонскиот и грчкиот народ. Мобилизација на македонските маси во единиците на ЕЛАС за оружена борба за полн разгром на окупаторите.(Стр. 450).”

Во книгата „Југословенскиот комунизам и македонското прашање” од Стив Е. Палмер и Роберт Р. Кинг, Арцхон Боокс, 1971, стр. 94-95; пишуваат: „Во почетокот на месец мај 1943 година Темпо воспоставил контакт со грчките комунисти, во еден обид да ја воспостави доминацијата на КПЈ во Егејска македонија, што тлеел поради репресивните мерки на Матаксовата диктатура пред војната, бил распален со тоа што италјанските окупатори организирале специјална словенска жандармерија (се мисли на Костурските Комити, моја забелешка) што вршела напади против Грците. Бугарските агенти (Костурските Комити) добиле одврзани раце и бидејќи нивното влијание било опасно за плановите на КПЈ за Македонија во рамките на Југославија, Темпо сугерирал дека би било добро да им се дозволи на Титовите агенти (Македонците во редовите на ЕЛАС и на КПГ) да ги организираат и водат Словените во Грција. Грците одбиле. Но, Темпо сепак ја навел Врховната команда на грчката народноослободителна војска (ЕЛАС) да дозволи грчките македонски Словени да се организираат во Словенски народноослободителен фрон (СНОФ). Иаку командата на ЕЛАС веднаш се согласила да ги здружи воените акции со акциите на Југословенските партизани,таа, се разбира, не била воодушевена со формирањето одделни единици составени од грчки Словени, поради тоа што тој потег се чинело како да ги највува усилбите на Југословените да создадат голема Македонија. Прашањето за можноста Грција да ја загуби Егејска македонија била главната црна точка на грчките комунисти. Согласноста со еден таков предлог, без оглед колку тој да е камуфлиран со планови за некој вид балканска комунистичка федерација, најостро би ја довела во прашање нивната масовна подршка.

Во своето писмо до ЦК КПЈ од 8 август - Темпо го пренел и инсистирањето на грчките комунисти да се зачува дискреција во однос на ова прашање: „Грчката партија го има следниот

став во однос на прашањето за македонија. македонија т. е. македонското малцинство во грција ќе добие слобода и ќе биде обезбедено од секакво национално угнетување. Тие не му признаваат никакво право на самоопределување на овој народ.”

Несфатливо е нашето братојадство (потикнато од Сјантос и Темпо), дури и до ден - денес, како сме могле и самите (учесниците во редовите на ЕЛАС) да учествуваме во уништувањето на една компактна целина организирана од 64 костурски села, со повеќе од 9. 800 вооружени македонски комити кои застанаа храбро и достоинствено против грцизмот и не сакаа да ја прифатат елинизацијата и да се откажат од националниот идентитет. Наместо да го валоризираме како национален отпор, во нашата историја го оцрнавме преку сите можни идеолошки етикетирања. Но, што е за чудо, во новиот поход, пак масовно ги ангажираме (од сите тие што останаа живи или нивните синови), но сега како добри синови на партијата…

Појавата на комитите е неверојатен миг на македонската стварност, на место да имаме почит и достоинство спрема сопствениот народ, ние повово влегуваме во политички игри со тие, кои најмногу го носеа гревот за уништување на костурските комити.

Ако земеме предвид, дека во светот, нема нација која срушила нешто што е било создадено (автоктоно) од сопствениот народ, тогаш ние Македонците сме први. Токму за гревот на македонските костурски комити.

Но, треба да знаеме, дека комитите се тие кои ја доживееа најстрашната дискриминација од грчката држава што ја спроведуваше спрема Македонците, дури и пред да се родат, а од родната (сопствена) историјата се заборавени, па дури и непро-мислено анатемисани. Поделбите на “…фили” или “…мани”, кои во повеќето случаи вештачки се одржуваат (потикнувани од тугинците) срамно и понижувачки зборуваа за нашиот народ.

Истотака во „Историјата на Македонскиот народ, том третти, стр, 450, се вели:

„Окружниот комитет на СНОФ за Костурско и официјално го постави македонскот национално прашање пред Комунистичката партија на Грција на основа „Атланската повелба”. [7] Тоа го сторил преку својот член Лазо Дамовски - Ошенски, кој на 24 јануари 1944 година упатил писмо до Западномакедонското биро на КПГ (Исправно треба да биде: Биро на КПГ за западна Македонија). СНОФ барал КПГ да му го признае правото на самоопределување и обединување на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија, односно заедно со другите два дела на македонија, да формира своја македонска држава. Во писмото на Ошенски, во кое се изразува ставот на окружното раководство на СНОФ за македонското национално прашање, презентирани се две идеи: правото на самоопределување и правото на обединување на трите дела од Македонија”.

Понатака на стр 452 се вели: „И покрај тоа што раководството на КПГ и ЕАМ се до април го користеле СНОФ за свои политички и воени цели, пре се во пресметка со комитското движење, при што биле постигнати значајни резултати, кон крајот на април тоа го сменило својот однос спрема фронотот. Имено, во почетокот на мај ПБ на ЦК на КПГ донело одлика за расформирање на СНОФ и неговите членови да влезат во редовите на ЕАМ.”

Мал коментар: Македонските историчари (посебно Ристо Кирјазовски) пишуваат дека судирот бил меѓу македонското раководство и раководството на КПГ (ЕАМ, ЕЛАС и ДАГ). Тоа

[7] Во 1941 година Британскиот премиер Вистон Черчил и председателот на САД Франклин Рузвелт се сретнаа на еден брод во Атлантикот,каде што ја фолмулираа и на 14 август ја потпишаа прочуената „Атланска повелба“,чии начела ги прифатија и Обединетите нации во својата Декларација во 1945 година. Во повелбата меѓу другото се истакнува дека територијалната промена мора да биде во согласност со слободното изразената волја на народодт, народите имаат право да си избираат за себе облик на владеење по волја и тоа право треба да им се врати на сите, и се предупредува дека народите во светот мораат да се откажат од употреба на сила.

не е точно: ние Македонците никогаш не разговаравме со високите органи на ЦК на КПГ, туку се расправавме со локалните грчки раководители во Костур, Лерин и Воден, кои беа делегирани од КПГ и ЕАМ. Ние Македонците, никогаш организирани не ги поставивме следните прашања кои имаа витално значение за опстанокот и зачувување на многувековната цивилизација на нашите предци. Ние Македонците, организирано пред грчката држава и меѓународната јавност не го поставивме проблемот на етничките промени со носењето на 640. 000 маџири од Мала Азија. Не го поставивме проблемот за обрските што ги имаше Грција по поделата на Македонија за грижата, правата и развојот на Македонското домородно население.

Но, уште еден од посериозните историографи што вели. (Види: "Н.М." 20.08.1994 година). "Кон половината на 1944 година состојбата во Егејска Македонија за македонските комунисти станала неподнослива. Грчките комунисти, насочувани од англиската разузнавачка служба, преземале бројни мерки за да го задушат македонското народноослободително движење:

Забраниле примање на нови борци во македонските баталјони под изговор дека таа војска била несигурна;

Го растуриле македонскиот национален-ослободителен фронт во Грција;
Забраниле секаква пропаганда на македонски јазик во Грција;

Го забраниле истакнувањето на правото на самоопределување на Македонците;

Наредиле македонските баталјони, кои веќе биле формирани, да се повлечат кон јужна Грција. Сите наведени мерки имале цел да се задуши македонското национално-ослободително движење.

Меѓутоа, таквите насоки на грчките комунисти биле насетени, па македонските баталјони успеале да се повлечат на територијата на Вардарска Македонија, барајќи заштита. Истовремено, во Главниот штаб на НОВ и ПО на Југославија

допатувала и делегација Македонци од костурската, леринската и воденската област, која донела бројни документи за теророт и злосторствата кои ги вршеле грчките партизани ЕЛАСИТИ над македонскиот народ во текот на минатите три години...” Текстот носи наслов: “Комунистот против комунистот.”

ВТОРА ФАЗА: Вториот дел од кариерата на авторот Евдокија Фотева - Вера: Кога со поголема група Македонци кои ги напуштија редовите на ЕЛАС и поминаа во редовите на Титовата армија, од штабот на ЕЛАС беа прогласени за дезертери. Сега раководена од КПЈ/КПМ.

Највтетично за овие настани пишува Наум Пејов [8] - Чакаларо во својата брошура: КОСТУРСКИОТ БАТАЉОН ВО СОСТАВОТ НА ПРВАТА МАКЕДОНСКА НАРОДНО ОСЛОБОДИТЕЛНА БРИГАДА , Декември 1985, Скопје.

Тој пишува: „…во егејска Македонија, беше оставерен маршот на единиците на НОБ и ПОЈ на Југославија пролетта 1944 година од Крацова за Караорман во средината на април (токму на ден Велигден). Една воена единица на македонските партизани со Главниот штаб беше одседната во селото Бапчор Костурско. Од истите борци беше организиран митинг на кој говореше преставникот на штабот жоре Белковски. Тој, во својот говор истакна дека со оглед на двоумењето на македонските селани од овој крај да стапуваат во редовите на ЕЛАС, тие можат да доаѓаат во единиците на НОБ и пој на Југославија во вардарска Македонија. Таквиот став веројатно беше продиктиран од оценката дека Македонците од Егејска Македонија со недоверба гледале во грчкото движење и не сакаат да стапуваат во неговите редови. Таквиот став кај Македонците од Егејска Македонија да можат да стапуваат во

---

[8] Наум Пејов, роден е во селото Габреш, Костурско, во 1919 година. Член беше на КПГ од пред војната. Во 1939 година е уапсен од грчката полиција. Во НОВ е од 1941 година. Командант е на партизанскиот македонски одред „Лазо трповски“. Член е на окруниот комитет на СНОФ за Костурско. Ја раководи групата борци што ги напуштија воените редови на ЕЛАС и преминаа во Вардарска Македонија во мај 1944 година. Заменик командант е на Првата егејска бригада. По војната зазема разни високи политички и државни функции во СР Македонија.

редовите на НОб и ПОЈ предизвика живо интересирање. По ова објава, веќе неколку селани од селото Трсје леринско, веднаш доброволно им се приклучија на овие единици.

На споменатиот митинг во селото Бапчор, со писмо од Анести Пановски бев поканет да присуствувам и јас Наум Пејов, тогашен секретар на организацијата СНОФ за Костурско. На тој митинг беа преставници ЕЛАС од одредот на Вичо, а преведувач на грчки, беше Анести Паносвски. Кога Грците дознаа, тие тоа го примија со големо незадоволство и бараа начин, тоа под итно да се спречи.

...По завршувањето на митингот Јас (Наум Пејов) се сретнав со преставниците на Главниотштаб и поширокото раководство на Главниоштаб Киро Гергиевски - Дејан и посакав да разговарам за мотивите на тој став на НОВ и ПОЈ на Југославија и особено да прашам: дали тоа важи и за активните припадници на македоските борци од редовите на ЕЛАС. Ми беше нагласено од Дејан... „дека тоа првенствено важи за нови борци кои сакаат да учествуваат во антифашистичките војски, а досега не сакаа да стапуваат во ЕЛАС затоа што немале поверение во грчкоро движење и не го одобрувале грчкиот став по македонското прашање. Целта на оваа акција е да се искористи антифашистичкото расположење на овој народ и да се изврши широка мобилизација на доброволни борци. Но доколку и припадници од редовите на ЕАМ и ЕЛАС посакат да преминат во нашите редови, ние ќе ги примиме”.

...Следниот ден, продолжува Наум Пејов и пишува: на пат за седиштето на СНОФ во селото Крчишта, го сретнав македонските борци од одредот „Лазо Трповски”; Никола шалваринов, Димитар шишковски и Сотир Андоновски и ги запознав со ставот изнесен во селото Бапчор од страна на жоре Велков дека е можно да се приклучат на НОВ и ПОЈ на Југославија. Истиот став го изнесе и пред Лазо Дамовски - Ошенски, Лазо Поп Лазаров и Паскал Митровски. Но тие пројавија двоумење и побара проверка на таквиот став и се согласија дека треба да се појди до Главниот штаб на Македонија во селото шулин - Преспа. За одење во јавката на селото шулин - Преспа заминале со Наум Пејов: Никола ши

шковски, Спиро Лазовски, Ристо Јанкуловски, Благој Даскалов и Кича Балева.

Грута откако стигнала во селото шулин, се одржаа потребните разговори со Дејан, атоа беше во првата декада од (4 - 5 мај месец 1944 година) и групата се врати назад. Во шулин остана само Кича Балева (сега: Евдокиај Фотева - Вера), бидејќи се оцени дека на групата и престој многу деликатна задача, каде тербада се дејствува како поединци во строго илегални услови, па да не се изложува како женско на такви услови.

***

За создадената ситуација, комесарот на одредот „Вичо", Харалабос Хараламбидис - Атанатос во тој период на време поднесе рапорт (со детален опис за одржаниот митинг и за ставот и повикот за мобилизирање на нови и стари партизани од редовите на ЕЛАС) до Главниот штабот на ЕЛАС, за: „Политиката на српско - македонските партизани на НОВ и ПОЈ на Југославија во април месец на грчка територија: од Караџова - Преспа". Види: Збирка Егејска Македонија во НОБ 1944/1945 , том 1 стр. 135 - 239.

***

Пејов, понатака објаснува: „…По враќањето од штабот на НОВ и ПОЈ, групата пристигна во Костурско со цел да им пренеси на сите Македонци кои сакаат да ги напуштат единиците на ЕЛАС и да преминат во единиците на НОВ и ПОЈ, во муграта во месноста „Киприеви ореви" кај селото Габреш на 8 мај беа арестовани и разоружани од единиците наЕЛАС: Наум Пејов, Спиро Лазаровски и Никола Шалваринов и спроведени во селото Д'мбени и им било речено дека треба да им се суди како на дезертери за предавство. На 9 мај под стража, групата била префрлена во седиштето на СНОФ во селото Крчишта.

Во Крчишта, биле пречекани од секретарот на окружниот комитет на КПГ, за Костурско Андонис Андонакис - Периклис и други преставници на ЕЛАС. Но, исто така пристигнале и голем број членови на СНОФ и многубројни селани, кои барале

да ги ослободат. По долгите консултации, биле условно ослободени, но сега биле под силен надзор од активистите на КПГ и од единиците на ЕЛАС.

Ситуацијата станувала се по неподмнослива, особено кон Македонците кои служеа во редовите на ЕЛАС. Имало и такви реакции, од Еласитите со кои се бараше поново да ги уапсат и обезоружат сите сомнителни Македонци во редовите на ЕЛАС.

Под такви околности на недоверба, Пејов пишува:
„…Кверината на 15 спроти 16 мај 1944 година во селото Поздившта под драматични услови се издвоивме околу 30 - тина борци од одредот „Вичо" и се упативме кон планината Мали - Мади кон Преспа. Бројот на борци нарасна до 80 борци и продолживме до Главниот штаб на Македонија во селото шулин - Преспа. Тука не прими политичкиот комесар на бригадата Наум Наумовски - Борче, се направи план и добивме распоред за во Караорман и таму влеговме во составот на Првата македонско - косовска бригада.

Реакциите од штабот на ЕЛАС и КПГ, беа остри и тие прогласија итна потера по пребегнатите и таквите реакции биле упатени не само до Главниот штаб на Македонија, туку и до Главниот штаб на Југославија и КПЈ и лично до Јосип БРОЗ - Тито.

Со преминувањето на групата борци од редовите на ЕЛАС од Костурско во Караорман, кои и беа вклучени во единиците на НОВ во Вардарска Македонија, се судрија две тактики на две комунистички партии. Комунистичката партија настојува да и бидат вратени „дезертерите" за да бидат „примерно" казнети.

КПЈ, од друга страна, пребегнувањето на групата го сметаше за нивна лична желба и се сложуваше да се најде решение и да се вратат назад во редовите на ЕЛАС и КПГ да го дозволи формирањето на одделни македонски единици во составот на ЕЛАС во Воденско и Леринско - Костурско. Види „Македонците под Грција во борбата против фашизмот 1940 - 1944), стр. 168: Во договорот со ЕЛАС и КПГ учествуваа делегати на Врховниот штаб на НОВ и ПО на Јгославија

Добривое Радосавлевиќ - Орце, Петре Богдановски - Кочко и други. Тоа се случувало: во Воденско во селото Родиво на 7 јули 1944 година и во селото Поздивишта Костурско на самиот ден Илинден 1944 година, чија цел беше да се зацврстат уште повеќе врските за соработка и солидарност меѓу партизанските единици на Југославија и Грција.

***

По наредба на ПБ при ЦК на КПГ, Бирото на КПГ за Македонија ги задолжило командите на ЕЛАС да формираат, во рамките на својот состав, одделни македонски единици во Воденско, Леринско - Костурско. По наредба на лидерот на КПГ, Г. Сјантос, на 16 јуни 1944 година во с. Родиво се формирал Воденскиот македонски баталјон, а на 2 август 1944 година во с. Поздивишта (Костурско) Леринско - Костурскиот македонски баталјон.

Пребегнатите сега ги чекаше трансфер од Караорман во Костурско - Корештата.

Ете како тоа го опишува Наум Пејов: „…Костурскиот баталјон реши (или им било наредено?) од Караорман да замине за Костурско токму во последните денови од јули 1944 година и требаше директно да оди во селото Поздивишта - Корештата (Сега со баталјонот се врати и Авторот). Но баталјонот реши пред стигне во селото Поздивишта да помине низ селата во Преспа и потоа во селата В’мбел, Косинец и Д’мбени каде одржа и митинзи и го повикуваше народот да стапува во борба против фашистичките окупатори.

Во селото Поздивиште не очекуваше и преставникот на Главниот штаб НОВ и ПО - Југослвија Петре Богдановски - Кочко и преставникот на IX дивизија на ЕЛАС Ренос Михалеас. Тука тебаше да се разговара и договора со грчките преставници за реорганизација на баталјонот и формирање на нов Леринско - Костурки баталјон. На 2 август (ден Илинден) 1944 година во селото Поздивишта, беше организиран голем митинг и народот се повикуваше да стапува во редовите на овие македонски

баталјони, што беше во духот на спогодбата со КПЈ и ПОЈ и ЕЛАС и КПГ.

Имено, и покрај тоа што единицата од Караорман имаше стари комунисти (членови на КПГ), формирањето и командувањето на баталјонот не им беше доверено ним, туку на Козмас Аминдас (грцизиран арнаутин - арванитис) и Илија Димовски - Гоце. Тие едноставно биле деградирани."

***

Уште веднаш по своето создавање, Македонските баталјони добиле задача да пристапат кон ликвидирање на комитските формации. На 21 август 1944 година, Костурскиот баталјон нападнал неколку вооружени комитски села и успеал да разоружа поголем број комити. Кон крајот од август околу 300 комити од Костурско стапиле во Леринско - Костурскиот македонски баталјон, ценејќи дека се борат во македонска војска. Следело разоружување (и невидено братојадство), односно предавање на оружјето од страна на комитите.

За време и по братојадството, следеа обвинувања

Македонските екстремни ЕЛАСити им се заканувааа: „ќе ве уништиме комитски бугараши. Илинденски кучиња, затоа што сакате Костур и селата да им ги присоедините на Бугарија."

Комитите бранејќи се им одговараа: „Вие сте андарти - грчки кучиња. Одродени сте од нашиот народ. Уништивте и прекрстивте се што е наше и црква и јазик и имиња и места и ора и песни, се погрчивте. ќе ве колни народот и господ ќе ве казни. ...Ние сме тие и ќе останеме чувари на нашето вековно простмење."

Македонските умерени ЕЛАСити им одговараа: „Не, ние сме комунисти и овие Грци не се како оние андартите кои колеа и бесеа. Елате со нас. Ние сме македонска војска и се бориме заедно со Грците за доброто на македонскиот и грчкиот народ."

Казната и едните и другите по завршувањето на братојадствот ги стигна. Се откорнаа за навек.

Народот вели: „Тој што не си го сака и почитува своето, тој ќе биде искористен толку пати, колку им е потребен на тугинците!”

Иаку македонските баталјони совесно си ја извршиле задачата, на 2 и 3 август 1944 година централните комитети на КПГ и ЕАМ, на барање од советската влада соопштено преку Советската воена мисија во Грција, решиле да го прифатат Либанскиот договор и да учествуваат со свои министри во владата на национално единство предводена од Папандреу. Со овој потег грчкото партиско раководство се откажало од претензијата да ја освој власта со употреба на сила. Македонските бателјони станале пречка за реализација на оваа политика, бидејќи граѓанските партии што ја составиле владата не го признавале македонското национално малцинство во Грција. Глвниот штаб на ЕЛАС и КПГ, решија да ги расформираат македонските баталјони и повеќето од нив да ги распоредат (прекумандуваат) во длабината на Грција низ единиците на ЕЛАС и со тоа воопшто да не фигурираат македонски воени формации или било какви политички македонски организации. Таа вест Македонците ги вознемири и се создаде паника од разните гласини дека „Грците со тоа сакаат да ги ликвидираат.”

Ете накратко, така Македонците беа измамувани по уништувањето на комититеи, односно по организираното братојадство меѓу Македонците.

***

Првата бркотница од ФЕНОМЕНОТ НА НАШАТА ПОДАНИЧКА СВСТ ( приклонување кон КПГ или КПЈ) интересен е и податокот дека токму во таквиот расцеп се одвиваа сите тогашни парадокси. И едните и другите тврдеа дека се големи патриоти. Анализирајќи го феноменот на нашата поданичка свест, беа најдобри „Патриоти”, за кои сите други беа предавници и такви во СНОФ, НОФ, АФЖ, НОМС, КОЕМ,

Илинден и целокупното македонското движење ги имаше како плевел. Тие беа патриоти по професија, за секое ура очекуваа награда, сеедно дали од Главните штабови или од Партијата, во спротивно тие би биле предавници.

Се покажа дека секоја идеологија без исклучок води до насилие на мислата и сега таквата идеолшка интимност и двојните стандарди на душогризниците, Македонците ги правеа со различни визии, со различни копнежи за завземање на некаков положај. Се разбира дека ги очекуваше во секоја нова партија - нов свет, помалку ред и поверење. Но, тоа преставуваше голема работа да се пренасочи и да се доведе својот народ во заблуда и да ја очекува од тугинците националната слобода.

## НАРЕДБИТЕ НЕ ТУЖИТЕ БОГОВИ

(Чепкање по воените архиви. Види: „Егејска македонија во НОВ септември 1944 - февруари 1945. Том 4 книга 3, 1996 година, стр. 173 и 1. 74)

Преглед на настани:
4 октовмри 1944 година

Радиограма од Светозар Вукмановиќ - Темпо до ВШ на НОБ и ПОЈ за неправилниот став и однос на грчкото раководство на отпорот спрема Македонците од егејскиот дел на Македонија.

Радиограма бр. 35.

Грците повторно настојуваат да ги разбијат Македонците во Грција. Им забрануваат и со оружје им пречат да мобилизираат нови борци во македонските единици. Сменија Македонци од раководни места и поставија Грци. Апсат раководители, убиваат невини луѓе, забрануваат песни за Тито и други наши песни.

Ги советуваме Македонците да преминат кај нас (Југославија) и да не дозволат да ги разбијат и да ги апсат. Ќе примиме и некои раководни другари, авторитетни Македонци и ќе формираме делегација со доказен материјал за Гш на Македонија.

Темпо.

***

5 октомври 1944 година.

Радиограма од Александар Ранковиќ до Светозар - Темпо со која наредува да не праќаат единици на НОВ и ПОЈ на Југославија во Егејска Македонија.

Радиограма бр. 3.

За сега да не праќате единици во Грција. Доставете конкретни податоци за да вложиме протест кај претставникот на Грција (Преставник на ГШ на ЕЛАС и на ПЕЕА во Вш на НОВ на Југославија беше Андреас Џимас.)

***

6 октомври 1944 година.

Радиограма од Светозар Вукмановиќ - Темпо до ВШ на НОВ и ПОЈ, со која известува за репресиите на ЕЛАС врз Македонците од егејскиот дел на Македонија.

Радиграма бр. 43.

Поради тоа што повторно започна масовен терор на грчките партизани врз македонските единици во Грција, го проучивме прашањето за испраќање на наши единци во Грција со цел да се борат против Германците и заради заштита на нашето население.

Темпо.

***

Едно утро радио Лондон, емитуваш извештај од капетан Еванс, Хачисон Патрик. Написот беше посветен на македонското

ослободително движење во областа на Флорина и Касторија, и забележува:

“Во октомври 1944 година на ГОЧЕ (Илија Димовски) како КАПЕТАНИОС и практично командант на Вториот баталјон на ЕЛАС- овиот 28 полк, му беше наредено од ЕЛАС да замине за ВЕРМИОН (Дурла), тој одговорил „не”, ние сме МАКЕДОНЦИ и нашето место е во МАКЕДОНИЈА, но тој, јас верувам дека Вермион е помалку СЛОВЕНСКИ отколку областа ВИЧО, каде ГОЧЕВИОТ баталјон тогаш беше стациониран и каде тој прво го пополни него и родното место на ГОЧЕ е ВИЧО. Тој тогаш се побуни и замина за ПРЕСПА, подоцна за МОНАСТИР (Битола) и неговиот баталјот беше со него.

На овој баталјон му се придружи и командантот на одредот „Лазо Трповски” Чакаларо (Наум Пејов), тој со оружје заробено од Германците се бори против андартите, се изјасни дека неговата цел е независна МАКЕДОНИЈА, а не голема БУГАРИЈА. Имаше и веројатно има големо влијание на селата во близината на неговото село Габреш. Неговата чета беше нападната и растурена од единиците на ЕЛАС во средината на летото.

Се истакнува дека ПЕЈОВ бил комунист од пред војната, но тој бил разочаран од односот на КПГ и ЕЛАС спрема Македонското прашање. Тој уште во мај со група свои соборци заминал за ПРЕСПА во ГШ на НОВ и МОМ во селото шулин со цел да праша дали можат сите Македонци што се во редовите на ЕЛАС да поминат во редовите на Титовата армија. ДЕЈАН го примил и му дал засолниште, но осрто бил прекорен од ТИТО. ПЕЈО беше вратен назад од Титовите партизани, некои велат лично од ТИТО, во ЕЛАС кој го прати под амнестија во баталјонот на ГОЧЕ. Кога ГОЧЕ се побуни во октомври ПЕЈОВ му се придружи се до МАНАСТИРИ (Битола) и го подржа во сите акции.

На 17 октомври 1944 година”.

Кога дознал капетан Маркос, со старата омраза кон Македонците; се намршти и ги повикал сите штабови веднаш

да донесат решение и да испратат елитни единци за прогонување и фаќање.

Тој рекол: „Сега… Јас би ги гонел како тоа го правам и со Германците. Тоа е многу сериозно прашање. Тие можат да се разбунтуваат во нашите редови и ние ќе понесеме големи загуби…”

Во историјата на македонскиот народ, том петти стр. 483, се вели: „Четвртата дивизија решила да употреби воена сила за ликвидирање на баталјонот, во што ги ангажирала 27, 28и 53 полк на ЕЛАС и месниот резевен ЕЛАС. Пред големата надмоќ на ЕЛАС и да се избегна крвопролевањето, на 12 октомври 1944 година баталјонот ја напуштил територијата на Егејска македонија и се префрлил во Вардаска Македонија. Истиот ден и од истите причини тоа го сторил и Воденскиот [9] македонски баталјон. Вкупниот број на борците Македонци што се одделиле од ЕЛАС и се прафрлиле во другиот дел на Македонија изнесувал околу 2. 250”.

Според извори на КПГ, во редовите на активниот и Резервниот ЕЛАС се бореа повеќе од 25. 000 Македонци и Македонки. Види: Ристо Кирјазовски „КПГ и македонското национално прашање”, стр. 347.

Расцеп и сите мекедонски парадокси.

Во тој период на време настана една страшна подела на македонските комунисти во Егејска Македонија, а таа подела се одрази и во Граѓанската војна. Тие комунисти кои останаа во редовите на КПГ беа и останаа да ја подржуват линијата на Партијата која гарантираше: „полна рамноправност на македонците во рамките на Грција.” Сега низ историјата нив ги стретнуваме како „изроди” и гркомани (како што ги именува и

---

[9] По ова што се случи во костурско и леринско, на 10 октомври 1944 година, во Саракиново пристигна емисарот на Темпо, Рочко од Ваташа. Барал баталјонот да се стави под команда на Главниот Штаб на НОВ и ПО на Југославија. Види: Павле Раковски, Автобиографија - моите страдања, издавач АЕА, Скопје, 1995.

авторот на книгата), а тие што пребегаа со баталјоните во Титовата армиаја како „дезетери” и покасно во Граѓанската војна беа наречени „Титови агенти” и осудени од КПГ. Се се сведува на македонска работа. Но, во тој расцеп се одвиваа сите македонски парадокси. и токму тука, на тие ралации треба да се истражува ФЕНОМЕНОТ НА НАШАТА ПОДАНИЧКАТА СВЕСТ.

Сега со различни визии (за војна и безвојна - како мал и духовно необединет народ) и со различни копнежи. Контролиран процес, условуван, преиспитуван од корен. Мачно докажување од сите: кој од кого повеќе ја сака Македонија и Македонците. И сосем различно сфаќанија за иднината и опстанокот Македонците под Грција на своите многувековни прадедови огништа И со различна љубов и омраза се топоревме врз судбина на Македонија и Македонците под Грција.

***

Раковски во својата книга„ КП НА ГРЦИЈА И МАКЕДОНЦИТЕ” стр. 108 потрдува:

„Македонските единици на ЕЛАС беа прифатени од КПМ/КПЈ. Фактички македонското Народноослободително движење (НОД) од овој дел на Македонија мина под раководството на КПМ/КПЈ. Се конституира ПОЛИТИЧКАТА КОМИСИЈА ЗА ЕГЕЈСКАМАКЕДОНИЈА. Се формира „ПРВАТА ЕГЕЈСКА УДАРНА БРИГАДА” [10]

Се наметнува прашањето: дали со тоа поверувавме дека конечно и Македонецот ќе се почувствува достоинствено, ќе почне да ги остварува своите сониште за конечната победа на Егејска Македононија? Но, се до ден - денес никој не даде

---

[10] Во слободна Битола на 18 ноември 1944 година беше формирана „Првата егејска бригада“, од борците на двата пребегнати баталјони. На 28 декември 1944 година беше распоредна во Западна Македонија: Кичево, Гостивар и Тетово, со задача да се борри против балистичките банди на Џемо и Мефаил кои биле формирани уште за време на италјанско - германската окупација. Со специјална наредба под број 236 (строго доверлива) од марша лот Тито, на 2 април 1945 година побара расформирање на „Првата егејска бригада“

оцена: Каква национална и историска улога одигра фармирањето на Егејската бригата во Битола?

Со формирањето на Политичката комисија (на чии работни состаноци претседаваше преставник на ЦК на КПМ (раководеа Пекар и Минчев), како и на Првата егејска ударна бругада, македонскот националноослободително движење од егејскиот дел на македонија поминало под раководството на Комунististичка партија на Југославија (КПЈ), каде што се организираа во бригада во составот на НОВ и ПО на Македонија - Југославенската народна армија (ЈНА).

Односно: „Македонските единици на ЕЛАС беа прифатени од КПМ/КПЈ. Фактички, НОД (националноослободителното движење) од овој дел на Македонија мина под раководството на КПМ/КПЈ”.

Значи, во ваквиот еволутивен историски процес, се роди и македонското движење со пројугословенска ориентација и го официјализира ставот: “Обединета и независна Македонија НЕ! Туку обединување и на другите делови на Македонија (Пиринска и Егејска Македонија) во рамките на Југоцславија (кон мајката земја)”.

Значи, Вардарскиот дел да се прогласи за „Пиемонт„ на обединувањето во составот на СФРЈ. Таквиот став покасно го става во програмата и НОФ (организирана и оформена 1945 година од КПМ/КПЈ) и се вели: „Организирање на борбата на македонскиот народ за премостување на вештачкиот јаз помеѓу Македонците од сите делови на Македонија, а особено со Македонците од НР Македонија којшто претставува „Пиемонт„ за целосно ослободување и обединување на македонскиот народ”.

Основна суштина на тие цели била: тесно поврзување народноослободителното движење во вардарскиот дел на Македонија со ослободителната борба на другите народи на југословенскиот простор. Но треба да се има предвид и политиката на КПЈ, која имала огромно влијание на македонските комунисти во Вардарскиот дел на Македонија.

Значи, ставот на ЦК на КПЈ настојувал тежиштето на националноослободителната борба да го канализира во заедничка борба со сите југословенски народи.

Официјалниот став на Југославија

На средбата со грчката партиска делегација во Белград, предводена од членот на ПБ на ЦК на КПГ Анастасијадис, одржана на 12 ноември 1944 година, Јосип Броз - Тито рекол дека прашањето за обединување на егејскиот дел на Македонија со другите делови на Македонија не треба да се поставува и дека Југославија нема ништо заедничко со тоа. Главна задача на во моментот била да победи НОД во Грција. Види: „Историја на македонскиот народ”, том петти, стр. 482.

Понатаму се вели: Со поразот на ЕЛАС и по договорот во Варкиза на 12 февруари 1945 година, се создала нова ситуација во Грција и во егејскиот дел на Македонија. Анастасијадис, барал расформирање на Првата егејска ударна бригада, а тоа било сторено со наредба број на Гш на НОВ на Македонија донесена на 2 април 1945 година. Види: исто на стр. 483.

Не знам зошто, авторот Евдокија Фотева - Вера тоа прашање не го објаснува, дали цени дека не е од битно историско и политичко значење?

Зарем ова нели е колективен и масовен измамнички чекор кон ФЕНОМЕНОТ НА ПОДАНИЧКАТА СВЕТ?!

Се потсетувам на една стара народна приказна во која се вели: „Земјата не му припаѓа никому, туку ние и припаѓаме нејзе.”

Треба ли многу разум за да се разбере длабоката филозофија на оваа приказна. Знам, од полувековното искуство, ако човек ја напушти својата земја, тој веќе не и припаѓа нејзе.

Ставот на ЕЛАС и КПГ [11]

[11] Партискиот весник „Лаики фони” објавувајќи го фамозното интервју на Бакеруис му соопштува на светот дека се работи за “булгарофони Елини”, а врховниот командант на ЕЛАС, генерал Стефанос Сарафис, во својата

“На 16 октомври 1944 година, со наредба (потпишана од командантите на ЕЛАС: Еврипидис Бакирџис и Маркос Вафијадис) до армиските единици на ЕЛАС во Македонија и се однесуваше главно за уништување на германските армиски единици кои отстапуваа од југот на Грција, но се даваа и наредби за уништување на “Славомакедонските” баталјони кои имаа пребегано во Југославија. Тоа беше и ставот на КПГ. Тоа покажува дека во тој период Маркос не беше “Титоист” и не ги симпатизираше идеите за Обединета Македонија, во рамите на една обединета Балканска федерација (Види: „Студиес ин тхе хисторѕ оф тхе Греек Цивил Њар, 1945 - 1949, едитед бѕ Л. Баерентзен, ј. О Смитх, „Мусеум Тусцуланум Пресќ”, Цопенхаген 1987.

---

позната книга “О ЕЛАС”(1946, 331), за Македонците зборува како за “славофони Елини”. и уште нешто што треба да се знае: Грција, по балканските војни со Нејскиот 14 (27. 11. 1919) со Бугарија и во 1923 во Лозана (Шајцарија) мировен договор со Турција направи етнички промени со т. н. задолжителна размена на населението. Македонскиот народ веќе го имаше изгубено етничко-територијалниот статус. Грција, и во Втората светска војна ова прашање го елиминира кога командантот на ЕЛАС, ЕАМ и КПГ ги потпишаа догорите (во Либан 16. 07. 1943, Казерта 26. 09 1944, Варкиза 12. 02. 1945) со англискиот полковникот Еди Мајерс и со тоа Грција ја доби заштитата на териториалниот интегритетот на државата со границите- СТАТУС КВО. Понатамошниот развој на настаните покажаа нова БАЛКАНСКА ЗАБЛУДА (1945-1949), пак дело на КПГ и КПЈ и тие не турнаа во хаосот, во македонски нихилизам, грешки, поданство и реки крв и со губение на огништето - рамен на национален пораз. Сите овие демагози кои беа за “вистинитоста” на паролата за Обединета Макединија, беа свесни на лагата со која се служеа. Тие официјално останува на ставот дека македонското прашање е закана за мирот на Балканот. Но, за нас Макеонците, неоспорно беше дека ни остануваше само историското неприкосновено право на татковата земја, оти немаше смисла да се живее без идентитет, но дали под тугинската измама требаше токму така да се само жртвуваме?!
Впрочем, органот на ЦК КПГ, двонеделното тогаш списание КОМЕП број 16 од август 1943 година, убаво објаснува: “Во грчка Македонија нема национална испомешаност… Словенското и турското население се иселеми согласно конвенциите, а грчкото население е собрано од сите земји на Балканот и од Мала Азија во грчка Македонија… која станала толку грчка колку и секоја област на стара Грција!” (с, 331. ), а ние и денденес сме грлести па дури и во историјата и велиме дека тие ни беа најверните сојузници. Со право вели народот: „Од умот си страдаме!”

Во преводот е на грчки.

Секој прогонет се прашува:

Зошто ЕЛАС посака да ги ликвидира македонските баталјони, како што сакаше тоа да го стори со германската армија, а сега откај таа гаранција ја имавме од генерал Маркос, кога тој лично ја потпиша горната наредба па сега НОФ и АФЖ влегува во заедничка борба во годините на (1946-1949)?!

На 16 јули 1943 година Командантот на ЕЛАС Сарафис и шефот на англиската воена мисија, полковникот Еди Мајерс, потпишаа заедничка декларација со која ЕЛАС се признава како сојузничка армија и се потчинува на командата за Блискиот Исток. Но, да видиме како се одвиваа работите. На 31 октомври 1944 година поголема група англиски војници со оклопни возила влегоа во Солун пред ЕЛАСИТИТЕ. ЗОШТО? Три дена подоцна лондонската радио-станица на ББС објави вест дека британските трупи го слободија Солун. На 12 февруари 1945 година во Варкиза одморалиште близу до Атина, беше потпишан договор меѓу раководителите на КПГ и ЕАМ од една страна, а од друга-ладата на Пластирас и британскиот генерал Скоби. Со тој договор ЕАМ и ЕЛАС, практично, и ја предаде власта на десницата. Тоа беше крајниот резултат на ЕЛАСИТИТЕ.

Но, да видиме каква е оценката, дадена во резолуцијата на ПЕ на ЦК на КПГ од 15.11.1948 година и зошто таму баш така се вели: “Дека Маркос Вафијадис, како комесар на групата дивизии на ЕЛАС во Македонија, следел шовинистичка политика спрема Славомакедонските борци.” (Види: Сп. “неос космос” август 1950, “Десет години борба” стр.470). Но, зошто толку доцна тоа го вели овој орган, кога Маркос беше веќе отстранет, а Македонците им требаа за војници во Граѓанската војна.

Но голема работа е да се доведе својот народ во заблуда и да ја очекува од тугинците националната слобода, а македонското раководство да води јалови расправи за македонското прашање

со локалните грчки раководители во Костур, Лерин и Воден, кои беа делегирани од КПГ и ЕАМ.

До сега, никој од авторите (Митревски, Раковски, вклучително и авторот на оваа книга Евдокија Фотева - Вера и други), кои најмногу буричкале во судбините на Македонците под Грција, не го објасниле прашањето:

Која му беше целта на Темпо што ги повикал баталјоните (Костурскиот, Леринскиот и Воденскиот) во Југославија!?

Дали со тоа беше исполнето барањето на владата на Папандреју во Каиро која бараше од КПГ и ЕЛАС, конкретно од секретарот на КПГ - СЈАНТОС:

„Да се ликвидираат сите негрчки (славофонски) политички организации и воени формации во северна Грција. Историска грешка на Грците и грчката држава ќе биде, ако и славофонските формации учествуваат во ослободувањето на градовите: Касторија, Флорина, Едеса и другите територии што сега се окупирани од Германците и Италјаните.”

***

Какво историско значење македонската историја му дава на пребегнувањето на батаљоните и формирањето на првата народно ослободителна ударна бригада на Македонците од Грција во Битола?

Да го проследиме говорот од прославувањето на 61 годишнината на оваа ударна бригада и да ја слушнеме вистинската врвна причинина и денешните оправдувања за нивното бегство. Во месечниот весник „ГЛАС НА ЕГЕЈЦИТЕ”, година 2, бр 4, декември 2005. Пишува:

„...Иаку македонските борци во Втората светска војна (1939 - 1945) се бореа во редовите на прогресивните сили на Р. Грција против странските окупатори, раководството на КПГ не дозволи исцело да се развие македонското движење во егејскиот крај. Таа со недозволувањето да се формираа посебни

одреди во состав со грчките ослободителни единици во околиита каде што живееше компактно македонско население, всушност покажа дека не сакаше целосно да се мобилизираат Македонците во борбата против окупаторите. Водејќи лујава (итро смислена) политика КПГ уште во зачетокот го елиминираше разгорувањето на македонските борбени единици. И покрај постигнувањето големи успеси на одредот предводен од Илија ДИМОВ - Гоче, истиот по наредба на грчките воени и политички структури беше прекумандуван да делува во внатрешноста на Грција. Од тие причини одредот премина да делува на територијата на Вардарска македонија. Тука поточно во Битола под наредба број 1 од 18 ноември 1944 година со групирање на Костурскиот, леринскиот и Воденскиот баталјон, на тешкото оружје, беше формирана Првата народно ослободителна ударна бригада. Оваа бригада беше ангажирана во борбени активности за ослободување на западниот дел на Вардарска Македонија, и тоа претежно во тетовскиот, гостиварскиот, дебарскиот и кичевскиот крај...”

Сепак, останува прашањето: Дали овие Македонци требаше да бидат претпазливи и да работат на прогресот на својот народ, токму на исконското татково место, внатре во Грција? Што значи, со напуштањето просторот на Егејска Македонија на двата баталјони, напуштен е вековниот стремеж за сопствено парче земја. Ние Македонците под Грција требаше да имаме сфатено дека бевме во Грција и таму ни беше коренот.

Како заклучок: Трајните револуционерни вредност секогаш се актуелни, но дали ние Македонците со напуштањето на својата земја оставивме такви историски вредности? Дали со таквото бегство го поставивме или посакувавме да го решиме македонското прашање, внатре во Грција? Имаше ли визија ударната бригада каде оди и зошто го остави зад себе својот народ?

Така што, на сите тие прашања (во полавековното празнување) се става акцент што не им припаѓа никаква историска почит. Зошто? Затоа што тоа не натера: неминовно да се движеме во светот на противоречностите повеќе од половина век.

Ако беспристрасно се размисли добро за бекството на батаљоните, зарем тоа не беше првиот политички егзодус на Македонците организирано да ја напуштиме својата земја? И најмногу му годеше на Грците!? Тоа е јасно како бел ден, иаку никогаш тоа во историјата остана недоречено. Оти, токму од тогаш тркалото на судбината на Македонците се сврти и чиниш се до Граѓанската војна се тркала како да полуде!? Тогаш, тие луѓе отишле во Титовата армија, отидоа во друга држава и таму да се борат за интересите на југословенската држава и сите тие довчерашни заклетви спрема КПГ, сега за нив во Титовата армија, немаа никаква историска или револуционерна вредност.

Тие Македонци (во Граѓанската војна) беа означени: како луѓе инструментализирани од југословените и сите тие сториле „предавство" и за интереси преминале во друга партија и држава. Ваквата одредница сама посебе отвараше и низ целата историја отвара многу прашања…

Значи, ние Македонците под Грција, сега имавме нова историска подела не само помеѓу македонските комунисти, туку и во народот.

Ми се чини дека не снајде несреќа и, неоспорно е, веста за одење во Титовата армија предизвика тежок впечаток кај сите Македонци кои останаа во Грција. Но во исто време сосем е природно кај нас Македонците, заедно со чувството на радост, да расте и чувството на тага: ги оставаме своите семејства, своите домови и се што нашите предедовци го печалеле и го чувале со векови. Ние се радуваме заради отворената вистина во тоа „братско" соопштение… Оној што не се плаши да ја каже вистината, колку и да е горчлива таа, тој е силен. Во таквите моменти лажат слабите. Можеби намерно го правеа тоа КПГ и КПЈ, за да ги држат Македонците во страв, во покорност, а покорноста не убиваше како нација. Тие преку своите идеологии спрема Македонците, умееа (со обмислени заеднички зафати) без куршум да го убиваат националното чувство, само со една цел: да остане status quo на границите, согласно договорот за подела на Македонија од 1913 година.

Може да не се согласуваме, но навистина не разбирам каде беше нашата свесност. Од анализата на настаните ми се чини како да бевме (и остануваме) во конфликт со себеси. Не разбирам како тие што отидоа во Титовата армија можеле повеќе да го сакаат овој дел на Македонија од тие што останаа на родните огништа? Не разбирам како секој може да се бори повеќе за афирмација на Македонците во Костурско, Леринско и Воденско од нас кои се бориме токму тука каде сме родени, а тоа е наше исконско право да го браниме татковинското и прадедово огниште. До вчера ние самите ги повикувавме комитите да дојадат со нас и тие ни поверуваа и дојдоа во нашите редови, а да не заборавме дека сме направиле доста гревови спрема нив. Тоа наше братојадство народот нема да го заборави.

Јас, сепак, мислам дека ние, Македонците, или немаме сознање за тоа што значи одење во туѓа држава, или пак, напротив целосно се потпираме на надежда дека Тито ќе не ослободи. Со нас, на тој план, како и на многу други планови, владееше логиката „или - или". Или сега верувавме дека комунистите не можат ама баш ништо да ни помогнат, или веруваме дека сега комунистите од Југославија, тие се семоќни и дека нашата судбина треба да им ја повериме целосно во нивните раце. Само знам, дека никогаш не требаше да се ставиме во таквата безрезервна варијанта.

Комунистите што останаа во редовите на КПГ реагираа и им упатуваа на тие што преминаа во Титовата армија: „Вие за секогаш му го свртивте грботт на родниот крај и своите луѓе. Нашата борба треба да биде тука, и само така ќе може да ја покажиме нашата борба и грижа за својот народ тука. Вие ќе станете луѓе кои се туѓи прислужници и нема да можете да се вратите? Се прашувам: да ли може некој туѓ прислужник да биде господар на својот народ, односно водач на својот народ? Вие целосно ќе ја спроведувате политиката на КПЈ - Југославија. За жал, ние Македонците во редовите на КПГ не сторивме многу, да ги заштитиме комитите, да не ги навредуваме и омалоуважуваме како наши браќа оти тие беа луѓе кои не станаа никому прислужници. Тие не кренаа рака

против Македонецот, туку ние кренавме рака исполнувајќи ги наредбите и советите на еласитите и Темпо.

Секој од нас се прашува: зошто и од ошто страдаме? Страдаме од себеси. Така ние Македонците, терајќи по линијата (разработениот систем за народот да се држи во страв) на приклонување, си делувавме погубно!

Но, не можеме да бидеме и светски (што значи - космополитски) и да биде ред и поредок (праведен). Зашто барем досега правдата секогаш се мерела со, метарот на посилниот.”

Сега со одењето на нашите луѓе во Титовата армија, таму да се борат за интересите на југословенската држава, со тоа нараснаа поделбите околу идеологијата, вербата, после неколку години се доведовме во прашање со нашето заедничко потекло и цел живот потоа одвоени, тоа не правеше да не можеме да ја докаже нашата борба и грижа за овој наш народ. Ние, токму од тие причин бевме присилувани од туѓинците да се оттуѓуваме од својот народ самите. Ние станувме заложници објективно на тежок проблем и затоа не требаше да бидеме изненадени од жестокоста на грчкиот национализам и екстремизам.

Затоа овој повик за нас Мекедонците имаше многу нејасни работи. Покорност, а покорноста не убиваше како нација. Тие преку своите идеологии спрема нас Македонците умееа без куршум да го убијат народот, да го омаловажат, да го обезвреднат националното, и да го заплашат...

После овие јасни цели на нашите соседи, но ина меѓународниот фактор, кога веќе беше јасно со македонското прашање, во што беа убедени Македонците организирани во НОФ и АФЖ дека може да се добие уште поголем максимум по тоа прашање? Ниту Евдокија Фотева - Вера по 55 години, не само што не дава одговор, туку ги дезавуира основните политички и стратешки национални прашања. Ете, тоа само како опомена: „Се случило, може да се повтори...” До тогашните настани ни даваа силно потврдување, ние Македонците од егејска Македонија да launched речеме: НЕ! Она Гандиевото НЕ!

Се поставува прашањето: Кој ги намами Македонците под Грција во идеолошкото ГУБИЛИШТЕ?! Во кое се исчезнува, се губи глас, право на човекиување и надеж за повторно враќање.

Но, да видеме што ни донесе Граѓанската војна и зашто пак тие (КПЈ и КПГ) ја организираа таа војна, а ние Македонците преку нивните идеологии и измами се (Само) жртвувавме?

ТРЕТТА ФАЗА: Третиот дел од кариерата на авторот Евдокија Фотева - Вера. Но спрема најзиниот изнесен став: Развитокот и дејноста на НОФ и АФЖ разликува разни периоди, но главно, мина низ три фази:

Првата фаза - ИЛЕГАЛНОСТ - Тајна незаконска политичка дејност (Од 23. април 1945 година до 10 октомври 1946 година) командувана од КПЈ.Во оваа фаза вели: „Во ФР Македонија, во Скопје, од мај 1945 година до крајот на јули истата година заврши три месечен курс при ЦК на КПМ." Види: Стр. 87.

Но, за да бидат јасни работите во понатамошната анилиза - едно објаснење: за нас - Македонците како полувековен проблем е тоа што (од никој лидер на НОФ и АФЖ, вклуително и овој автор) не е докажано со каква национална стратегија на 23 април 1945 година е создадена во скопје организацијата НОФ (Народно ослободителен франт за Егејскиот дел на македонија), надвор и независно од КПГ и од каков било политички субјект во Грција кој повеќе од година дена делува и се раководи од КПМ/КПЈ.

Она на што НОФ можеше да смета во перспектива, а сигурно и сметаше беше заштитата од КПМ/КПЈ. Таквото погрешно сфаќање на националното прашање, веќе наплатено со жртви и со поништување на многу национални вредности, слепо се брани и денес по цена на тотално национално пропаѓање.

Втората и третата фаза - ПРИЗНАВАЊЕ ОД КПГ и командувана од КПГ и потоа се до ликвидацијата на ДАГ до крајот на август 1949 година, потчинета и казнета од КПГ. Да ја проследиме нејзината најбурна дејност како лидер на АФЖ.

## ВИСОКАТА ЦЕНА НА МАСОВНАТА ПОЛИТИКА ПРИМЕНЕТА НАД МАКЕДОНЦИТЕ ВО ГРАЖАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА (1945 - 1949) БЕШЕ ПРОБЕН МОДЕЛ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА МИГРАЦИОНИТЕ ДВИЖЕЊА И ТОА НАВИСТИНА ИМ УСПЕА.

Во почетокот на 1945 година веќе беше јасно дека капитулацијата на Германија се гледа хоризонтот. Значи беше крајот на најкрвавиот судир на цивилизацијата - Втората светска војна и човештвото со многу жртви и голем хероизам посакуваше да ја затвори најцрната страница. Светот со нетрпение излегуваше од темницата што му беше наметната од мрачните умови во Берлин, Токио и во Рим. Черчил, Рузвелт и Сталин се состанаа во Јалта [12] да ја договорат поставената распределба на моќта и влијанието. Сојузничките трупи од запад и Црвената армија од исток незадржливо се пробиваа кон срцето на третиот рајх - БЕРЛИН. Хитлер не го изгржа понижувањето, се самоуби на 30 април. Берлин падна на 2 мај, а Германија конечно се предаде на 9 мај.

---

[12] Во декември истата 1944 година, Британците испровоцираа вооружен судир со единиците на ЕЛАС во Атина. На 12 февруари 1945 година во местото Варкиза надвор од Атина, беше потпишан истоимениот договор. По силата на овој договор капитулираа и беа ликвидирани сите еденици на ЕЛАС ширум Грција, иаку само некои нејзини еденици во Атина (Главно, од територијалната резерва ЕЛАС) беа победени од здружените сили на Британците и домашната реакција.”
Студена војна: Многу историчари кои се занимаваат со поновата историја на Еврапа и на светот имаат констатирано дека состанокот на „Големата тројка“ што се одржа од 17 јули до 5 август 1945 година во гратчето Потсдам близу Берлин, во дворецот Селиенкоф, во основа бил бесполезен освен за една историска релевантна последица - отварањето на таканаречената Студена војна. Од тогаш сојузниците на антихитлеровската коалиција Велика Британија (Вистон Черчил), САД (Хари Труман) и Советскиот сојуз (самодржавецот на СССР Јосиф Висарионович Сталин) кои со крајни напори успееја да го победат германскиот фашизам, престанаа да се сакаат меѓусебе, отварајќи ја онаа етапа во поновата историја што дури подоцна ќе го добие името Студена војана.
Железна завеса: Токму на конференцијата во Потсдам Вистон Черчил ја фомулира синтагмата за „железната завеса” што ја означи поделбата на Европа на свери на интерес.

Сепак, големите сили, како и секогаш во човековата историја, останаа главни актери во меѓународниот живот. Тие продолжија да ја зголемуваат својата моќ и да го шират своето влијание понатаму од своите граници во обид да го моделираат светот во согласност со сопствените интереси. Притоа, кога во 1945 се распадна политичкиот и воениот сојуз кој го порази фашизмот, „безбедносната дилема” почна да ги разјадува односите меѓу Америка и Советскиот Сојуз.

***

Во овој труд, авторот, се гледа дека нема големи знајби за положбата на поделените Македонци во четири држави, но и за тој период на време кога државите се најдоа под влијание на разни политички сфери (глобализација - световна идеологија) и тука се раѓаат прашањата кои следат:

Прашања кои досега многу автори не ги допреле во своите книги напишани за егејците

ДАЛИ ВО ИЛЕГАЛАТА НА НОФ И АФЖ (Тајни, незаконски политички дејности) НА МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА ИМ НУДЕА НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ДУХОВЕН И ФИЗИЧКИ ОПСТАНОК НА СВОИТЕ ОГНИШТА?

Еве неколку непобитни факти и клучни моменти во целата историја на НОФ, непочитувајќи ги влезе во конфликт (да го саможртвува својот народ) за туѓи интереси. Што значи за чиста идеологија којашто немаше никаков реален

човечки контекст со македонскиот селанец под Грција. Чисто залажување на сопствениот народ.

Како е било можно?

Кој посака Македонците под Грција, ова мирно неселение да го внесе во глобалниот процес за - Советизација за Балканот? Зошто ние Македонците влеговме во моделот за социјализмот на Балканот, кога по Втората светска војна, кога веќе беше исцрпен и бесмислен. Зарем, нели беше тоа почеток (за да

вршат ”легални миграцони движења” за тие што одамна посакуваа да го снема од тој простор македонскиот човек. м. з) на нашата глобална, светска одисеа, сега преку идеолошкиот активизам? Тугинците, преку тие идеолошки активисти, го натераа народот не само да ја прифати, туку полавек се тераше и да ја преживее. И со тоа, процесот на миграцијата почна и по се изгледа ништо не можеше да го запре. Откука, се чини, тешко веќе можат да се прифатат оние во историјата наша, кои и понатаму инсистираат на некаков политички одлуки на автоктона Револуција-продолжување на Илинден. Таквите тези се веќе проблематични. Ете зошто: НОФ, “минувајќи” преку подоле наведените добро познати - политички паравани, (не само од капиталистичкиот режим, туку и од комунистичкиот) направи кобна грешка: си го изгуби народот и својата земја, значи го доведе својот народ да доживее национален пораз.

1. Македонскиот народ, во тој период на време беше поделен, во четири суверени држави и со различни системи.

Посебно тешките последици за семакедонското движење на отпорот настапиле по истакнувањето на познатата теза на Коминтерната “Една држава-една партија”.

По завршувањето на Втората Светска војна и познатиот довор за подела на свери на влијание помеѓу големите сили, Македонскиот народ се најде во следната положба:

Македонците во вардарска Македонија под влијание: 50% Источно, 50% Западно.

Македонците во пиринска Македонија под влијание: 90% Источно, 10% Западно.

Македонците во Македонија под Грција под влијание: 100% Западно.

Македонците во Албанија под влијание: 10% Западно и 90% Источно.

Со времето, а посебно по Версајскиот договор, во 1919 година, таа теза, преминува во практиката, се повеќе придобива карактер на злосторство над ослободителната борба на македонскиот народ. Но, не помалку донесе и одлуката на И. Сталин во мај 1943.

Што значи, се создавале претпоставки според кои секаков повик за конструирање на општ македонски фронт за заедничка борба, однапред бил третиран и осуден како сецесионистички, предавнички, разурнувачки или фракционерски. На истакнувањето на општо македонскиот национален стремеж, се спротивставувале државно-правни реалности на државните-окупатори кои ја заземале и воспоставиле власт на македонската територија. Во таквата ситуација македонското национално движење добивало карактер на сепаратистичко (Како што се случи со НОФ во 1945). Но, тоа важеше за во сите три комунистички партии (југословенската, бугарската и грчката). Суштината на проблемот може да се сублимира во неколку прашања, но за тие да бидат појасни и да се избегнат недоразбирањата, неопходно е овие проблеми да бидат соодветно објаснети.

Положбата во Грција и ставот на Велика Британија и на САД.

Многу компетентно со непобитни факти се говори во документот од 16-08-1944 година “Македонија-Меморандум”, на Државниот секретар за надворешни работи на Велика Британија, во кој се вели: „Ние сме готови да дадеме согласност за формирање на македонска држава во рамките на федерална Југословенска држава. Притоа мора да инсистираме оваа држава да не смее да анектира, ниту да бара други територии, независно од тоа дали тие територии им припаѓаат на Бугарија или Грција”.

Потоа во Спогодбата се вели за поделбата на интересни сфери на влијание, и дека Грција беше 100% под британско влијание, со право, по потреба, во секое време да може да интервенира со сите можни средства. За таа цел Тито, летото на 1944 година, барал од единиците на НОВ на Македонија да се обезбеди јужната граница со Грција.Тоа значи да се чуваат суверените

граници на овие држави. Но и САД ја истакнува неопходноста од зачувување на територијалниот итегритет status quo на предвоените граници на Југославија, Бугарија и Грција и дека САД беа категорично против каква и да е ревизија, иако притоа признаваа македонска територија во Грција.

Реакции и други настани во тој период во Грција

1. На 17. 04 1946 година, солунскиот десничарски весник „Неа Алитија” (Нова вистина), објави напис со наслов „Нашите Судети, во ко се зборува за Македонците и се квалификуваат как Судети и како такви, пишува весникот„... во интерес на мирот и безбедноста во Грција, треба да бидат ликвидирани”.

2. Весникот „Етникос Кирикас” пишува: „Од Грција треба што поскор да се протераат 80. 000 Славомакедонци”. Истото се вели и во неделникот - републички весник „Елефтерос типос” од 28. 01. 1946 година во стаијата: „Нека си одат Славомакедонците од нашата Македонија - нека си одат каде што сакаат”.

3. Каков беше ставот на англискиот амбасадор во Атина.

Господинот П.А. Липер уште во ноември 1944 година се носеше со идејата за раселување на 120. 000 словенски - Македонците северно од Грчката граница под Грција. Тоа му го предлагал на министерот за надворешни работи на Велика Британија Антони Идн во писмото од 24 ноември 1944 година со цел „Грција да нема било какво славјанско малцинство и заради тоа што ампутирањето на славјанската територија кон западна Македонија и нејзиното анектирање во славјанската федерација е практично невозможно и би било истовремено економска катастрофа за Грција”.Види: ФО 371/43649 ХП 00201 Р. 20431/1009/67.

Меѓутоа и самиот заклучи дека во тој момент тоа беше невозможно. Таа идеја сепак беше реализирана во текот на Граѓанската војна (1946-1949).

Но, во тој период на време капетанот Еванс и неговите луѓе (од кои 18 беа Англичани) се движеле и ја скенирале целокупната положба межу Македонците кои ги примиле и многу им верувале. Сите информации биле добиени од прва рака во периодот март - октомври 1944 година во селото Бапчор, во Турје и селото Дрбишта крај Мала Преспа и други и препорачувале по македонските села да се основа ВМРО, сакајќи да создаде движење на т. н Автономна Македонија и тоа под покровителство на Англија и Америка. Пропагирањето се базираше и се повикуваше на многучленото печалбарство во Америка, Австралија и Канада. Со сите овие акции раководеше искусниот Англичанец Еванс, кој беше агент на Интелиџенс Сервис. Значи , се беше јасно за расположениeто на Македонците и таа сондажа беше беше искористена во Граѓанската војна, а се покажа дека НОФ и АФЖ, Македонците ќе ја подржат таквата идеа.

4. Историските факти исто говорат дека во 1945 година и по завршубањето на Втората светска војна дури 35.000 етнички Албанци - Чамите, со муслиманска вероисповед, кои се ставија под команда на Италија, биле истерани од денешна Грција поради соработка со окупаторските германски власти. Грција се изјасни дека тоа поглавје од нејзината историја и во албанско - грчките односи е затворено со оправдување: „Тие соработуваа со италијанско - германските окупатори за време на Втората светска војна и бидејќи се воени злосторници беа казнети според грчките закони".

Положбата во Н. Р. Македонија и Ставот на КП на Југославија

ЗОШТО НА СРЕМ А НЕ НА СОЛУН?

Од историографските истражувања: „Луѓето што добро не ги познаваат приликите за време на Втората светска војна повремено го покренуваат и прашањето зошто македонските единици тргнале на Сремски фронт, а не на Солун за да ја обединуваат Македонија. Од тоа време се знае и за побуната на артилериската бригада која била сместена на Скопското кале и која на 7 јануари 1945 година тргнала кон центерот на Скопје, извикувајќи „На Солун, на Солун". Побунетите веднаш билое

вратени назад, а некои од актерите затворени и осудени. Историчарите кои го истражуваа овој период велат дека одлуката да се замине на Сремски фронт не ја донел еден човек туку Президиумот на АСНОМ, највисокото тело на новоформираната македонска влада, откако стасала наредбата на Врховниот командант Јосип Броз Тито.

За да не се оди на Солун постоеле повеќе причини. Во тоа време Британија во Грција имала стационирано околу 200. 000 војници, 400 авиони и 3. 000 тенкови. Покрај тоа обединетите грчки единици располагале со околу 100. 000 војници, а во Солун се наоѓале и околу 10. 000 војници на кралска Југославија. Сите тие биле под команда на британскиот генерал Скоби. Ако македонската војска тргнела за Солун, таа практично требало да го нападне големиот сојузник во антифашистичката борба и да се бори со моќната и добро вооружена армија на Велика Британија. Со тоа практично би пропаднале сите придобивки за кои се избориле македонските единици во четиригодишната борба и најверојатно денес не би постоела македонската држава. А тогаш Македонија била призната како една од членките на светската антифашистичка коалиција. На нејзината територија престојувале сојузнички мисии, а нивни преставници присуствувале на Првото заседание на АСНОМ.

На оваа тема многу е пишувано, но (Види: Владо Ивановски: "Нова Македонија" од 11-12 октомври 1997 г. број. 3 "Зошто не на Солун". (Пренесено од Македонија Тајмс), особено во број 3: "Зошто не на Солун" и дава пресек на настаните, посебно во поднасловите: "Желбите посилни од околностите" и "Ставовите на големите сили", што заслужува посебен респект. Овоа прашање и други автори во своите трудови го споменуваа : "Одиме на Солун, а не на Сремскиот фронт..." и сите преминуваа со голема леснотија, а е едно од клучните прашања. Но тоа прашање, со неверојатна длабинска мисла го отвара и го анализира историчарот Владо Ивановски, а тоа ни ги открива сите други преземени акции од страна на КПМ/КПЈ.

Многу компетентно со непобитни факти проговори Ивановски за:

1. Односот на трите големи сили на антифашистичката коалиција:СССР, САД и Велика Британија;

2. Дека е непобитен и фактот за време на НОВ и ПК на комунистичката партија на Југославија за Македонија и ЦК на КПМ е присутен проблемот за обединување на Македонија;

3. Го наведе и документот од 16-08-1944 година “Македонија-Меморандум”, на Државниот секретар за надворешни работи на Велика Британија, во кој се вели: “ Ние сме готови да дадеме согласност за формирање на македонска држава во рамките на федерална Југословенска држава. Притоа мора да инсистираме оваа држава да не смее да анектира, ниту да бара други територии, независно од тоа дали тие територии им припаѓаат на Бугарија или Грција;”

4. Потоа ја наведе Спогодбата за поделбата на интересни сфери, и дека Грција беше 100% под британско влијание, со право, по потреба, во секое време да може да интервенира со сите можни средства;

5. Дека, Тито, летото на 1944 година, барал од единиците на НОВ на Македонија да се обезбеди јужната граница со Грција.Тоа значи да се чуваат суверените граници на овие држави;

6. Дека, во тоа време САД ја истакнува неопходноста од зачувување на територијалниот итегритет Status Quo на предвоените граници на Југославија, Бугарија и Грција и дека САД беа категорично против каква и да е ревизија, иако притоа признаваа македонска територија во Грција.

И на крај дава заклучок:

“...Политичкото и военото раководство на Македонија реално ја проценило, ја држеше и ја контролираше ситуацијата за време на јануарските настани, не дозволувајќи притоа да преовладаат емоциите над разумот и на тој начин штотуку формираната и

кревка федерална Македонија да биде вовлечена во војна. Последиците од таквата авантура би биле кастрофални.”

Ако во историјата треба да ја гледаме иднината, ме интересира и должност ми е како учесник во Граѓанската војна да ги иследувам корените на злото: по чија волја бевме турнати во Граѓанската војна (1945 - 1949), токму по Втората светска војна и дали ние Македонците не носиме вина за обезмакедончувањето на Македонија под Грција? Имавме ли стратегија за да ги сочуваме вековните огништа или со тоа му одеше на рака на Грција за израмнување на нејзините интереси, бидејќи добро знаеме со спуштањето на железната завеса, за нас Македонците под Грција, одвај се чекаше некаков повод...

Никако не сакам да зборувам за тоа како само другите се виновни за тоа што се случило со нас Македонците. Нашата историографија се има доста сокриено и повеќе од полавек нема кажано: како и зошто КПМ дозволила Југославија да има двострана политика јавна и тајна - со која ги потикнуваше Македонците под Грција за вооружена борба? Зарем не беше тоа против волјата на македонскиот народ? Дали со тоа македонскиот народ не дозволи друг да му ја крои судбината? Зошто во интергралната македонска историјографија не е објаснета таквата вина на КПМ/КПЈ? Зошто, сега тоа, го крие авторот Евдокија Фотева - Вера?

Проблемот изгледа компликуван, но така е навидум, зошто вистината е едноставна, ако гледаме чесно и непристрасно врз суштината на историската објективност. Значи се поставува прашањето: Дали ние Македонците (сега еден народ во грчката држава, после етничките промени, кој во 10 милионското население преставувавме околу 3%) преку таквата стратешка опција пропагирана и нудена токму од луѓето на НОФ и АФЖ, бевме интелектуално и воено - политички способни да го сочуваме територијалниот интегритет и компактноста на македонското население по Втората светска војна, кога меѓународните граници на Грција и Југославија, истовремено станаа и воени граници на двата табора?!

ЗВУКОТ НА ВОЈНАТА:

Настани кои покажуваа промени во политика и првите чекори кон пеколот на Граѓанската војна.

- Факти и аргументи:

За доказ дека злото не паднало од небото - туку и нашата приказна е дел од овие конфликтни балкански состојби

1. Со заповед на Ј. Броз - Тито Број 236 од 2 април 1945 година. Првата егејска бригада е расформира.

2. Можеби им дала повод тогашната изјава на Тито во Москва: Во Москва на 26 април 1945 година, Маршал Тито даде изјава за "Њујорк тајмс" во која вели: "Ако Македонците од грчките области изразат желба да се обединат со другите Македонци, Југославија ќе ги почитува овие нивни стремежи." Види: Југословенско - советски договор за пријателство е склучен на 11 април 1945 година, во Москва, и ФО 371/48388/7762.

3. Од официјалната историја: Формирањето на македонските организации: НОФ, АФЖ и НОМС не сомнено имаа политичка цел, пишувана од Ристо Киријазовски (1966/181) ја открива „вистината" и ја остава како информација, но од друга страна ја турка тезата дека водевме револуција, а не измама со создавањето на НОФ, АФЖ и вели дека биле раководени од КПЈ/КПМ од периодот во времето (23 април 1945- 14 октомври 1946).

Секој што чита историја и тој што посакува да знае, лесно ќе открие колку сме грешиле ние Македонците во нашето (само) жртвување, односно колку и зошто сме ја потхранувале и не сме можеле да ја согледаме трагедијата на Македонците под Грција?

Време е македонската историја да ги разоткрие игрите на „големите ледери, државници и нашите занесени ороводци" и македонскиот народ да дознае:

## КОЈ ГО АКТИВИРА „МАКЕДОНСКИОТ СИНДРОМ" ЗА НАШЕТО (САМО) ЖРТВУВАЊЕ ВО ГОДИНИТЕ (1945 - 1949) НА ГРАЖАНСКАТА ВОЈНА!?

Зошто? Затоа што Граѓанската војана е најтрагичниот настан на Македонсците од егејскиот дел на Македонија и ги прави луѓе без корен и кај сите е всадено чувство на оттугеност.

Многу авторитативно ќе беше, како ледер на АФЖ; главен и одговорен агитатор за мобилизација на македонската жена, ако за овоа прашање проговореше и авторот Евдокија Фотева - Вера, но и таа ги одмина овие релеванти историски прашања и не упати: во уште една магловитос во тие настани дека тоа бил некаков период на ИЛЕГАЛНОСТ, а не објаснува зошто прибегнале на ОПЦИЈА НА ВОЈНА, кој му годеше исклучиво на тугинците. Што значи досега не е речено ништо: која им била намерата и страетшката цел на оформените Народноослободителните фронтови и која им била платформата на НОФ и АФЖ.

Но, да видеме како се оформи НОФ, АФЖ и НОМС, раскажува еден од основачите Павле Раковски: "Автобиографија (моите страдања), АЕА издавачи, 2000/ стр. 341: " Кон средината на април 1945 година добив порака од Џоџо Урдов. Веднаш да заминам за Скопје. Отидов. Политичката комисија веќе беше распуштена. Наместо неа, при ЦК на КПМ во Скопје, на 23 април се конституира, односно се формира Народноослободителен фронт-НОФ на Македонците од Егејска Македонија (без конференција и избори, по пат на кооптација). Паскал Митревски [13] добил одврзани раце да одбере уште четворица и да го состави централниот раководен орган-петчлено Биро. Ме повика и само ми го соопшти тоа. Ме праша за мислење. Кои четворица други, освен него, мислам оти треба

[13] Паскал Митревски од должноста секретар на Политичката комисија на Македонците под Грција, по решењние на ЦК на КПМ на почетокот на февриари 1945 година замина за Белград со цел да ја посетува тримесечната партиска политичка школа, која беше организирана од ЦК на КП на Југославија. (види: Паскал Митревски и неговото време 1912 - 1978. од Т. Мамуровски 1992 година.

да влазат во ова Биро? Му ги предложив следните. Георги Урдов-Џоџо, Ило Димаков-Гоче, Наум Пејов и Махаил Керамициев.

Ми заблагодари и отиде. А Бирото го состави вака Паскал Митревски, Георги Урдов-Џоџо, Михаил Керамициев, Танас Коровешов и Павле Раковски.

Јас веќе споменав дека Митревски високо стоеше пред моите очи поради довербата што му ја укажуваше партиско-државното раководство на СР Македонија. Го ценев и почитував едноставно и отворено. И тоа, ми сечини одлучи, за мојот избор во највисокиот раководен орган на НОФ.

По првата седница, петтемина тргнавме да ги удриме темелите на НОФ на терен: Во Костурско, во Леринско, Воденско, Ениџе-Вардарско и Серско…"

ДАЛИ КРВАВАТА ПРИКАЗНА ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА ПОЧНА СО ИЛЕГАЛОНОТО ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗЛОТО ОД ОРГАНИЗАЦИИТЕ - НОФ И АФЖ!?

(Заробеници на поданството - пола век, една вистина заробена во вечна тајна).

Што се случи со оформувањето на НОФ и АФЖ во Скопје под раководството на КПМ/КПЈ?

Дали НОФ и АФЖ, можеби несвесно по налог на тугинците направија увоз на „револуција" во егејска Македонија!? И токму на тој простор од НОФ и АФЖ беше применет стариот добар принцип:„Ако не си со нас, тогаш си против нас".

Ќе каже ли некој, конечно, кој донесе решение за таквата катастрофален потфат!?

ИМАШЕ ЛИ НОФ ВИЗИЈА КАДЕ ОДИ?!

Ќе има ли доблест да каже дека таа одлука беше погрешна и трагична политика за Македонците под Грција?

Таа туѓа филозофија, всушност и го наметна многу чувствителниот груб тест низ личноста (обичниот селанец) со идеолошко насилно определување, но и стигматизирање на оние кои беа не определени или беа против таквиот апсурд на сенародни фронтови. Сето тоа се покажа дека: ТОА БЕШЕ СМИСЛЕНО СКЕНИРАЊЕ НА МАКЕДОНСКАТ СВЕСТ ВРЗ ЦЕЛОКУПНОТО МАКЕДОНСКОТ НАСЕЛЕНИЕ, А ТОА ГО ДОБИЈА ВО ПРВИОТ ПЕРИОД ОД 23 АПРИЛ 1945 ГОДИНА ДО ОКТОМВРИ 1946 ГОДИНА.

Факт е дека тоа беше време, кога се помалку го посакувавме минатото. И враќањето назад. Македонската свест за себеси, за својата реалност беше целосно свртена кон идеолошкиот активизам. ТОА БЕШЕ И АЛИБИ ЗА ДОУНИШТУВАЊЕ НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ГРЦИЈА. Тугинците посакуваа пак да не турнаат во преграткита на колонистите (кои токму тие беа на чело на КПГ, на ПБ на ЦК, на ГЛАВНИОТ штаб на ДАГ и ЕАМ). Се беше зајазделено. Болно, јадовито и се нишанеше токму во нас Македонците.

## РАЗВОЈОТ НА НАСТАНИТЕ ВО 1945 ГОДИНА И СОЗДАВАЊЕТО НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НОФ, АФЖ И НОМС, НИЗ ПОЛИТИКАТА НА КПМ/ПКЈ ЗА ОПТИМАЛНОТО ОМАСОВУВАЊЕ НА ЦЕЛОКУПНИОТ МАКЕДОНСКИ НАРОД ВО ЈУЖНА МАКЕДОНИЈА

(Хаотична неизвесност на македонските перспективи.Низ многу фурии, со многу потреси. Влеговме до драматични услови. Настан за паметење. Голем исчекор во (не) познатото: 23 април 1945 година, беше ден (време) на асиметрични и болни судбински обрачи. Народот никој и за ништо не го прашува. Измамен. Разочаран тргна по леснозборците)

## ШТО НИ СЕ СЛУЧУВАШЕ? ЗОШТО И ОД КОИ ПРИЧИНИ СЕ РАЗВИВАШЕ СТРАТЕГИЈА ЗА „МАСОВНА ОДМАЗДА”?

Значи, создадовме: НОФ - народен фронт на мажите!? НОМС – народен фронт на младината и АФЖ - Антифашистички народен фронт на жените!? По овоа, во Егејска Македонија за

ништо друго не се зборуваше освен за политика. Беше создадена таква клима што како никој да нема време да ги согледа другите проблеми, освен политиките и претераното агитирање - до таков степен што на оптовареност што народот стана политички збрлавен.

Зошто Грците немаа оформено сличен фронт за грчките жени, туку дури на 23 октомври 1948 година во селото Рудари – Преспа оформија ПДЕГ (Сегрчки демократски сојуз на жените), но не Антифашистички фрон!? Лидерот на АФЖ - Евдокија Фотева - Вера, одамна требаше да ја образложи идејната платформа, за таквата масовна мобилизација на македонската жена, која доведе до обездетување и обезмакедончување на македонската куќа и токму од тогаш почна да се пишува историјата на црната судбина на македонската жена.

Против кого? Кои беа отспротива на фронтот? Која ни беше целта на борбата? Политичките пораки, ни беа ли јасни? Дали тоа беа туѓи апсурдни творби за колективни халуцинации: „Советизација на Балканот"? „Балканска федарација"? „Обединета Македонија"? Но, зад таквите потфати, ниту Сталин, ниту Тито во тој период на време не ја посакуваа таквата реализација. Сите овие теми во изминатиот пола век беа најмногу експлоатирани од луѓето со пројугословенски став, и вршеа замаглување на вистинските политички воени зафати и проблеми. Но, по разгорот на Граѓанската војна се покажа дека приоритетно им стана „Разрешување на проблемот со малцинските прашања помеѓу Грција и Југославија?"

Но, нели беше редно да се запрашат лидерите на НОФ и АФЖ: Зошто истото не го направија и другите поголеми малцинства во Грција, како што се: Турците, Власите, Арнаутите и други? Или тие нама позади нив некој да ги потурни во хаосот?

Посебно е неасно: Антифашистички фронт на жените!? За фашизамот на 9 мај беше прогласено дека е победен. Зошто токму од македонската жена (само од егејскиот дел на Македонија) сега се бараше да отвори таков фронт? Дали и грчките жени оформија таков фронт? Одговорот е: НЕ! Требаше ли лидерот, конкретно, авторот на книгата „Од

пеколот и назад” на македонските жени кои беа турнати во пеколот на војната, да им даде одговор?

Зошто така спонтано како гром (рофија), како дамла од небото, така масовно, така фронтално, се создаде таква невидена семејна револуција?! Таков невиден апсурд во цивилизираниот свет?!

Моделот за масовното учество во политиката, беше применуван во Големите револуции уште од 19 век, поврзан со принципот на суверениот народ да ја стави на практичната проверка мобилизација на народните маси. Европејците по Втората светска војна, беа исцрпени од таквите циклуси на мобилизирање кои за помалку од половина веќе им донесе материјални лушувања, толитаристички идеологии и 50 милиони жртви. Но и десетици милиони емигранти и незадомени луѓе и за нив и за човечката цивилизација веќе овој историски модел беше исцрпен.

Впрочем, тоа го подврди и грчката историографија дека услови за масовна оружена борба во Грција реално не постоееја. Демократските сили, по четиригодишната војна со окупаторите (Германија и Италија), не беа подготвени за една уште потешка потешка борба. Поголемиот број од тие активности уште на почетокот повеќе претпочитаа да одат во затвор и да во логори, отколку да се борат во планините. Од ДАГ отсуствуваа лужето од градот, дури и од приградските населби, отсуствуваа учесниците на ЕЛАС и на движењето на отпорот. ДАГ, во своите редови успеа да евидентира околу 24 – 25,000 борци, и тоа не на доброволна основа, туку по пат на присилна мобилизација, и тоа од селата. Товарот на борбата, главно падна врз Македонците, каде што старо и младо, жени и мажи , беа вклучени во борбата токму по заслугите на НОФ и АФЖ се одело од оган во оган без милоста на бога.

Но, не е објаснето зошто и како од НОФ и АФЖ е применет „Моделот за масовното учество во политиката” токму во егејска Македонија над населението кое претставуваше 3% од вкупното во 10 милионско население во Грција? НОФ и АФЖ, уривајќи ги сите брани, трескавично се инфлтрира во

секојдневниот живот на поединците правејќи од секој од нив субјект - или пион во колективната игра. Ако знаеме дека по завршувањето на Втората светска војна, особено во периодот на таканаречената студена војна и жестоката идеолошка конфронтација меѓу Исток и Запад, поимот комунизам добива нагласено идеолошко значење. Имено, во публицистиката, па дури и во политичките науки во западните земји, особено во САД, тој термин почнува да се употребува како синоним за сталинизмот како систем за политичка диктатура и терор, но и со значење на субверзивен и заговарачки дејствувања и движења. Во рамките на тоа се употребуваше и изразот „светски комунизам” за да се означи тукуречи секое движење кое настојуваше да ги наруши постојните економски и политички интереси на големите западни земји. Така, изразот комунизам се претвори во пропагандна флоскула. Се беше во заштита на новиот режим во Грција и нашето стигматизирање е токму од тогаш, па се до ден - денес и проблемот со името, а ние Македонците не сакаме или неможеме да го сватиме.

Каква и колкава беше високата цена на Македонците од масовната политика?

Прво, големиот број на жртви во Граѓанската војна е цената што е платена на една таква масовна политика.

Второ, со крајот на војната изгубивме еден голем сегмент на сопствениот идентитет: се раслој и обездети македонското семејство, се обезмакедончи македонската куќа и македонското село и се отворија незапирливите миграциони процеси за консолидација и канализирање на личниот живот во нови услови, надвор од родниот крај.

И, на крај, како да му се објасни на македонскиот народ дека обединета Македонија е предадена.

Отсекогаш, се поставуваа прашањата:

1. Дали со чинот: оформувањето на НОФ, АФЖ и НОМС, по Втората светска војна, сами не сме ја предизвикале кобната судбина на македонскиот народ под Грција?

2. Дали со познатите спротиставени политики и практики на комунистичките парти (Југославија, Бугарија и Грција) спрема макеонското национално прашање, идеолошки токму во оваа Граѓанска војна со умисла ни го ангажираа “македонскиот синдром” и не доведоа до: Македонецот-спроти Македонецот? По ова идеолошка збрка, за нас Македонците настана фатална дезорганизираност на македонските позиции.

3. Значи, ако досега сме го познавале:

а) македонското движење со бугарска етничка историска-тенденција;

в) македонското национално движење со македонска етничко историска- тенденција, сега по Втората светска војна се јавува и

б)македонско движење со пројугословенска историска-тенденција.

Големиот политички превид што ни се случуваше пред нашите очи во 1945-1949 година, всушност, беше најтрагичен. Тоа беше особено време, во кое не само македонската историја ќе забележи дека ретко кој народ во историјата како нашиот самиот си ја посакувал толку злокобно својата несреќа.

Долги години иследувајќи го целото ова прашање (создавањето на НОФ и сите маки кои доаѓаат оттаму, што неможевме да бидеме сами со својата македонска правостојност), произлегуваат две клучни прашања:

Прво: како ова наше прашање (борба) им го покажавме на светот, конкретно на Големите сили, и нашата улога и визија со македонска опција во Граѓанската војна?

Второ: како ние -Македонците, самите гледавме на ова прашање и дали низ целиот период на Граѓанската војна, бевме уверени дека ја оствaруваме токму македонската опција?

Или, можеби ја почитувавме ленинската теза дека, комунистичкото движење, на националното прашање гледа, како на тактичко и во основа одговара на интересите што секогаш одговараат со државните интереси на доминантната нација, во нашиот случај на Грчката. Тогаш се поставува прашањето: Зошто така не пропагираа НОФИТЕ и АФЕЖИТКИТЕ, па ќе бевме сведоци на една сосема друга ситуација, а можеби и не ќе доживеевме таков национален пораз.

Трето: Зошто едно такво витално и национално прашање (големи жртви, изгубен македонски географско-историски простор и. т. н) не е третирано во интегралната македонска историја, туку како секторска- “Егејската”, а таквата не може да има рамен третман во изучување и презентација на националната историја.

Се до 1945 година македонскиот народ под Грција имаше цврсто духовно и национално единство. Постарите Македонци и нивните деца и внучиња живееа со ист дух, и го негуваа македонскиот национален идентитет и единствени на таа стратегија, значи македонскиот човек, како стратегија за опстанок го прифати: “Културното затворање и затворањето на поединецот во идентитетот и во заедницата-македонска”. И, НОФ и АФЖ, токму на таква почва најдоа доверба и во масите и станаа доминантни господари во пропагирањето на политиката што ја диктираа:

КПМ/КПЈ од 23 април 1945-до т. н “Братство и единство” до 21 ноември 1946 година. (Токму по овој чин настанува иронијата и многу елегантно КПМ/КПЈ, си ги измија рацете од Македонците под Грција и ги оттуѓи како робови. Но, да ја проследиме ова добро позната историска приказна).

Сведоштва:

Види: “ДОКУМЕНТИ - за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава” Том втори.

ДИРЕКТИВИ ОД ГЛАВНОТО РАКОВОДСТВО НА НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНИОТ ФРОНТ ДО ОКРУЖНИТЕ ПОВЕРЕНСТВА НА НОФ.

Септември 1945 г.

Да се рашири нашиот НОФ секаде каде што има Македонци во секое село, во секој град, квартал, колиба и земеделска куќа. Нити еден Македонец, Македонка или Македонче да не остане надвор од НОМС, АФЖ, НОФ и надвор од нивните влијанија. (стр. 721-722-723)

ПАРОЛИ НА НОФ, АФЖ И НОМС СО „СТРАТЕШКИ ДИРЕКТИВИ" ЗА „МАСОВНА ОДМАЗДА". СЛОБОДАТА САМО ДОАЖАШЕ, НО НИКОГАШ НИКОЈ НЕ ЈА ДОЧЕКА

Уште на 22 Ноември 1945 година, покажуваат многу воинствено истрчување и тоа една година пред официјално да се објави Граѓанска војна во Грција:

„Ниту еден Македонец не треба да се најде надвор од антифашистичките организации НОФ и АФЖ".

Напред! (Но сега не со паролата): „Тито - Лазо - Партија!", туку со „Сталин - Захаријадис - Партија!"

Само така организирани ќе можеме да го уништиме фашизамот и да ги добиеме нашите права и право на полно самоопределување."

"Напред. Сите Македонки во Антифашистичкиот фронт на жените (АФЖ) за целосно уништување на фашизмот, за нашата слобода, за нашите права". Викавме, како да ги раскинуваме ропските сиџири.

Викаше и македонската жена организирана во Антифашистичка организација АФЖ заедно со лидерот Евдокија Фотева - Вера.

Напомена: цел свет знае оти на 9 мај 1945 година беше прогласена тоталната победа над фашизамот, а по се изгледа

дека нашите пароли беа излитени или погрешно позајмени. Несериозно кон нашите добри македонски селани од Костурско, Леринско, Воденско и. т. н кои бескрајно им веруваа - на валканите пароли - како на свои синови, оти, ако тоа го правеа Грците, нашиот човек не ќе беше влезен во тој геноциден зафат.

Народот и денес ги знае кои се тие луѓе (кои го натераа да биде еуфорично среќен). Тие луѓе не беа малку вредни, и јас ги почитувам, оти нивната заблуда беше убава, но беше заблуда. Заблудата беше прекрасна, си го сакаа својот народ, од тоа немаше поубаво, но тие го сакаа на погрешен начин, го уништија: го натераа да се саможртвува, обездетија, обездомија и го фрлија по светот за никогаш да не може да се врати. А тие наши политичари од НОФ и АФЖ станаа-апсолутни губитници, смешни и збунети во сибирските тундри.

Значи, ете како македонскиот народ се најде (стоеше) вџасен и разгромен пред овој последен, судбински повик, затоа што знаеше дека со дипломатски трампи изчезнаа неброени Македонци, а сега се бараше од нив масовно учество за да бидат сомлени во т. н револуција, односно како ја нарекуваа активистите на НОФ и АФЖ: продолжување на Илинден.

Народот вели: “За да верува некој во мене, морам да кажам нешто во што јас верувам”. Како да се најде одговор зошто овие наши луѓе нофити и афежити, толку многу им веруваа на тугинците?! Веруваа во војна со нејасна македонска цел. А ако се постави прашањето ‘Зошто им веруваше македонскиот народ на НОФ и АФЖ, а не на КПГ’, тоа прашање е доволно апсолвирано. Народот велеше: “Нашчи се…. “ и дури толку им веруваше македонскиот народ, дека токму тие ја гледаат реалноста на македонскиот национален идентитет па е потребносамо во една таква војна да влеземе и да не има што помасовно. Но, во целиот тој кобен модел на тугинците, единствена неизвесност беше и остана само неизвесноста…

Како што подоцна грчката влада и КПГ, отворено ќе кажат, Тито имал “завојувачки планови против грчка Македонија”

(исто, с. 205), а преку НОФ, односно со помош на НОФ “ќе ја присоедини-анектира Егејска Македонија” (исто, с. 271).

КОИ БЕА ВСУШНОСТ НАШИТЕ СОЈУЗНИЦИ ВО ГРАЖАНСКАТА ВОЈНА?

Одговорот е: Никој! Па дури ни КПМ, бидејќи и таа беше целосно потчинета на КПЈ.

Значи, македонски нихилизам, грешки, поданство и реки крв, но да се вратиме на фактите:

За нас - Македонците како полувековен проблем е што не е докажано со каква национална стратегија на 23 април 1945 година се создадени во Скопје организациите:НОФ (Народно ослободителен фронт), АФЖ и НОМС за Егејскиот дел на Македонија, надвор и независно од КПГ и од било каков политички субјект во Грција кој повеќе од година делува и се раководи од КПМ/КПЈ (Евдокија Фотева - Вера го опишува како ИЛЕГАЛНОСТ) и Програмската [14] цел на НОФ и АФЖ,

---

[14] Организацијата НОФ (дури во 1946 година ја донесува оваа програма се разбира корегирана, а каква програма имаше 1945 година нее позната но, највероватна усмена била.) и си ги поставила следните задачи:
1. Непомирлива борба на Македонците од егејскиот дл на Македонија за извојување на своите национални и социјални права;
2. Афирмација на македонскиот национален идентитет;
3. Актуелизирање на македонското национално прашание во политичкиот живот на Грција;
4. Организирање отпор против теророт и геноцидот што го наметнаа и плански го спроведуваа грчките реакционерни власти врз македонското население;
5. Јакнење на националното едеинство на македонскиот народ;
6. Разобличување на автономистичката активност на приврзаниците на Ванчо Михајлов и разбивање на нивната шпионска мрежа во овој дел на Македонија, кои како агент на англоамериканските диверзантски центри се бореа против националните права на македонскиот народ;
7. Разобличување на англоамериканските планови, кои имаа за цел егејскиот дел на Македонија да го претворат во база за шпионска и субверзивна дејност против НР Македонија и цела Југославија како и против сите балкански народни републики;
8. Јакнење на братсвото и единството помеѓу македонскиот народ и грчкиот народ и заедно со сите прогресивни сили на Грција, Македонците да се борат против заедничкиот непријател;

им беше: да се борат за извојување на националните права и правото на самоопределување на Македонците под Грција. За остварување на таа стратешка цел, беше применета и оружена форма на борба, за што раководството на НОФ по неколку дена,односно на 28 април 1945 година реши да формира македонски партизански единици. (Види:Кирјазовски, 1995/202)

Се поставува прашањето: Како сето тоа ќе го оствареше НОФ и АФЖ? Кога повеќе од јасно е дека еден дел од македонскиот субјективен фактор, не беше на ниво на барањата и целите на македонското национално-ослободително движење.Тоа се потврди зашто неуспеа да се соочи со многу сложните проблеми, што ги создаваа внатрешните и надворешните фактори. Ниту беше во можност да ги процени нивните сили, а уште помалку стратешките интереси и планови. Зошто до сега никои од тие стратези во НОФ, КПМ и КПЈ не дадоа одговор? Зошто секој од учесниците во таа војна, остана да си ги поставува прашањата:

а) Ќе беше ли во состојаба НОФ и АФЖ да го оствари самоопределувањето во една новосоздадена положба во Македонија под Грција со извршената етничка промена на населението од 1924 - 1930 година, кога преку 660 илјади доселеници - колонисти беа населени на македонска земја и со тоа грчката држава од Македонците направи малцинство?

Ќе требаше ли некој од НОФ и АФЖ да ги праша тие доселеници дали би сакале да живеат во некаква балканска федерација, или со тоа ние-Македонците си правевме непријатели од овие луѓе. Но, се поставува прашањето дали тие како комунисти Македонци реагираа, на таквите акции од грчката влада. Тогаш, на тоа прашање (менување на етничкиот

---

9. Организирање на борбата на македонскиот народ за премостување на вештачкиот јаз Македонците од сите делови на Македонија, особено со НР Македонија, која претставува "Пиемонт" за целото ослободување и обединување на македонскиот народ." Види: во органот на НОФ за Егејска Македонија "Билтен", бр. 9, од 15 март 1946 година.

состав на Македонија) гледаа како на правено и хуманост спрема тоа население?

б) Дали НОФ знаеше ли дека скоро тие колонисти се на чело на левите сили во Грција како ЕАМ и КПГ(кои не немаа во своите програми- С. К) како Захаријадис, Парцалидис, Иоанидис, Маркос и други,и како можеше да очекува поддршка за таквата оптимална програма за самоопределување на Македонците?

в) Зошто тоа го прави сега кога тие истите членови на НОФ, како учесници во редовите на ЕАМ и ЕЛАС не им даваа да добијат никаков политички субјект во годините на антифашистичката борба и зарем имаа заборавено дека беа прогонети кога побараа национални права и беа наклеветени и анатемисани како автономисти, сецонисти, комитаџии и славофони?

Развојот на силите на НОФ и АФЖ и политиката на КПМ/КПЈ за оптималното омасовување на целокупниот македонски народ.

Значи, ако политичката стратегија и тактика на Маркос била за не омасовување на вооружениот отпор и тоа со искусни борци од ЕЛАС, тогаш каде да ја бараме логиката на таквите политички процеси. Тоа што го правеше НОФ со невидено галопирање во омасовувањето на македонците селани: Нофитите и афежитите користеа една комбинација на политичка демагогија и сентиментална манипулација со селаните.

Така се формира таа наша позната искривена симбиза: лажни верувања и очекувања - рамно на ветувања.

Наместо НОФитите да се соочат со реалноста, тие, како креатори на македонските организации се обидуваа да создадат реалност (за превземање против Македонците најстроги мерки од владините инститиуции терор, апсења и легитимни миграциони процеси), ситуација каква што им требаше на проектантите за нашето искоренување.

(Види-Извештај од главното раководство на НОФ од 9 февруари 1946 година, за организационата структура на НОФ во Егејска Македонија: Ам. Збирка “Егејска Македонија во НОБ 1945-1949”, АЕ: 86 и 87. Објавени во едицијата: “Егејска Македонија во НОБ 1946”, Т. Ш…, док 42 и 43. Стр. 97, 100, 103-106. )

Села / член на КПГ /член на НОФ/ НОМС/ СКОЈ/ АФЖ

Костурски округ

1. Преспанска околија
 А. реон Герман... ... ... ... ... ... .. . 16 села
 Б. реон Африка... ... ... ... ... ... ... .. 7 села

2. Околија Корештата
 А. реон на Д’мбени... ... ... ... ... ... .. .9 села
 Б. реон на Дреновени... ... ... ... ... . . 14 села
 В. реон на тиолишта... ... ... ... ... ...14 села

3. Околија Полето
 А. реон Жупанштa... ... ... ... ... .... .12 села
 Б. реон Рупишта... ... ... ... ... ... ...10 села
 В. реон на Кастенаријата... ... ... ... . 18 села
 Г. Подреони на Калевишта... ... ... ... . 5 села

Лерински округ

1. Леринска околија
 А. Буфски реон... ... ... ... ... ... .... . 13 села
 Б. Которски реон... ... ... ... ... ... . . 15 села
 В. Банички реон ... ... ... ... ... ... . .. .6 села
 Г. реон Овчарени... ... ... ... ... ...... .9 села
 Д. реон Турје... ... ... ... ... ... ... .... . 6 села

2. Совичко-Кајларска околија
 А. реон Екши-Су... ... ... ... ... ... . .. .5 села
 Б. реон Ајтос... ... ... ... ... ... ... ... 8 села
 В. реон Мокрени... ... ... ... ... ... . .. 16 села

Воденски округ

1. Мегленска околија
 А. реон на Кронцелево... ... ... ... ...13 села
 Б. реон на С'боцко... ... ... ... ... ... . 11 села

2. Островска оклија
 А. островски реон... ... ... ... ... ... . . 7 села
 Б. реон на Месимер... ... ... ... ... ... .11 села
 В. реон на црно Мариново... ... ... ... . 8 села

Во извештајот се нагласува, дека состаноците се одржуваат редовно во месец јануари. Повеќето села ја прифаќаат нашата линија и се борат под наше раководство. Во извештајот се наведуваат точно колку им припаѓаат на секоја од овие организаци, а бројката е фрапантна и се добива претстава дека македонското население е целосно под влијание на овие организации . Има и други детаљи.

За Организационото раководство
Секретар, с. р.

ЗНАЧИ, НОФ И АФЖ БЕА ОФОРМЕНИ И ОРГАНИЗИРАНИ ОД КПЈ/КПМ, И СЕ ПОКАЖА ДЕКА МАКЕДОНЦИТЕ ОД ТАКВАТА ЕМОЦИОНАЛНА ЗАРАЗА СТАНАА ЖРТВИ ЗА ТУЖИ ИНТЕРЕСИ

Но и историчарот Лазар Лазаров, (1998/62), не упатува на извештаите испратени до француската влада на 26 септември 1945 година од страна на францускиот генерален конзул во Солун Жерар Раул Дувал, во кои вели: "...Седиштето на организацијата НОФ се наоѓа во Скопје, на југословенската територија... посе ми се чини дека пропагандата на НОФ на Славофоните е остварување на идејата за автономна Македонија, а југословенската влада ја контролира ова организација и ја гледа грчка Македонија како сопствен дел на југословенската територија..." (стр.62).

Иторичарот Ванче Стојчев (види: фељтон "Силите што го спречија обединувањето на Македонија" (Н. М од 8. 9. 2001),

потврдува: “...Во Скопје на 23 април 1945 година по иницијатива на КПМ било конституирано основачко биро на Народно-ослободителниот фронт (НОФ за Егејска Македонија. Со ова биро раководел ЦК на КПМ. Основна задача на оваа македонска организација била да застане на чело и да ја предводи борбата на македонскиот народ во егејскиот дел на Македонија. Во составот на НОФ биле формирани НОМС и АФЖ и сите нивни членови биле префрлени во егејскиот дел на Македонија. Покрај монархофашистичките и британските сили, присуството на НОФ го отфрлиле и ЦК и КПГ и ЕАМ кои тоа го прогласиле како загрозување на територијалниот интегритет на Грција. НОФ го покренал македонскиот народ во борба но, не успеал да се зацврсти како раководен орган. КПЈ и КПМ исто така не биле во можност да им пружат позначајна помош на Македонците во Егејскиот дел на Македонија, додека КПГ ги штитела грчките интереси. Изјавата на Тито за “Њујорк тајмс… Ако Македонците од грчките области изразат желба да се обединат со другите Македонци, Југославија ќе ги почитува нивните желби… дејствувала потикнувачки за македонскиот народ и во ЦК КПМ но, исто така, и на противничките сили кои против силите на македонскиот НОФ во Грција применувале злосторнички мерки...”

Значи, жртви на таквите состојби беа Македонците. И затоа, голема илузија е некој уште да мисли дека во меѓународните односи па и во југословенско-грчките односи важеа некои определени принципи. Принципите беа во форма на гола политика, со цел да се замаглуваат очите на светската јавност и на жртвите. Ние Македонците, не бевме во состојба да сфатиме дека посилните секогаш се раководеа од правилата на нивните стратешки државни интереси не водејќи сметка за интересите на помалите-во случајот ние Македонците. По влегувањето во нивната мрежа, ние можевме единствено да се надеваме само на божја помош.

Ова е период кога овие организации дејствуваа надвор и независно од КПГ и беа исклучиво раководени од КПМ/КПЈ (Види:Кирјазовски 1995/10).

Нема сомнение, дека оптималната цел на НОФ и АФЖ, (КПМ/КПЈ) и беше да ги опфати тотално сите Македонци под Грција и да ги стави во функција на сенароден фронт за реализација на програмската цел. Но, се поставува прашањето: Ако таквата стратешка цел беше прифатена како грижа од КПМ/КПЈ, тогаш, зошто само пред неполни три месеци овие највисоки тела на Југославија беа против паролата: “Да го свртиме оружјето кон Солун!”, односно: “ На Солун, не на Сремскиот фронт?!”

Од таквата стратешка цел на КПМ/КПЈ, организацијата НОФ и АФЖ, беше организирано во 5 окружни, 10 околиски, 3 градски и 32 реонски раководства со 120 професионални кадри на НОФ, АФЖ и НОМС и беа организирани 220 села (половина од овие села се унуштени во времето на Граѓанската војна-м.з ), а функционираа 170 селски и градски организации. Во тој период биле создадени и воени формации-до баталјони.(Види: Кирјазовски 1985/143).

Од историски аспект, самите слогани (НОФ и АФЖ) си ја имаа завршено функцијата уште кога се прогласи пред светот победата над фашизамот, но за нас Македонците изгледа тоа не важеше. Но, со тоа грчката влада го озакони (донесе специјални закони, кои исклучиво важеа само за нас Македонците) насилството против таквите организации (НОФ и АФЖ) во Грција и власта се одзва со невиден терор до крајот на Втората светска војна. Ова, се правеше, уште пред да почне Граѓанската војна, бидејќи официјално таа е прогласена на 31 март 1946 година,со решение на Вториот пленум на КПГ, одржан на 12 февруари 1946 година.

Соодносот меѓу силите на левицата и на десницата во времето кога беше донесена одлуката за почнување на оружената борба беше следниот:

Владини сили-44 баталјони национална стража со вкупно 30. 000 лица 8. 800 офицери и војници на ридски армиски бригади. Жандармеријата беше првата државна воена сила која беше реорганизирана пролетта 1946 година. Таа тогаш броеше 27. 000 луѓе, од кои 14. 000 во Северна Грција (во Македонија:

Костур, Лерин, Воден и др. Покрај регуларните единици, беа организирани и паравојни воени формации, какви што беа: МАИ-(единици за заштита на внатрешноста). МАД-(едницици за прогон) со околу 35. 000 луѓе. Сите тие беа командовани од искусни армиски офицери. Истовремено, во цела Грција дејствуваа околу 166 вооружени терористички банди, организирани и раководени од најекстремната десница.

СТАВОТ НА ЗАПАДНИТЕ СИЛИ БЕШЕ ЈАСЕН, НО РУСКИОТ-СТАЛИНОВИОТ Е ЧУДЕН: “НЕКА СЕ БУРИЧКА ВО КАПИТАЛИЗМОТ, НО НЕ ЗА ПОБЕДА” И ПОДРШКА - САМО НА ЗБОРОВИ, А ЈУГОСЛАВИЈА ИМАШЕ ДВОСТРАНА ПОЛИТИКА - ЈАВНА, СО КОЈА ГО ПОЧИТУВАШЕ ИНТЕГРИТЕТОТ НА ГРЦИЈА И ТАЈНА - СО КОЈА ГИ ПОТИКНУВАШЕ МАКЕДОНЦИТЕ ОД ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА ЗА ВООРУЖЕНА БОРБА.

Значи, накратко, неправедниот поредок, наметнат во Јалта, го следеше еден неред, исто така суров и без сомнение уште по крвав за нас Македонците под Грција, кои се најдовме поделени во четири држави. Идејата за светскиот комунизам беше празна во значењето од кога и да било порано, и зачудувачки е да се констатира пред ова немоќ. Но, спрема нас по Втората светска војна, идеолошката пропаганда на тугинците успешно си го стори своето со нас кои толку многу им верувавме на сите тие наши стратези.

Реакциите на КПГ и на владата во Атина-против формирањето на НОФ и АФЖ

Како организациите: НОФ, АФЖ и НОМС, создадени во СФРЈ-Скопје, беа пречекани во Грција од левите сили, на кои НОФ и АФЖ не натера да им бидеме верни и им го поверивме сиот македонски потенција, па дури и децата?

Два месеца по формирањето на НОФ, раководителите на КПГ, преку 12-от Пленум на ЦК КПГ (јуни, 1945) во резолуцијата грчките позции, односно границите на север, ги прогласуваат несигурни и загрозени:

“Решително се спротивставува на секое територијално барање од која и да е страна против Грција. Зачувувањето на територијалниот интегритет на државата е првостепена задача на секој грчки патриот”. Види: (ТО ККЕ АП ТО 1931-1952, с. 110). Понатаму, се вели дека Англија како „голем пријател” на Грција, односно воено - политичкото присуство на Бротанците го прогласуваат како неопходно нужно за да бидат осигурени нашите позиции и нашите граници на север”.

Ете, сега е сосема јасно како го прифативме ритамот на глобалното индокринирање и од тоа немаше назад. И, тогаш ја изгубивме историската шанса за остварување на националните права во Грција, кои беа утврдени со меѓународното право. Нели сево ова беше туѓински аршин за Македонците под Грција?

Грижата на Колишевски како секретар на КПМ спрема кадрите на НОФ и АФЖ

Интервју: “Со чисто срце и со мирна совест”
Но, многу непобитна и интересна е и изјавата на Колишевски [15] во неделното списание “Старт” година 2, бр 62, стр 21, дадено на писателот Јован Павловски во интервју насловено “Со чисто срце и со мирна совест!” Во него Колишевски вели:

Старт: Кога сме веќе кај Ранковиќ: Неговото име тесно е поврзано со помошта што Југославија им ја пружаше на грчките партизани по завршувањето на Втората светска војна во 1945

---

[15] Врз основа на одлуката меѓу Тито-Захаријадис од 14 октомври 1946 година на КПЈ и КПГ, претставени од Караиванов и Јоанидис ја остварија следната спогодба: “Македонската организација НОФ (АФЖ и НОМС) и нејзиното раководство поминува во целост под КПГ, а вооружените единици на ДАГ под раководство на генерал Маркос. По постигнатата спогодба меѓу КПЈ и КПГ, по извесено време, членовите на Главниот одбор на НОФ на чело со Паскал Митревски беа примени од секретарот на ЦК на КПМ Лазар Колишевски, на кои им го рекол следното: “Вие сега одете долу (во Егејска Македонија), раководител сега на вашата борба ќе ви биде КПГ. Линијата на КПГ е исправна. Да имате доверба во неа. Борете се со сите расположливи сили против шовинизмот, сепаратизмот и локалните тенденции...”

година. А познато е дека меѓу партизаните имаше голем број Македонци од Егејска Makeддонија.

КОЛИШЕВСКИ: За тоа малку е зборувано од автентични извори. Можеби за првпат, еве, сакам да кажам: Се работеше за опстанок на егејските Македонци, на кои им се закануваше иселување, па се залагавме таму, во Егејска Македонија, да се формираат партиски организаци и партизански одреди. Заедно со Ранковиќ и со неколку генерали, во крајна дискреција, ја водевме таа акција. Да, формиравме Покраински комитет и вооружени формации за одбрана на селата во Егејска Македонија. Ги снабдувавме со оружје партизаните и ги примавме нивните ранети. Ги храневме, ги облекувавме, ги вооружувавме, ги префрлавме со камиони од оваа страна на границата, кога беа потиснувани. Објективно, тие во 1946 година водеа војна под мошне поволни услови: им го дадовме се она што нам, како партизани, во војната, ни недостигаше. Ќе раскажам една мала сторија, за која не сум зборувал досега: Кидрич во првата година по победата раководеше со стопанскиот живот на Југославија, па, во таа рамка, и со прехранувањето на луѓето во земјата. Беше одличен математичар и не можеше, а да не забележи дека јас, постојано, му барам следување на храна за Македонија, повеќе отколку што ни припаѓа-вишокот го дававме на Македонците од Егејска Македонија. Кидрич знаеше да се налути на моите постојани барања храна, и лут, знаеше да рече: “Аман, бе Лазо, па колку во Македонија има Македонци, кога постојано бараш толку храна!” Ми стана не непријатно, па му реков на Ранковиќ дека треба да му ја откриеме тајната на Кидрич. Ранковиќ се согласи. А кога му раскажавме за што се работи, тој со смеење ја прифати нашата тајна и не правеше проблем, кога баравме повеќе брашно и друг вид следување. Дури откако му објаснивме и се избакнавме тој и јас. Групата за снабдување со оружје на македонските и грчките партизани ја раководеше генералот Јово Капичиќ.”

И ова акција на Колишевски со генералите ни покажува дека таа војна беше нечиста за Македонците под Грција и со тоа се потврдува дека НОФ беше заведана од туѓи цели и интереси од воинствениот Генералштаб на ЈНА и политиката на КПЈ.

Но, да се запознаеме со уштен еден став на Колишевски:

“...Прашањето за обединување на Макдонија повторно било актуелизирано во месеците непосредно пред донесувањето на уставот на Федеративна Македонија и одржувањето на Париската мировна конференција. За одржувањето на Првиот конгрес на Народниот фронт на Македонија одржан од 2-4 август 1946, Ф. О. (Форин Офис) бил известен на 13 август. Во извештајот се нагласува присуството на конгресот на Колишевски, како претседател на Народна Република Македонија и секретар на територијалниот одбор на Народниот фронт на Македонија, М. Нешковиќ претседател на српската влада, Фране Фрол, министер за правда на федеративната влада, делегација од делот на Македонија под Бугарија на чело со Крсто Стојчев, делегат на бугарското собрание, делегати од Грција”или како што овде се веле Егејска Македонија” и делегат од Трст, Еу ќен Лауренти. Она што му дало посебен белег на конгресот била манифестираната желба на “македонскиот народ да биде слободен и обединет во Република Македонија во рамките на Федеративна Народна Република Југославија.” Остварувањето на таа идеја, можела да се оствари само со зајакнување на културните врски со Пиринската област и националното осознавање на народот што во тој дел на Македонија би создало услови за остварување на желбата за обединување на овие области со Република Македонија. Во однос на идејата за обединување се нагласувало дека дотогаш во печатот “малку или скоро никаков публицитет не им било дадено на тие идеи во Југославија до појавувањето на Манифестот” а “односот кон грчка Македонија е неодреден и е нешто повеќе од платонска симпатија. Но како и да е јасно што лебди во воздухот”.

Во својот говор Колишевски во Битола и тој се спротивставил на идејата за обединета и независна Македонија надвор од рамките на Југославија или под протекторатот на големите сили. Тоа според Колишевски би преставувало “уништување на сегашната македонска федерална единица”. (Види: Т. Чепреганов, 1997/152).

Темпо, со нови политички пораки:

Светозар Вукмановиќ: во својот говор во предизборниот говор во Куманово на 16 октомри 1945 година како кандидат на кумановската околија, решително се спротиставил на сите оние кои обединувањето на Македонија го гледаа надвор од рамките на Југославија или обединета Македонија под покровителство на големите сили. Според Темпо сите оние кои ја подржувале таа идеја биле истите оние личности кои биле одговорни за бугарската окупација на Македонија од 1941-1944.

Значи, македонскиот фактор го нема, и се е во склад со политиката на КПЈ која имала огромно влијание на македонските комунисти во вардаскиот дел на Македонија... Значи, во ваквиот еволутивен историски процес, се роди и Македонското движење со projугословенска ориентација и го официјализира ставот: Обединета и независна Македонија НЕ!, туку обединување на другите делови на Македонија (Пиринска и Егејска Македонија) во рамките на Југославија (кон мајката земја). Значи, вардарскиот дел да се прогласи за пиемонт на обединувањето во составот на СФРЈ [16] На што не упатува таквиот јасен став на Југославија?!! Значи, дека сега тој исконски национален македонски набој, некој посака да го насочи проблемот на сосема попримамлива национална рана. Тој став, колку беше реален и остварлив во таквите меѓународни состојби на Балканот ,сега без никакво историско маскирање во анализите од многу автори е реално прикажан како невозможен.

## РАЗВОЈОТ НА НАСТАНИТЕ ВО 1946

[16] Од многу аналитичари се цени, дека по повеќе години упорно градение југословенското единство, по 1980 годна, се јавува криза во југословенскиот идентитет, значи националниот идентитет на СФРЈ станува многу слаб за да биде прифатен за сите народи во СФРЈ. Македонија веќе имаше поминато низ слични фази кога Бугарија и Грција не го признаваа постоењето на македонската нација, но сега се виде дека формирањето на нов национален идентитет не е лесно остварливо што го докажа и примерот со Југославија и со Македонија по осамостојуванието.

Развојот на левите сили (КПГ и ЕАМ), низ политичките настани во почетокот на 1946 година се одвиваа спрема концептот за неомасовување на населението во вооружен отпор и од таквиот став беа враќани илјадници војници и офицери сите симпатизери и членови на КПГ и на ЕЛАС, кои беа жестоко прогонувани од новата власт на Атина.

Но, зачудува концептот на НОФ (КПМ//КПЈ ) по кој уште во 1945 година беше реализиран и изврши масовна мобилизација на македонското население, зачленувајќи го во НОФ и АФЖ. Очевидно тоа покажува дека е внимателно испланиран идниот и другите концепти преку стратегијата и тактиката на тугинците.

Тоа го покажува и следното дека по предупредувањето и спречувањето на левите сили низ цела Грција да учествуваат во масовноста, а подоцна тие леви сили се преорентираа и настана наводно проблемот со резервите на воените сили на ДАГ. И, не е чудо тие од 25. 000- илјадитата армија на ДАГ, во нејзините редови се најдоа насилно мобилизирани и ја сочинуваа 50% Македонци борци, а другите беа Грци. Тоа значи, од осуммилионското грчко население во единиците на ДАГ имаше неповеќе од 18-20 илјади борци на ДАГ, а од 300 илјдите македонско население во Грција имаше околу 15-20 илјади Македонци борци на ДАГ, низ целиот период на Граѓанската војна (1946-1949).

Спорд истражувањата на генералот Зафиропулос, силите на партизаните, во текот на 1946 година се развиваа по следната динамика.

| | |
|---|---|
| - До април 1946 година... | ... 950 |
| - Мај... ... ... ... ... ... ... | 1. 300 |
| - Јуни... ... ... ... ... ... ... | 2. 700 |
| - Јули... ... ... ... ... ... ... | 3. 500 |
| - Август... ... ... ... ... ... . | 3. 600 |
| - Септември... ... ... ... ... | 4. 490 |
| - Октомври... ... ... ... ... . | 5. 930 |
| - Ноември... ... ... ... ... . . | 7. 450 |
| - Декември... ... ... ... ... . | 9. 285 |

Што значи односот на владините сили е 10: 1, а военото наоружување е неспоредливо.

Развојот на силите на партизаните и андартите и итрата тактика на генерал Маркос за неомасовување на вооружените сили.

"…Кога пристигнав во Белград, вели Маркос… одма се сретнав со другарот Иоанидис во една канцеларија каде ме дочекаа и двајца лидери на Комунистичката партија на ЈугославијачТемпо (Вукмановиќ) и Ранковиќ. Ме прашаа што ќе треба за неопходно да сторат за да помогнат (за ДАГ). Им реков дека потребно е наоружување за 18. 000 борци. Само што слушна Иоанидис, дека барам наоружување за 18. 000, стана и ми вели: Маркос, да ли си во добрите: што ќе правиш со тоа наоружување за 18. 000 борци. Доволно е само за 4-5 иљадии ниту за еден повеќе не треба". (Стр. 94. Кисавос). Понатаму тој објаснува:

"…Тогаш јас го прашав Марко: -Зошто другар Марко, по враќањето од Белград во Грција, ја промонивте линијата на Партијата. Беше присутен и лекарот Сакеларију. Ми одговори: - Ми ја промени партиската линија Иоанидис кога бев во Белград, другар Георги."

Најсигурно е дека, таквата линија ја променија Југословените и Иоанидис и од тогаш Марко се здоби со особени симпатии од југословените и лично од Тито, кои се до ден-денес се забележливи тие симпатии.

Кисавос, во неговата книга потврдува дека Маркос, по враќањето од Белград во Грција, во својот штаб, реши да ги враќа во своите домови сите што доаѓаа како доброволци во редовите на ДАГ, така на пример: околу 1. 500-2. 000 доброволци беа вратени и по нивното враќање непријателот безмилосно ги уништи како "кучиња". Исто така, наведува и други примери, како што е со секретарот на Политичката Комисија на градот Трикала, Костас Аридас кој заедно со поголема група кадрови кои имаа цврсто донесено решение во Околиската област на Тесалија дека треба да излезат во планина

и да се борат, беа вратени и сите беа арестовани и стрелани. (Стр, 88. )

Кисавос, пишува за уште еден потрагичен, па дури и срамотен случај.

“Една група, околу 250 млади и наоружани доброволци, од околијата на Каламбака-Кастраќу, кои се обидоа да ги вратат, тие се спротивставија. Но, тие по своја иницијатива се организираа во 2-3 чети и решија сами да се борат против непријателската владина војска, во време на најголемите воени операции што ги имаше преземнео владината војска на тој терен.

На чело им беше Спирос Царас од с. Кастраки -Каламбака. Се покажаа најдобри борци (во тие жестоки борби) и без да имаат жртви во таа тешка и жестока борба. Раководството на маркосовите штабови, наместо да им честита за нивната храброст, тие беа изгрдени за непослушност, а долго време го имаа за сомнителен Спиро Царас.

Значи, ако политичката стратегија и тактика на Маркос била за не омасовување на вооружениот отпор и тоа со искусни борци од ЕЛАС, тогаш каде да ја бараме логиката на таквите политички процеси. Тоа што го правеше НОФ со невидено галопирање во омасовувањето на македонците селани:

(Москва - Белград- КПГ)

(Следните факти се клучни моменти во целата историја на НОФ - од воените архиви: СССР, Јгославија и КПГ)

На 20 март 1946 година Захаријадис ја напушти Атина и замина за Прага. Патувањето, едновремено, било искористено и за разговори со комунистичките лидери, од кои Захаријадис побарал подршка за вооружуваното дејствување од повеќе лидери на европските комунистички партии, но скоро од никого не добил одобрење, туку на тоа гледале како на незрел потез. Најзначајните лидери - Торез на Франција и Тољати на Италија му укажале “дека е опсано да се прибегнува кон

оружје.” Посебно Георги димитров, му укажал дека “меѓународната ситуација не дозволува избувнување на нов вооружен конфликт, кој фактички би им овозмужил директно мешање на западните сојузници на БАЛКАНОТ”.

Но, сите тие лидери, добро знаеа дека Захаријадис, по девет години заточеништво во мај 1945 година се врати од контрециониот логор Дахау, во Атина од Германија и им остави чуден впечаток со својот најнов став. Тој со британски авион пристгнал во Грција и веднаш по враќањето ги презел своите поранешни должности на генерален секретар на КПГ и започна со работа.

Тој во весникот „Ризоспастис”, ги изложил стремежите на Партијата, истакнувајќи дека КПГ „никогаш не настојувала да ја освои власта против желбата на народот и дека никогаш немала да се стреми кон курсот на дејствување заговори само од Троцкистите, од анархистите и од идиотите.”

Истовремено знаеле дека, Арис Вилухиотис, „Симболот на грчката герила” бил јавно прекорен од Захаријадис, како „авантурист” кој со своето „однесување” ја помагал десницата во нејзините напади против левицата. Последователно, уследило неговото исклучување од Партијата, а набргу потоа, било убиен од спротивните сили.

Но, Захаријадис на тие средби во Прага добил и доста информации за марашалот Јосип Броз - Тито дека „по успеход на герилското движење во Југославија, Тито бил насочен кон проширувањето на “револуциите” насекаде на БАЛКАНОТ.”

Захаријадис, посебно вознемирен, на враќање од Прага го посетил Белград каде барал да биде примен од марашалот Тито.

Захаријадис, бил примен од Тито и тие разменува на руски по некој збор без тумач и Тито пасакувајќи да наздрави, му се обрати:

– што мислите за иднината на БАЛКАНОТ?

Захаријадис му одговори:

– Маршале, токму затоа сум дојден кај вас по инсистирање на многу лидери кои многу Ве почитуваат по успехот на герилското движење во Југославија. И детално му објасни дека политичката положба и народодт е спремен да се бори и да ја преземе власта од англо - американските империјалист.

Тито, неможејќи да го сокрие задоволството, расположен со своите соборци: Ранковиќ, Кардел, Џилас, Темпо, Колишевски и други, му рече:

– Животот не оди назад. Револуциите носат прогрес, развој на општеството и на производни сили. Јас во името на комунистичката партија и народдот, ви ветам широка помош што е потребно за една организирана народна армија.

Вие знаете дека ние по Втората светска војна одма мислевме на една револуција и неслучајно денес во егејска Македонија дејствуваат токму такви револуционерни снаги од граѓани на Грција - Македонци. Тие се раководени токму од нашите опитни центри кои имаат долга револуционерна традиција. Ние сме спремни тие сили и силите кои се во логорот Булкес да ви се стават под ваша команда.

Тито, се сврти кон Колишевски и му рече:

– Лазо, прибележи, и направи се, тие снаги под мотивот „братство и единство" да се стават под КПГ во корист на револуцијата.

а) НОФ и АФЖ да бидат приклучени кон КПГ и да се прекинат врските со вас (КПМ) и да не им се мешате и наредувате што и како да се борат за некаква обединета Македонија - тоа сега е анахроно пред ова револуција. И секако да им се изменат програмските цели на борбата и да се прифатат програмските цели на КПГ;

б) НОФ да формира Централен орган кој ќе одговара пред покрајнскиот комитет на КПГ;

в) Вооружените Македонци во егејска Македонија да се стават под целосна: организациона, политичка и акционо единство под команда на воените раководители што се под команда на КПГ.

Вие гледате, како тоа го прават Англичаните и Американците во Грција.

Но, сето тоа другар Никос, ќе треба да го одобри Стариот - Генералисимусот Сталин за еден таков чин на револуција. Но, Тито, добро го знаеше ставот на Сталин: „Нека се буричка во капитализмот!" и беше сигурен дека ќе го прифати предлогот на Захаријадис.

Захаријадис, возбудено му рече:

– Јас сум спремен сето ова да му го пренесам на генералисимусот и од него да барам подршка.

– Да наздравиме за иднината револуција!, - рече Тито и продлжи: – Бидете решен, не се плашите, не се плашите на некакви жртви и совладувајќи ги сите тешкотии, па ќе успеете во својата намера. Револуцијата тоа го баара.

Се треба цврсто да се зграби во своите раце и со голема сигурност сметајте на нас!

***

По престојот во Југославија, прикрајот на март 1946 година, Захаријадис заминал за Златоглавата престолнина - Москва на разговор со советското раководство.

При средбата, Сталин, Молотов и Андреј Жданов ги одобриле одлуките претставени како од КПГ, додека на втората тајна средба со Захаријадис, Сталин дал препорака процесот на вооружувато дејствување да започнел „Градуелно од селата кон градовите, со цел да се спречи прераната воена интервенција на Британците, и да се издејствува начин за изнаоѓање конпромис."

Сталин, полнејќи го лулето, го погледна Захаријадис во очи и го праша:

– Дали заележавте кај марашалот Тито дека тој се гледа како лидер на една идна Балканска федерација?

Захаријадис, збунет, посака да го одбегне прашањето, но сепак му одговори:

– Маршалот е голем стратег и интернационалист. Од него добив согласност за прифаќање на 20. 000 лица кои беа „прогонуваи од монархофашистичките војски.” и се спремни за оружје.

Сталин му рече:

– Како што сум известен, маршалотт Тито, веќе една година во егејска Македонија во Грција има формирано македонски организации и тие имале голем успех во организирање на Македонците и херојски се борат. Како што се НОФ - Народноослободителен фронт и АФЖ - Антифашистички фронт на македонските жени и се раководени директно од КПМ?КПЈ. Сите тие борци, по Втората светска војна биле прогонувани од Маркос. Сите тие што ја сочинувале „Егејската бригата” сега се во Грција и водат борба за обединета Македонија. што ќе правите со тие македонски воено и политички формации? Кај нив старата свест за обединета Македонија ќе опстојува се додека не преовладее новата: „За социјалистичка револуција во Грција”, а на нив и таму ќе им биде добро. Социјализамот е насекаде ист…

Захаријадис извадил еден лист на кој пишувало:

„Договор помеѓу КПГ и преставниците на македонската држава”

Според овој договор: „Слоавомакедонците од грчка Македонија, од една страна, се обрзале да ја подржуваат КПГ на изборите во нејзиниот обид да ја освои власта, од што

зависела единствената надеж за поволно решавање на македонскиот проблем, а од друга страна, да и дадат вооружена помош на КПГ, во случај на инциденти помеѓу левицата и десницата во текот на изборите”.

Сталин рекол:

– Ну харашо. Ето очен правилно. Македонци харошие борци, они показалис војаки народ.

Захаријадис, потврди дека „тие се изманипулирани жртви на историјата”. Го извести Сталина дека сите ти воени формации и политички организациитиеч по предлогот на маршалот Тито ќе прогласиме „братство и единство” и ке бидат ставени под раководството на КПГ.

– Посебно маршалот Тито покажа интернационални погледи за борба против англо - американскиот империјализам.

– Ви уже договорилис за революцију! Ето харашо. Постапете онака како што мислите дека е потребно, - му рече Сталин и продолжи: – Подготвите нацрт - решение на ЦК на КПГ. Со тоа посака да изгледа умерен, добар, ненаметлив, великодушен и почитува на револуционерните размислувања на другите лидери од лагерот на социјализмот.

По ова средба Захариадис изјавил:

„КПГ престанала со оружената форма на борба да ја користи за мирољубиво решение на Грчкото прашање и се определила за заземање на власта со силата на оружјето!”

Сталин, добро знаел дека со Тито биле договорени: „Основната грижа за Тито му била да ја заштити новата федерација. “. Овој нов развој на настаните на Сталин му бил јасен ставот на Тито. Тито, знаејќи дека Југославија е 50% под влијание на Запад, цврсто настојувал да ја задржи југословенската федерација за што многу пати тоа го истакнувал пре службата за безбедност на Југославија и генерал штабот на ЈНА дека: „…најдобро е да се води војна надвор од границите на Југославија и да ја

помагаме сесрдно, отколку во Југослваија” Таквиот став и за Сталина бил прифатлив за зачувување на социјалистичкиот лагаер кои беше создаден по Втората војна.

Но, ниту на Сталин, ниту Тито, барем според развојот на настаните, ни од далеку, не биле подготвени да ги ризикуваат стекнатите позиции за победа на комунизмот во Грција или за обеденување на Македонија.

Сталин во блиска иднина не предвидувал „силна воена акција” и ништо, можеби е особено забележливо дека тој „не давал ветување за воена подршка на таа средба. “ но тој му дал препорака и на Захаријадис кога станува збор за формирање на народноослободитела војска и каква концпција за водење на борбата, најдобро е да се почитуваат Титовите совети.

Захаријадис, следниот ден отпатува за Белград, каде требаше со Тито да ги усогласат деталите за организирање на борбата, помошта и соработката. Тито, требаше да му ги изнесе сите проблени и да го дефинират карактерот и перспективите на Демократската армија и мерките што треба да се преземат за идната војна.

На Захаријадис во Москва му било приредено испраќање, како на храбар револуциорен лидер.

Сталин седеше во големата сала во плетена фотеља, со расмеано лице и павкаше со лулето, а Молотов, Жданов, Маленков, Микојан, Каганович, Суслов, Берија, Булганин и другите членови на Политбитото на КПСС пиееја водка„перцовка”. Келнерите, се сновеа и им нудеа од првокласната закуска.

Сталин, расположен, на Захаријадис му пожела револуционерни успеси.

Захаријадис, на заминување застана мирно и покорно пред Генералисимусот Сталин и одвај на измешан руски јазик ги изговори следните зборови:

- Глубокоуважаеми товариш Јосиф Висарионович, бољшое спасибо. Желају Вам крепкое здоровие и уште многие лета да не водите во социјализмот кон победата на комунизамот.

Вашите совети, ќе ни бидат патоказ и ќе ги спроведиме на дело во борбата против англо - американскиот империјализам, се до конечната победа на работничка класа во светот.

***

На 8 април 1946 година, Захаријадис се врати во Белград и беше примен од Тито. Кога застана пред марашалот со страхопочит.

Маршалот Тито, на Захаријадис му рекол:

– Ако веќе сме револуционери и интернационалисти, долг наш е да помагаме „ревулуции" и не гледам зошто да бидеме против револуцијата во Грција, кога веќе се зафативте да ја реализирате. Можам само да ви чститам другар Никос.

Соберете ги секого што може да држи пушка. Во сите револуции, тоа е нормално и народот тоа го бара.

Тито ја запали пурата и го продолжи шетањето низ пространиот кабинет заобиколувајќи ја масата, праша:

– А какво е расположењето на младината?
Захаријадис одговори потврдно:
– Одлично!

Во книгата „Југословенскиот комунизам и македонското прашање" од Стив Е. Палмер и Роберт Р. Кинг, Арцхон Боокс, 1971, стр. 117 пишуваат:

„Заинтересираноста на КПЈ за грчка Македонија постепено избледела Печатот што бил под контрола на Партијата, со исклучок на еден напад против владата на Папандреју во ноември 1944 година поради „теророт врз Македонците" и еден огорчен уводнил во „Политика" на крајот на декември, во текот на неколку месеци не преземале иницијатива во однос на она

што вриело во грчкиот котел (во тоа време имаа голема активност организациите НОФ и АФЖ под раководство на КПМ/КПЈ м. з). Неколку фактори стаеле зад оваа промена кај КПЈ. Тито, којшто во тоа време бил во тесен контакт со Москва, можеби заклучил дека е поважно грчките комунисти да дојдат на власт отколку тој во тоа време да ја добие Егејска Македонија. Исто така, сите борбени единици на грчките македонци остро биле наклонети кон автономија, а Тито бил донекаде ограничен со постоењето на ривалската влада на Шубашиќ којашто се уште уживала извесна подршка од страна на западните сили. Се уште било нужно да се биде претпазлив. Само кога овие околности се измениле КПЈ ја реактивирала својата гржза за грчка македонија."

ТАКА СЕ ЗАТВОРИ ТРИЈАГОЛНИКОТ ПО МЕЖУ: СТАЛИН, ТИТО И ЗАХАРИЈАДИС. ОД ПОЛИТИЧКА ИГРА ДО ВОЕНА КАТАСТРОФА.

НО, ЗОШТО НИЕ МАКЕДОНЦИТЕ ОД 1945 ДО ДЕН - ДЕНЕС НЕ МОЖИМЕ ДА ИЗЛЕЗЕМЕ ОД ТОЈ НАЈСТРАшЕН КОМУНИСТИЧКИ ТРИЈАГОЛНИК?

Тие си водеа своја, сопствена светска политика, се мешаа во туѓи работи, постојано планираа револуции и штрајкови, но ние и по геноцидот станавме единствени жртви - светски ТАЛКАЧИ.

Сега: Политичка и воена помош од Југославија за КПГ, а не за НОФ и АФЖ.

Захаријадис, за време на престојот во Белград одушевен од средбата со маршалот и за одредувањето на централната оперативна група на чело со Александар Ранковиќ за помош на демократската армија, со своите соработници, меѓу кои беа генералот Јово Капичиќ, заменик на сојузниот министер на внатрешните работи, потполковникот Слободан - Уча Крстиќ, потполковникот Миле Врбица, жуза Радовиќ и машал Милутиновиќ, мајорите Драго Мијовиќ и Обрадовиќ Трниниќ, капетан журо журица, поруниците Јован Поповиќ, Раде Космановиќ, Крсте Пенговски и шиме Бенчиќ, војнниците

Лазар Сеферовиќ и Бошко Јовановик. Посебна екипа ја сочинуваа медицинските лица, потполковникот Велимир - Браца Мајсторовиќ и д- р Јован Бијелиќ. Тие требаше да го организираат сместувањето и лечењето на ранетите што ќе доваѓаат од боиштата на Граѓанската војна. Помош во раковањето со оружјето требаше да им пружат на борците на Демократската армија мајрите Владимир Декиќ и Света Стефановиќ, поручниците Јован Поповиќ и Петар Лучиќ. Оружјето било наброено во една ипресивна бројка: топови, митралези, автоматски пушки, панцер - фауста, пиштоли, рачни бомби, радиостаници, шинели, коњи и многу храна и сето тоа во вредност од пет милиони тогашни динари.

Захаријадис, реши да го посети и логорот Булкес, Војводина, каде веќе се вршеше воена обука на повеќе од 5. 000 борци.

Тој во својот говор им нареди на сите политемигранти да употребат „железна тупаница" против англо - американскиот империјализам и монархофашистички режим во Атина. Тој им рече: „Вие сте должни да пристапите кон извршување на решенито на КПГ. Во Грција вратетесе само со оружје в рака што ви го дава братската партија начело со марша лот Тито, затоа што монархофашистичкиот режим има за цел да ги уништи демократските сили и да спроведе фашистички режим." Види: Драган Кљакиќ „Советизација Балканске зоне" - Исповед на Лазар Колишевски, Београд, 1992 година, издавач„Радничка штампа".

Кога Захаријадис, на 9 април, се вратил во Грција, во Солун, пред неговите следбеници, одржал говор, во кој нападот на селото Литохоро - Катернско, ноќта на 30/31 март 1946 година, спроти одржувањето на изборите, што од некои се сметаа за почеток на Граѓанската војна, го претстави како предупредување на владата и сугерирал „дека народот ќе се принуди во самоодбрана да се фати за оружјето!"

Захаријадис, по враќањето од Белград, со цел да ги придобие Македонците на 14 април 1946 година, во Солун изјави: „Со посебен и терор се насочува врз Славомакедонците (власта)… Зошто таков терор се врши врз Славомакедонците од

монархофашистите? Прво, тие имаат за цел да ги скршат нивните сили (мисли на НОФ и АФЖ) народно демократски убедувања и второ, сакаа да посеат неслога меѓу Грците и Славомакедонците…”

***

Захаријадис, не остана само на зборови, туку во почетокот на јуни 1946 година, без никакви консу - лтации, го избрал Маркос Вафијадис, член на Политбирото на ЦК на КПГ и поранешен капетанјос на ЕЛАС, за иден водач на Демократската армија, и го задолжил да замине во планините за да го преземе раководството на „партизанските групи кои веќе дејствуваа таму.”

Според британскиот амбасадор Нортон:

„Согласно предвидениот план, на 25 август 1946 година, Јоанидис и Росос преминале во Белград, а на 1 септември, во белград пристгнал и Вафијадис за да ги изврши потребните консултации за конкретните воено - политички прашања. По престојот во Белград, Вафијадис се префрлил во егејскиот дел на македонија, каде на 28 октомври, го формирал Главниот штаб на герилските сили. Тој, воедно, именувал и регионални команданти, кои започнбале да ги организираат нивните следбеници во вооружените единци. Во декември 1946 година, овие единици го добиле името Демократска армија на Грција (Демократската армија). За главен командант на Демократската армија бил именуван Вафијадис, кој станал под псевдонимот генерал Маркос.”

Авторот, Евдокија Фотева – Вера ја нарекува Втора фаза од развојот на НОФ – ПРИЗНАВАЊЕ ОД КПГ.

Арно ама, не е така. Кај нашите Македонците под Грција (кои беа лидери на НОФ иАФЖ), барем сите „случајности” зад себе krijат јасно видлива причина. Клучниот збор во таа формулација е „krijат. “

Која е вистината? Дали „ПРИЗНАВАЊЕТО ОД КПГ” е договарено со Македонците? Со организациите НОФ и АФЖ!? Или со тие на кои до вчера манипулираа со нас и им станавме слуги?

Историските фактите кажуваат дека: „Врз основа на одлуката меѓу Тито (КПЈ) – Захаријадис(КПГ) од 14 октомври 1946 година, набрзо пристигнаа претставени: Караиванов од КПЈ и Јоанидис од КПГ и ја прогласија следната спогодба: „Македонските организации НОФ (АФЖ и НОМС) и нејзиното раководство поминуваат во целост под КПГ, а вооружените мали македонски единици во ДАГ под раководство на генерал Маркос”.

Значи , се е договорено на рамниште на државност: Југославија и Грција. Тоа значи, строго се придржуваа спрема Букорешкиот договор 1913 година.

## ПОСЛЕДНАТА ГОЛЕМА ИЗМАМА

(Врвот на македонската држава без чувство за национална свест за судбината на Македонците под Грција)

По постигнатата спогодба меѓу КПЈ и КПГ, по извесено време, членовите на Главниот одбор на НОФ на чело со Паскал Митревски беа примени од секретарот на ЦК на КПМ Лазар Колишевски, кој им го рекол следното: „Сега вие одите долу (во егејскиот дел на Македонија). КПГ е вашиот раководител. Да имате верба во нив. Нејзината политика по македонското прашање е јасна. Какво било прашање што ќе ви се појави ќе го решавате со раководството на Партијата. Внимавајте, не одите како фракција во Партијата, туку да се ставите под нејзино раководство. Борете се за зацврстување на борбеното единство со грчкиот народ, и борете се сите и со сите ваши сили против шовинизмот, сепаратизмот и локалистичките тенденции.”

Ете, кој на врат ни го обеси и добро ни го затегна идеолошкиот синџир на комунизмот. Токму тој синџир (направен од КПЈ, сега врзам од Колишевски) во Граѓанската војна беше најсуров, најкрвав и најбезбожен. Ропски синџир - не разјаснет до ден -

денес. Меѓу Македонците настана ново пребројување: чиј си и кој си? Борба за ново престројување и од Македонците се бараше сервилно и ропско расположење.

Но, согледувањето на причините и мотивите на Тито за таквата инволвираност во Грчките работи по Втората светска војна бара опстојно истражување. Објаснувањето на југословенските раководители дека тоа го правеа само од интернационалистички побуди не е многу убедливо. Зошто? Затоа што, проблемите почнаа да се зголемуваат околу есента 1948 година, кога Југославија почна да влегува се повеќе во прегратката на западните сили.

По ова, во нова верба со стари болести раководителите на НОФ и АФЖ, наместо душмански пречек, пред КПГ направија „Другарска критика како нејефикасно оружје на партискиот апарат" и се здадоа да пропагираат дека „Со ова се поставени темелите за новото единство". И така не беше далеку времето, кога веќе се отвори простор за демакедонизација. Но тоа беше и конфронтација, со народот и со сите членови на КПГ (Македонци) кои немаа пребегано во Југославија со егејската бригада и Партијата во нив имаше поголемо поверење. Тие до вчера за НОФитите и за АФЖитите беа гркомани или како што ги нарекува Евдокија Фотева - Вера: „народни изроди."

Кога денес човек размислува што рекоа некои мислители за историското минато: „Народ кој не црпе искуства од своето минато, тешко може да ја планира својата иднина", ќе се запраша: што не научивме од историјата? Ние не го научивме автентичното македонско опстојување на прадедовите огништа. Да, вистина е, посебно ние Македонците под Грција, допрва ќе треба да ја отвориме книгата на проблемите и ќе треба еднаш јавно да се извиниме за минатото а тоа да им биде поука на младите во иднината. Да не заборавиме на најелементарното нешто: дека пред се нашиот народ тука (во Македонија под Грција) имаше корени и со векови човекуваше со свое достоинство! Ако продолжиме сите наши неодговорности, неспособности, некомпетентности, несовесно да ги прославуваме тие настани искри - воколчени со„случајности", или да се оправдуваме со„судбина од која не се бега", никогаш

нема да се ослободиме од случајните луѓе, кои доведоа македонскиот народ до ископачување.

И факт е дека тие што сакаа да не уништат знаеја (знаат) многу повеќе од нас, ние за нив речиси ништо!! Ние и ден – денес им ги криеме нивните зафати. Зарем, тоа не го објаснува ФЕНОМЕНОТ НА НАШАТА ПОДАНИЧКА СВЕСТ?

Зарем тоа не е ВАЗАЛСТВО? Зарем тоа не е вистина дека сега македонските организации добија нов господар на кого треба да им бидат слуги?

Тоа ли е, како што пишува Евдокија Фотева - Вера - ПРИЗНАВАЊЕ ОД КПГ?

Да, токму сега македонските организации станаа ВАЗАЛИ: потчинети, зависни и слуги на новиот господар со невидени отстапки:

Ако еден од основните национални атрибути е јазикот, тогаш како можеле организациите НОФ и АФЖ, по т, н „Братство единство" (1946), да се „откажат" од националниот идентитет.

Дали тие Македонци во единиците на ДАГ кои беа регрутирани и испратени во длабината на Грција можеа да зборуваат македонски ? Тие таму беа предупредупредувани дека: „Името и презимето, нужно треба да бидат на грчки, а треба да се говори само на грчки јазик".

После некој ни е виновен што КПЈ/КПМ и КПГ, не фрлија во идеолошкиот отпад! Како да ја изцелиме таа болка, таа наша постојана и трајна болка: по нашиот дом, по нашите блиски што ги оставија своите коски на бојштата во Граѓанската војна? Како да заздравиме?

Захаријадис, генерален секретар на КПГ, во Белград со маршал Тито кога разговарал околу одлуката за поведување на оружена борба против десницата во Грција.Тој од Тито добил целосна поддршка, односно, ветување за морална и материјална помош

и дека патот на слободата води токму низ Македонија. На оваа средба било дословно договорено и за следното:

1. Македонското национално ослободително движење во Егејскиот дел на Македонија, предводено од НОФ, кое од април 1945 година се наоѓаше под раководство на КПЈ-КПМ, да помине под раководство на КПГ, а учеството на Македонците бил услов за победа на една таква револуција.

2. Дел од составот на Политбирото на ЦК на КПГ на чело со Јанис Јоанидис, да се префрли во Белград со задача да раководи со оружената борба, да ја претставува во странство, да се грижи за снабдувањето на партизаните со оружје, облека , храна и други материјали.

3. Слободна регрутација на борци од редовите на македонската и грчката политичка емиграција во Југославија организирање болници за ранетите и болните борци на ДАГ Југославија да ја преземи улогата на организатор и координатор на помошта од други земји за ДАГ.

Уште на 24. 08. 1946 година, еден дел од составот на ПБ на ЦК на КПГ на чело со Јоанидис Јоанис и потребниот апарат, илегално се префрли од Атина во Белград. Маркос Вафијадис кој во јуни 1946 година од Захаријадис беше назначен за генерал и за организатор и раководител на партизанските групи илегално ја напушти Грција и се префрли во Белград каде што доби конкретни директиви и ветувања од делот на ПБ на ЦК на КПГ.Во септември се префрли во Егејска Македонија каде што на 28 октомври го формира Главниот штаб на партизанските единици, односно ДАГ.

Се раскажуваше дека нофитите и афежитките за ова случајно дознале, ама не се осмеливме да се спротивстават на наредбите на маршалот Тито и другите богови. Но, не поминало многу време еден есенски ден, кога ги построиле пред генерал Маркос, тој им рекол: „од денес сте војници на Демократската армија и ќе ви бидат команданти, по учени и поверни луѓе на КПГ.”

Студена пот на јаве ги облеа. И како студ, и како мраз, и морници ги полазија.

Ужасно збунети (сега како продадени робови), расплamтените лица им се стемнија, покорно дадоа партиска обрврска дека се ќе сторат со своите авторитети Македонците да ги внесат во редовите на Демократската армија, па дури еден од нив рекол: „ќе ги разбудиме и умрените ако треба, нека дојдат и тие во оваа света револуција, да јуришаме сите заедно, живи и мртви!"

Да си спомниме на она што го раскажува Раковски:

„…На средбата со Колишевски, во текот на нашето подготвување да заминеме во егејска Македонија за да ги удриме темелите на револуцијата, Колишевски на неговиот првокласен циничен говор ни рече: Ќе... Дека ние Македонците сме биле многу надарен народ, со ептен видна интернационална и револуционерна настроеност, со голем усет за стратегија тактичност и дека Тито му рекол: токму сега е моментот..."

Можеби, еден ден ќе се разјасни се… Какви сили се криеја зад тие наши луѓе кои им служеле на туѓите богови.

На 10 ноември Захариадис од Сталин доби директива вооруженото движење зимата 1946-1947 година да не се омасови (а Македонците беа и старо и младо во редовите на ДАГ), бидејќи тоа наводно го налага меѓународната ситуација, КПГ на политичката борба да и даде примат и слично.

Зарем ние Македонците и во историјата треба да оспоруваме дека овие политички директиви - фундаменти не беа поставен од тугинците (КПЈ-КПГ)?!

Овоа е еклактантен доказ за отсуството на македонската свест за поведението на НОФитите и АФЖитите. Овие луѓе, не само што не им се извинија на македонскиот народ за довчерашните пропагирања за „македонските позиции", туку тиа со уште поголема бруталност го туркаа масовно народот во борбените позиции на Граѓанската војна.

На туѓинците, целта им била од некои свои послушници да направи херои, таков лик, преку кого ќе се идентификува цел еден народ, а другите да ги сведе во најголема мера негативци (комитации и др.) и во такви услови да проработи кодошењето (што подоцна и се почесто и се случуваше меѓу членовите на НОФ [17] ) и така настана најпогубниот момент за Македонците под Грција.

ЗБУНУВАЊЕ НА НА НАРОДОТ, ИЛИ…?!

ПО ОВА, ДОСЕГАШНИТЕ ПОЛИТИЧКИТЕ ПОРАКИ НА НОФ И АФЖ (ВО ИЛЕГАЛА) СТАНУВАА НЕ ЈАСНИ, ИАКУ НЕКОИ ОД МАКЕДОНЦИТЕ УШТЕ ГИ ДОЖИВУБАА КАКО НАЦИОНАЛНИ. ПО ПРЕПОРАКАТА НА КОЛИШЕВСКИ, ВЕДНАШ СЕ РЕЛАТИВИЗИРАМЕ, И ОД СЕ, ПУСТОШ НАПРАВИМЕ. НОФ И АФЖ, НА МЕСТО ДА ПРЕСТАНАТ СО (САМО) ЖРТВУВАЊЕТО И ДА ЈА НАПУШТИ МАСОВНАТА ПОЛИТИКА КАКО БОРБА НА ЖИВОТ ИЛИ СМРТ, ТИЕ СО ПОКОРНА ПОСЛУШНОСТ УШТЕ ПОВЕЌЕ ЈА ЗАСИЛИЈА МОБИЛИЗАЦИЈАТА, НО СЕГА СО НЕВИДЕНА ЕМОЦИОНАЛНА ЗАРАЗА И СЕРВИЛНОСТ СПРЕМА КПГ.

Ова заплеткано сфаќање со утешни илузии, покажува дека владееше мрак во македонското лидерство. По 1946 година, таквиот „успех за будението на македонската свест”, всушност, не им требаше ни на КПЈ ни на КПГ и немаше никаква значајна

[17] На сеницата на Претседателството на организацијата “Илинден” на Македонците од Егејска Македонија формирана по иницијатива на Захаријадис, што се одржа на 4 јуни 1956 година, раководителот на организацијата полковникот Пандо Вајна во својот реферат во врска со прогонот на Македонците од КПГ, меѓу другото, рече: “…Во периодот на борбата на ДАГ и после поразот, Захаријадис спроведуваше политка на клеветење и прогонување на еден добар дел од славомакедонските кадри и народни борци. Сосема неосновано и многу лесно на славомкедонските кадри и народни борци им ја лепеше етикета “агент на непријателот” итн. Врз основа на лажни обвинувања во 1948-1949 година и подоцна, повеќе Славомакедонци беа уапсени, а некои од нив и ликвидирани…” (Ам, Ф-21/1600.)

вредност, кога сите Македонци, заедно со лидерите на НОФ и АФЖ се најдоа во менгемето на КПГ.

Но, да се вратиме на најголемата манипулација од раководствата на КПЈ и КПГ, кога на средбата на 2 април 1946 година Тито и Захаријадис во Белград без присуство на Македонците решија:

Македонците од Егејскиот дел на Македонија предводени од НОФ, а раководени од КПЈ/КПМ, да се стави под раководство на КПГ и да се измени програмската цел на НОФ во која сега ќе гласи:НОФ и АФЖ ќе се бори во сојуз со грчкиот народ за спасување на Македонскиот народ од физичкото истребување.

Идеолошка офанзива со својот космополитизам (против македонската национална свест) страшно го разниша македонскиот староседелски корен.

Состојбите беа уште пострашни, бидејќи тие потекнуваа од највисоките политичари (на НОФ, АФЖ и КПГ). Политичарите, дури и во Граѓанскат војна, негуваа опасни анахронзми во нашето национално опстојување и живеење, напаѓајќи ги своие политички противници-комитите и сите тие Македонци кои не гледаа никаква корист од таквата војна. Дали (НОФ и АФЖ) беа свесни колку со тоа го оптоваруваа и го навредуваа својот сопствен народ, а посебно младите македонски поколенија (деца на комити и деца на партизани-комунисти). Дали беа свесни колку им ја заматуваа младата душа и нивната национална свест.

Во заклетвата на борецот во редовите на ДАГ во основа се вели: Јас син на грчкиот народ борец на ДАГ (Демократската армија на Грција) ќе се борам за да го одбранам интегритетот и безбедноста на државните граници на татковината – Гр ција…и.т.н.).

ЗАКЛЕТВАТА НА БОРЕЦОТ НА ДАГ: “Јас син на народот на Грција и борец на ДАГ, се колнам дека ќе се борам со пушка во рака и ќе ја пролеам мојата крв и спремен сум да го дадам и својот живот за да го истераме од земјата на татковината Грција

и последниот надворешен окупатор. За да се ликвидира секакво присуство на фашизам. За да ја обезбедам и да ја воспоставам националната слобода и територијалниот неповредлив интегритет на татковината Грција. За да се обезбеди демократијата и добрто на народот.

Се колнам дека ќе бидам добар и истакнат, дисциплиниран војник, и ќе ги извршувам сите наредби и канони и ќе ги чувам сите тајни на ДАГ.

Се колнам дека ќе бидам пример и ќе имам најдобар однос кон народот со цел за трајно помирување и ќе го одбегнувам секој обид што ќе ме компромитира и ќе ме понижува како личност и како борец. Основните интереси ќе ми бидат: слободата и трајната демократија во Грција. За сите овие интереси на народот на Грција, спремен сум со пушка во рака да го положам и животот."

Веднаш се ралативизивме, и од се напрививме пустош, но најмногу од идентитетот.

Тоа е вистината, и можеби е дел од стратегијата на туѓинците кои посакаа преку манипулацијата на НОФ и АФЖ, да си ја остварат целта, бидејќи од таквото делување на НОФи АФЖ, грчката држава имаше преземено законски мерки со невиден терор и прогон, таквите воени зафати наликуваа на физичко истребување. Народот беше принуден да ги напушта родните огништа и да бега во Југославија или владините сили за безбедност ги испраќаа по островите.

Таквото погрешно сфаќање на националното прашање, веќе наплатено со жртви и со поништување на многу национални вредности, слепо се брани и денес по цена на тотално национално пропаѓање. Тешко беше да се излезе од лавиринтот на сите манипулации околу КПГ и КПЈ, зошто се работеше за едно добро разработена стратегија во која дури и оние луѓе со т. н "тврди националисти" пред агресивната катадневна пропаганда потклекнаа, во корист на т. н "класното", а националното (посебно за нас-Македонците) беше формално.

Но, од исходот на настаните се покажа дека за НОФ (За сите нас Македонците, посебно под Грција), беше лет во хаос?! А во хаосот кој е моќен, тој е праведен. Значи правдата не е во правилноста, туку во моќта. Тоа се потврди!

Значи, што се случи: народот ја предаде својата слобда бидејќи на тоа го принуди НОФ, извориштето на тоа идеологија, а тие луѓе, туѓинците ги имаа устоличено да не водат, но до одреден период на време.

Практично, прогласувањето на територијалниот интегритет на Грција, загрозен преку НОФ и АФЖ, се јави како повик до Грците во Македонија и цела Грција да се борат против НОФ и АФЖ, да ја спасуваат Македонија под Грција.

Значи, со појавата на НОФ и АФЖ, во регионот настана пекол. Со тоа се создаде сива зона, опасно место за живеење и поле за воено-стратешки натпревар меѓу идеологиите за туѓи цели.

Ако и малку ја анализираме таквата неповолна ситуација, посебно, од национален интерес, никој умен не би го дигнал на оружје македонскиот народ-кој се наоѓаше во една најфлуидна (неизнасилена, но менлива) ситуација, а тоа го стори само НОФ и АФЖ -диригирани од КПМ/КПЈ. За Македонците, Граѓанската војна, беше време без логика, посебно прогласувањето на НОФ - Народноослободителен фронт, а тоа значеше мобилизација на целокупниот македонски потенцијал под Грција. ЗОШТО?! Како ќе стигневме до успех?

И ден-денес, секој страдалец си го поставува прашањето ЗОШТО?!

Она што се нарекува „Идентитет на човекот и на народот, таа исконска сила - Македонецот ја открил токму во НОФ и АФЖ, бидејќи го мобилизираа, за наводно да ја носи историјата, онаква каква што и прилега, на националните интереси, но таа ти било по налог на КПЈ и КПГ доведе до геноцид. ќе се објасни ли еднаш: Дали Граѓанската војна за Македонците била револуција (продолжување на илинденските традиции - како што се сретнуваме со таквата оцена во официјалната

историографија) или беше алиби за доуништување на Македонците под Грција?

Денес после половина век, секој од талкачите што ја доживеа Граѓанската војна како најголема трагедија посебно за нас Македонците под Грција велат дека била најкобна. Но, никој од водачите да каже дека: „ЗЛОТО ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА НЕ ПАДНАЛО ОД НЕБОТО!? ТУКУ НЕКОИ ОРГАНИЗИРАНО СО УМИСЛА ГО ДОНЕЛЕ".

Можеби не по вивна волја...

Ете, и така, полека ни се оддиплуваа спомените и брзо ни се редеа настаните се пласти таа крвава цена. Многу талкања, многу злосторства, многу грдотии и тагобни болки. Историјата во сите нас крвари и никој не ги напиша тие потресни, пеколни и морничави страници од Граѓанската војна (1945 – 1949). Многу болни и грди работи останаа зад нас и во нас. Очудени и збрложни. Повеќе од половина век од животот заробени на туѓите идеолошки стапици и нивните растурачки фурии, минуваме низ трескавично талкање, занемени, омалодушени.

Во текот на Втората светска војна комунистичките партии во земјите меѓу кои беше поделена Македонија цврсто го почитуваа декларираниот принцип на големите сили за непромена на предвоените граници.

## РАЗВОЈОТ НА НАСТАНИТЕ ВО 1947

Сега генерал Маркос сме го овластиле за нашата судбина, верувајќи му на празни ветувања.

Со спогодбата (Иоанидис - Караиванов) и директивите на Колишевски, НОФ, целосно и речиси безусловно му се отстапи на КПГ.

Маркос ги издава и првите нардеби:

Наредба Бр. ЕП 13 од 27. 12. 1946 година, генерал Маркос, гласи: "Сите партизански единици на НОФ од денеска се ставаат во составот на ДАГ".

Значи, НОФ од овој датум не претставуваше никаков воено-политички фактор, туку по т. н. "Братство и единство" на НОФ и се земени сите ингернции. По ова настана деликатна рамнотежа, помеѓу НОФ и КПГ, но полека влегуваше во менгемето на КПГ, охрабрувано па дури и од македонскиот врв на КПМ и несомнено стануваше жртва на политичките игри. А, бргу потоа се најде во рацете на бескруполозната апсолутистичка власт на КПГ.

Дали некој помисли на фаталното дејство на омразата која никогаш не ја имаа заборавено спрема поранешни ЕЛАС (ИТИ), сега НОФ (ИТИ)?

Дали пред некои меѓународни институции НОФ и АФЖ беа признати како легитимни субјекти и од нив можеа да бараат (државно-правна) заштита?

Документ преведен од Грчки:

Не помина година, во вечерните часови на 24 октомври 1947 година, неколку члeнови на политбирото: Јоанидис, Стрингос, Маркос и Еврипидис жоргиос - Петрос ги овикаа Митревски, Керамитчиев и Вера на „посебен разговор."

Маркос, се искашла во дланката и со погледот кон Митревски, но никој неможеше да препотстави какви мисли му поминуваа низ Главата. Маркос чувствуваваше потреба еднаш за секогаш да ги укори водачите на НОФ и АФЖ. Тој, се воомјази и гласно, но саркастично се намсеа и рече:

– Вие треба да знаете дека сте членови на КПГ и овоа сакам да го повлечам, не еднаш, туку трипати. Тука постои само КПГ и никој друг. Јас не знам зошто се бунтувате и велите дека еден ден Македонците ќе кренат „врева" и ќе ги напуштат редовите на Демократската армија. Јас одгорно тврдам дека организациите НОФ и АФЖ не се само ваши. Вие добро знаете

дека со благослов на Маршалот Тито и нашиот водач Захаријадис, сте ставени под капата на КПГ. Треба да сте комунисти, а потоа родољубци. Така треба да гледате на славомакедонското прашање а не да размислувате за некаква „Обединета Македонија”. Ако вие го посакувате тоа, тогаш ние Маџирите - просвигите како што не викате, каде треба да одиме? Дасе вратиме пак во Мала Азија?!

Ех, мои Славомакедонци. ТРЕБА ЕДНАШ ЗА СЕКОГАШ ДА РАЗБЕРЕТЕ ДЕКА ОВА ЗЕМЈА - МАКЕДОНИЈА, СЕГА МУ ПРИПАЖА НА МНОЗИНСКИОТ НАРОД А ТОА СМЕ НИЕ! ВИЕ НЕМАТЕ НИШТО СО МАКЕДОНИЈА ВО ГРЦИЈА. Тоа многупати го има повторено и Ленин. „Малцинствата треба да се покоруваат на мнозинството.” Вие се борите за туѓи интереси и против мајка Грција. Но на крај ќе изгубите. Никој нема да ви помогне ни Тито, ни Сталин. Се разбира сами сте направиле да Партијата ве има на око...

Ние се знаеме и за секој од вас подробно. Покажувајќи им го листот на кој пишуваше строго доверливо: известува Периклис Колодакис, шеф на службата за безбедност при Демократската армија.

- Со таквите ваши преправања просто си го сопирате вашето унапредување во политичкиот живот.

што сакате, од вас партијата да направи генерали?! Вие сте го читале „манифестот упатен до ослободителната армија на кинескиот народ”. таму се вели: „Сите офицери и војници треба да се образовани како би храбро пошле во борба и ивојувале победа.”

Вие не успеавте да се ослободите од ганџите на шовинизмот и сами се изолиравте од славомакенскиот народ, посебно од тие 6. 000 борци во Демократската армија кои храбро се борат и жртвуваат за високите идеали на социјалистичката револуција во Грција.

Ние добро знаеме се за секого од вас и за вашата политичка дејност и обврска што сте ја зеле пред известителните служби на Југославија.

Информацијата од нашите разузнавачки служби гласи: „Раководството на КПЈ, сакајќи да има увид и влијание врз настаните во Грција и врз македонското ослободителано движење, тајно обврза еден голем број борци и активисти на НОФ (што се вратија од Југославија) преку организирани канали да го информираат за се што се случува во егејскиот дел на Македонија и во Грција. Раководството на НОФ беше принудено да добива и да извршува директиви од двете раководства: од КПГ и од КПЈ."

Вие сте свесни дека со овој потег на КПЈ сте направиле и уште правите големи штети и со тешки последици. Со вашите антипартиски ставови, кои не се реални ставови на Партијата, верувам дека кога ќе се разбудите ќе биде многу доцна, но Партијата нема да ве толерира како фракционери. Нашата известителна служба досега има десетици Македонци идентификувани кои треба да бидат осудебни и гонети како агенти на југословенските инвестителни служби а дезертерставата станувaат се побројни…

Настана уште една подолга пауза. – Веројатно е така, - рече Јоанидис и продолжи: – Немоите да мислите дека револуцијата е игра. Но кога многу ќе прочитате и кога, исто така многу ќе размислувате, Сами ќе се убедите дека вреди да се жртвувате за целите на Партијата.

Вие славомакедонците, морате да ги разберете овие два света, вашиот свет што сега многу барате и светот на Грците за да бидеме безгрижни. Ние сме спремни да ве вратиме назад во Скопје и немоите да мислите дека сте помалку титоисти од Илија Димовски - Гоче и многу дрги, кои од неодамна ги вративме или дезертираа, а тие и така беа неподобни за редовите на Демократската армија и за КПГ и воопшто за грчкото општество. За нив повеќе нема враќање во Грција! Тоа ви го велам во името на партијата!

По овоа укорување, со невидена поданичка свест македонските лидери (на НОФ и АФЖ) се вовлекоа во широка лепеза на политички зафати во името на револуцијата и на народните грчки интереси. Влегоа во такви акции, што човек не може да замисли ниту во една држава која себеси се смета за доминантен народ, а камо ли народ како нас Македонците во Грција.

Доволно дилеми предизвикаа таквите насилни мобилизациски акции, и сите тие мобилизирани Македонци да ги турка (распоредува во единиците на ДАГ во длабината на Грција), посебно со македонските жени што во општо човечкиот ум е способен да го замисмли тоа токму по Втората светска војуна.

Во аналите на историјата, таков случај не е регистриран.

Ако НОФ беше политички македонски субјект, требаше да каже: какви отстапки би можела да направи спрема КПГ, а притоа да не му нанесе трајна и неповредлива штета на својот народ-на национален план. Но, настана она другото: значи ако го создаде КПМ/КПЈ, тогаш таа и го предаде (продаде) на КПГ, а со какви и кои политичките цели?!!! Само тие знаеја (КПЈ и КПГ)!

И, така нашите надежи сега се најдоа пак на масата на КПГ, ние Македонците и старо и младо и жени се најдовме во униформата на ДАГ, а покасно ги собраа и децата од 3 - 14 години и ги однесоа по светот. Значи, добро соработувавме ни целиот период за “мекото етничко чистение”.

Повеќе од јасно, дека тоа беше „романсата без бакнежи.”

Тогаш, раководството на КПЈ, сакајќи да има увид и влијание врз настаните во Грција.

Преку организациите НОФ и АФЖ тајно врзуваа еден голем број борци и активисти на НОФ и АФЖ преку организирани канали да го информираат за се што се случува во егејскиот дел на Македонија и во Грција. Раководството на НОФ беше принудено да добива и да извршува директиви од двете

раководства: од КПГ и од КПЈ. Овој потег на КПЈ се покажа штетен со тешки последици. Таквата активност на Македонците, која не можеше да не биде откриена, беше искористена од КПГ за да ја обвини организацијата НОФ за агентурска. Десетици Македонци беа осудени, а стотици гонети како југословенски известителни служби. Оваа двојна улога на македонското раковоство на НОФ резултираше со негов расцеп и со создавање на две крајно спротивни крила (подржувачи на пројугословеската политика што ја креираше КПЈ и на прогрчка комуниситчка политика што ја водеше КПГ), кои меѓу себе водеа непомирлива борба: Македонецот - против македонецот.

Јасно дека голем хендикеп беше, што особено селаните во Македонија под Грција беа максимално политизирани од пропагандите на КПЈ/КПМ а покасно кога беа препуштени на располагание под команда на КПГ просто беа зајдени, а сиромаштијата пустошеше, но скоро сите се занимаваа со голема политика. Значи , изборот на НОФ од КПЈ/КПМ, не беше случаен. Но македонското перчење под командата на КПМ/КПЈ не уништи самите нас Македонците. Токму во тоа време беа големите политики, на малите водачи. Сите знаеме, кога организацијата НОФ успеа да се вгнезди во македонските села и низ таквите односи НОФ - неконтролирано создаваше меѓу Македонците „бранови надеж за триумф на револуција”: да ги организира мажите, по нив и жените во АФЖ, а младината во НОМС; македонското семејство се најде во хаос, се растури, а домот им се претвори во селска канцеларија. Селските жени станаа смеа и горчина во политката на овие организации, а омразата поцврсто ги врзуваше отколку љубовта.

На тој поразителен факт секојдневно се сеќаваме. Тоа беше време, кога на површина испилуваа секакви скудоумни, недораснати, но и бескруполозни типови, што водеа во пропаст ослободителни движења, поединци и цели народи. Нашето учество во таа борба беше едно историско задоцнување, но и непотребно.

Ние Македонците, долго време во војната живеевме во светот на лагата, по војната останавме половина век да живееме во

светот со тагата - ТАЛКАЧИ. Нашето оправдување и денеска е исто: Јас не сум непријател! Мене ме излажаа! Јас верував! Оттогаш целиот наш живот почна да се тркала со главата удулу и станавме да бидеме народ на изгубени надежи и изневерени очекувања. Национален пораз доживеавме со губење на историската територија на татковинското - најитимното, што е свето место и признато во цивилизацијата им го препуштавме на просфигите кои беа донесени од Венизелос од Пондија од 1924 - 1930 година, токму со оваа цел, да наследат се што беше исконско наше.

Историјата за нас Македонците под Грција треба да ја каже вистината: Кој и зошто го разгоре огнот? Како и зошто го изгубивме правото на враќање во родните огништа и зошто 55 години го брaниме ставот дека беше неминовно нашето жртвување во Граѓанската војна. А вистината е дека бевме згазени под чизната на КПГ и се прашува секој дали се боревме за обединета Македонија, против англо - американскиот фашизам или против некое трето што уште го носиме магловито во нашата свест од доживеаниот геноцид и неможеме да го дефинираме?!

Како сме могле да се бориме со таква цел за обединета Македонија, а да немавме преставници ни во политичкиот врв, ЦК на КПГ, ни во воениот Главен штаб на ДАГ, кои беа носители на таа војна? Но, најмногу ме мачи следното: Ние Македонците во текот на Граѓанската војна претставувавме повеќе од половината од ефектите на ДАГ. Ете зошто: ако се има предвид дека официјално таа бројка достигна 25. 000 - 30. 000 борци, а ние Македонците бевме повеќе од половината од тој состав, тоа значи дека 6 - 7% бевме од вкупното македонско население (280. 000 - 300. 000) додека тој процент за Грците изнесува 0. 35 - 0, 40 од вкупното грчко население (9. 000. 000 - 10. 000. 000) во државата Грција.

Како и зошто, ние дозволивме туѓинците да не излажат за да се само - жртвувале. Во Македонија под Грција ударнички се испустија сите села, луѓето ги одвоивме од родните огништа и отворивме процес за легална миграција. Кај нас беше доволно

само некој фалшив авторитет надвор од Македонија да каже нешто и ние ќе се испотепавме да го спроведеме.

Знаеме дека првата, односно македонската национална максимална програма беше неприфатлива за сите политички сили на Балканот од левите сили до десните и со граници на балканските држави кои беа прогласени непроменливи.

Ние Македонците со години пристрасно се врзувавме кон Големиот брат, се додека Ј. В. Сталин на 15 мај 1943 година, кога донесе одлука за распуштање на Комунистичката Интернационала (Коминтерна) и зеде клетва пред Черчил и Труман дека границите на Балканот остануват со поделена Македонија.

Едно е вистина, дека политичките сили на Балканот ја подржуваа „минималната програма" и ништо повеќе, но со особена препорака да се дејствува под раководството на соответната комунистичка партија и само во рамките на Југословенското, Грчкото и Бугарското револуционарно движење. Со таквата препорака од левите сили на Балканот, беше многу јасно дека ние Македонците требаше да го почитуваме Букорешкиот и Версајскиот договор. Значи, тоа беше ист став што го имаа и западните сили.

РАЗВОЈОТ НА НАСТАНИТЕ ВО 1948

Значи, ако политичката стратегија и тактика на генерал Маркос била за не омасовување на вооружениот отпор и тоа со искусни борци од ЕЛАС, тогаш каде да ја бараме логиката на таквите политички процеси. Тоа што го правеше НОФ и АФЖ со невидено галопирање во омасовувањето на македонските селани? Посебно организацијата АФЖ.

Се е под контрола на КПГ и ГШ на ДАГ

Првиот конгрес на НОФ (13 јануари 1948 година) претставува најсветла етапа во македонската поилинденската историја. Види книгата: народноослободителниот фронт и другите организации на Македонците од Егејска Македонија (1945-

1949), издавач „Култура”, Скопје 1985 година. Официјалната историографија иторичарот Р. Кирјазовски вели:

„Раководството на НОФ и АФЖ и покрај лошото искуство од минатото и разните појави на неискреност и опуртунизам на раководството на КПГ, стоејќи на интернационални позиции и со искрена намера да помогне во развитокот на грчкото движење, се согласува три четвртини од Македонците партизани да се борат во редовите на ДАГ јужно од Олимп, односно во сите краишта во Грција. Понатаму, за да се зајакне грчкото младинско движење, да се расформира македонската младинска организација НОМС и нејзините членови да се зачленат во грчката младинска организација ЕПОН, а за да може да егзистира, односно опстане Земјоделската партија на Грција, НОФ им поставува задача на своите членови да влезат во нејзините редови.”

Но, дали Македонците од организациите НОФ и АФЖ водеа сметка за македонскиот идентитет?!

И уште еден мотив: се вели дека дислоцирањето на македонските единици во длабината наГрција било како превентива, да не се повтори случајот од 1944 година, кога мекедонските баталјони се одделија од ЕЛАС. Стр. 213.

Ете токму за ова, Труман што потенцира:

„... Ако падне Грција под контрола на некое вооружено малцинство многу лесно ќе завладеат збрки и аномалија на целиот Среден Исток. така, исчезнувањето на Грција како независна држава ќе има длабокок одраз врз сите европски земји чии народи се борат... Ако не и помогнеме на Грција во овој критички момент последиците ќе бидат тешки, колку за Запад, толку и за Исток. Должни сме да превземеме непосредна и решавачка акција. “За таа цел побара од Конгресот околу 4000. 000 долари за економска и воена помош за грција и за Турција. Советскиот сојуз ја осуди како „Труманова доктрина”.

ВИСОКА ПОСЕТА НА АТИНА

На 31 декември 1947 година беше формирана Американската воена советодавна и програмска група „ЈУСМАРГ" на чело со Ван Флит. Преку Американската воена советодавна група, Американците воспоставија контрола не само врз политиката и економијата, туку и врз вооружените сили.

Воен дневник:

На 7 февруари 1948 година, американскаскиот генерал - поручник Џеимс А. ВАН ФЛИТ, ја презел командата на ЈУСМАРГ, а една недела подоцна, заедно со шефот на британската воена мисија, генерал мајорот СТЈУАРД РОЛИНС, биле приклучени кон Грчкиот национален совет за одбрана. Види: Foreign Office in Belgrade, March 4, 1949.

Но, да ја потсетам Евдокија Фотева- Вера дека постои една чудна верзија, која можеби објаснува зошто се уште не се открива историската вистина за Македонците под Грција, верзија која се уште не се "прифаќа". Таа верзија вели дека Македонците под Грција биле турнати во Граѓанската војна од самите Македонци кои раководеа со ФРМ, по наредба на КПЈ (по само ним на КПМ/КПЈ - значајни тајни стратегии, но и проблемите во тоа време што се јавија со "Сакаме на солун, не на Срем" и др. ), поради тоа што претставувале опасен потенцијал за немир во Југославија. Во таа верзија се вели дека имало големо грчко лоби и кое преку Англија и Америка одиграло голема улога во таквата реализација (прво, во Југославија ја разоружаа и расформираа егејската бригата, потоа ја образува во Скопје НОФ и ја раководеа повеќе од една година и најпосле ја натераа да се потчини на КПГ. Резултатот за секоја историска вистина е познат - Македонците доживееја национален пораз.

Зарем неможеше да согледа дека идеолошкиот активизам на туѓинците, се ширеше како малигно заболување на душата, кај Македонците под Грција во годините 1944-1950 година...

Да се бара логика во “братска” подршка, по поделата на Македонија (1913) [18] и да се намамува Македонецот за “Обединета Македонија” по Втората светска војна, со нашите горди идеолошки активисти, тоа е триумф на “танцување во мрак”.

Зарем може некој да смета(ше) дека (бугарската, Југословенската или Грчката) власт била толку ступидна што би го вооружувала НОФ или било какво македонско ослободително движење, само и само да одвои дел од нејзината државна територија?

Знам, дека секој разумен, ќе рече: Не! А тоа, се виде дека и од “братските” комунистички партии (Бугарската-КПБ, Југословенската-КПЈ и Грчката-КПГ) не беле толку не доветни, па да не подржуваат за да одделат дел од својата државна територија. Напротив, во таков случаи и НОФ и било која партија од наведените-конкретно за во Граѓанската војна: НОФ и КПГ би биле прогласени за предавници и како такви осудени. Но што со улога на чело со НОФ (создадена од КПМ/КПЈ, па препорачана и покорена на КПГ) и зошто беше различна од таквите официјални ставови, па и од било која војна во светот. Но, што е најстрашно за сите борци по ликвидацијата на ДАГ, учесниците во Граѓанската војна (Македонците под Грција) не не дефинираа во македонската интегрална историјата: “Како патриоти што погинаа за својата татковина”. Ако грчката држава ги дефинира Грците-како борци што учествуваа заедно со нас, вистината е во тоа што не командуваа во таа војна: “Како големи патриоти беа тие Грци што не тараа да гинеме за нивната татковина”.

## ПРВИОТ КОНГРЕС НА АФЖ

---

[18] Како последица од Балканските војни (1912-1913) и со Букурешкиот мировен договор од 28 јуни (10 август) 1913 година,санкциониран од Нејскиот мировен договор од 14/27 ноември 1919 година и од Северскиот мировен договор од 28 јули (10 август)1920 година, Македонија беше поделена меѓу Грција, Србија, Бугарија и подоцна Албанија ги доби Долна Преспа и Голо Брдо. Грција доби 34. 356 км2 или 51% од македонската етничко-историска територија; Србија 25. 713 км2 или 39%; Бугарија 6. 798 км2 или 9, 5 % и Албанија 0. 5 % од македонската-историска територија.

На 29 април 1948 година во Костурско се одржа Првиот конгрес на АФЖ на македонските жени од Егејска Македонија. На него присуствуваа 420 делегати и гости, а реферираше Евдокија Николова - вера, секретар на АФЖ за Егејска македонија.

Дел од говорот: „... Денешниот конгрес ја наоѓа македонската жена со расчистена национална свест, ја наоѓа како офицер и борец на ДАГ и како херојски се бори рамноправно со мажот во борбените редови на сите помошни сектори...”

Две концепции за стратегиско војувањето на ДАГ
На 25 август, 1948 година, на инсистирање на Захаријадис, со тајна одлука на Политбирото на ЦК на КПГ, генерал Маркос бил отстранет од неговата функција главен командант на Демократската армија и бил исклучен од Политбирото.

Официјалното објавување на маркосовото отстранување од неговите функции уследило на почетокот на 28 август 1948 година, Кога радиото Слободна Грција извести дека на „На вонредниот Пленум на КПГ, земајќи предвит дека во текот на повеќе месеци другарите Хриса Хаџивасилиу и Маркос Вафијадис биле сериозно болни и не способни да ги извршуваат сериозните задачи одредени од ЦК на КПГ, едногласно одлучил да ги ослободи од сега партиската работа.”

Ден потоа, преку истото радио, било објавено и отвореното писмо на генерал Маркос упатено до „Грчкиот народ, до ДАГ и до сите другари”, во кое тој потврдил дека поради лошата здраствената состојба бил принуден да даде оставка од функцијата премиер на ПДВ и командант на Демократската армија.

Генерал Маркос во почетокот на септември 1948 година од тиранскиот аеродром со авионот Илјушин прстигнал во Москва.

По смената на Маркос, неможеше повеќе да се чека. Захаријадис на 27 август 1948 година, објаснил дека дошол до

идеја да образува Биши Воен Совет (ВВС), кои ќе управува со сите воени формации на Демократската армија.

Самитот беше отворен со химната и дневниот редослед беше прочитан лично од Захаријадис, кој беше прекинуван од силните ракоплескања и извикувања: „Да живее големиот Сталин! Да живее нашиот верен водач Захаријадис!

На самитот беше донесено решение:

а/ Претседател на Високиот Воен Совет да биде Захаријадис, кој со тоа и станува Главнокомандуши на сите андарти во Грција

б/ Главен на воените операции на Декратската армија се назначува ГУСИАС.

в/ Да се унапредат во генерали: ГУСИАС во генарал потполковник, а во генерал - мајори БАРЏИОТАС, ВЛАНДАС, ИПСИЛАНТИС И ПАЛИОЛОГУ.

г/ Отсуството на Маркос како претседател на привремената влада, да го замени ЈОАНИДИС.

Ете, уште еден факт дека Грците раководеа со Граѓанската војна, а не НОФ и АФЖ. Веќе целокупното македонско население беше мобилизирано и Граѓанската војна се менуваше драматично и панично, сурово и тегобно, омалодушено и куражно, со мешани и просипани чувства, со сматени емоции. Но пропагандата од НОФ и АФЖ уште по засилено продолжуваше. Ни велеа, ќе го оствариме сонот на недобројните сонцељубиви македонски синови, патриоти и родољупци кои низ долгата вековна борба за самостојна Македонија не ги жалеле своите животи, оти верувале дека еден ден тие сониште ќе се остварат.

Видовме, преживеавме многу нешта. И многу потреси, многу драматика, а сега никој од тие (наши големци) не сака да ја каже вистината. Foreign Office in Belgrade, March 4, 1949, објави:

Захаријадис на 20 август, побарал од неговиот командант Маркос да замине на малку одмор на лечење во Москва.

Поранешниот југословенскиот амбасадор во Прага го уверувал британсккиот амбасадор во Белград, сер Чарлс Пик, дека „Маркос го преферирал Титовиот вид на комунизам наспроти коминформската варијанта,” додека Беблер, заменик - министер на надворешни работи на Југославија, во разговорот со британскиот државен министер Меклин, укажал дека отстранувањето на Маркос било „случај на титоизам”. Сепак, се чини дека единствената реална причина за Маркосовото отстранување било неговото несогласување со Захаријадис околу стратегијата и тактиката на Демократската армија, односно неговото залагање за примена на герилското војување. Сите интерпретации што го поврзуваат Маркос со „титоизмот”, може да се сметаат неосновани бидејќи, како што констатирал Сфикас, „не само што тој се согласил со определбата (на КПГ) против тито, ами доколку бил „титоист”, неговото патување во Москва во септември 1948 година, најверојатно, би било патување во вечноста.”

ПЕДОМАЗОМА - НАСИЛНО ЧЕДОСОБИРСТВО, СО ПОЛИТИЧКА УМИСЛА ЗА ОБЕЗДЕТУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКАТА КУЌА.

Кој и како ја режираа судбината за геноцидот над македонците под Грција?

Невидена трговија со судбината на детските души : Треба отворено да се каже, дека по ова акција (со децата), НОФ повеќе не преставуваше ништо. Со судбината на овие деца располагаше КПГ и ДАГ, како што беше и со нивните татковци и мајки.

Додека во светски рамки се вршат важни истражувања во проучувањето на миграционата проблематика, т. е на присилните и со политичка умисла-преку идеологијата миграциони движења и се појавуваат нови трудови и студии се откриваат најсуровите и најсложните елементи за

проектираното прогонство, нашата наука на оваа проблематика, полавек остана глува. Како да не се случило ништо со Македонците под Грција и нивните одземени 28.000 деца, за време на Граѓанската војна и се до ден-денес да немаат право да се вратат.

Проблемот со одземените деца за време на Граѓанската војна во Грција, за нас Македонците претставува еден од најсериозните проблеми во македонската историја. Зошто? Затоа што, тоа не се случило ни во најсуровите балкански војни, да се посегне по недолжното дете и да се вршат таквите миграции со политичка умисла (Одземените Македончиња, од своие родни огништа беа испратени со билет во еден правец, а Грчињата со повратен билет. По Граѓанската војна Грчињата се вратија, Македончињата остана по светот. Како што стана и со нивните; татковци, мајки, браќа, сестри, дедовци и баби.) и со невидена бруталност, во современата цивилизација да му се спречува нивнотото враќање во родното место, на своите прадедови корени. Тоа не ќе беше толку иронично, ако во тој судбиски зафат и Македончињата ќе добиеја, како и Грчињата повратен билет.

Основната цел на ова иследување е да се дојде до што по реални погледи кон историската вистина и политичката умисла за т. н. „Педомазома [19] "

Чедособирството, реализирано од двете завојувани страни: Владата на атинскиот режим во Атина [20] , и Привремената

---

[19] Спрема УНСЦОБ -А/754-1948, акцијата за собирање на децата и вршењето преселби на одредени села, беше со умисла на владата и кралицата Фредерика, да ги отсечи партизаните на ДАГ од изворите за снабдевање со продукти и да предизвика таква ситуација на неможна мобилизација. Таквата политика, беше успешна и на владата и даваше можност за поглема контрола во одредени реони во Грција.)
А во истиот документ се вели дека: акцијата за одземање на 28.000 деца од КПГ - партизаните на ДАГ, била дека децата се сметаа како човечка сила на воени ресурси. Во март 1949. УНСЦОБ покрена многупати петиции за деца кои од раководството на ДАГ, беа вратени на бојното поле во единиците на ДАГ. Во 1948 година кога ги собраа децата, најверојатно очекуваа дека војната ќе продолжи повеќе години и така многу од одземените деца ќе мораат да се вратат за да војуваат во Грција.

демократска влада на партизаните (КПГ и ДАГ) во планина, кои војуваа во Граѓанската војна 1945-1949 година.

Зарем така и на овој начин го решавме македонското прашање?!

## МАКЕДОНСКИТЕ ПОЛИТИЧАРИ СЕ ВАЛКААТ МЕЖУ СЕБЕ

Да му објасниш некому дека Македонците навикнале да се делат на два табора кои меѓусебно се мразат е невозможно. Проблемите биле толку длабоки, но само според идеолошките убедувања, а тоа се потврдува кај повеќето од нас Македонците дека Револуцијата не беше внатре во нивната душа, туку надвор и склона спрема моќниот.

Не ги валкаа нив од врвот на КПГ и КПЈ, не: сами се валкаа. што е за чудо: сите пак кои до сега обвинуваа тврдеа дека обвинуванијата се вистинити.

Тие настојчиво велат дека пред македонскиот народ се чувствуваат горди. И факт е дека ниту еден македонски политичар од организациите НОФ и АФЖ не признал дека згрешил, вклучително сега и авторот на книгата „До пеколот и назад”.

Не е од вчера, не е ниту од денес фактот дека се одминуваат важни личности и настани битни во миговите кага се промовирала пресвртничкиата мисла за зачувување на се што имаше со нас Македонците.

---

[20] На 2 јули 1948 година, грчкиот парламент, го прифати Маршаловиот план. Со Маршаловиот план беше предвидена економска помош, соочување и решавање на сите стопански проблеми, посебно индустријата и стопанскиот развиток на Грција. Меѓутоа, еден добар дел од средствата (од 300 милиони долари, околу 190 милиони за вооружените сили) што и беа доделени на Грција, во согласност со Маршаловиот план беше употребен за воени цели, односно за ликвидирањето на Демократската армија и за ставање Грција под целосна американска контрола. Овој план ја затекна Грција во најголемото разгорување на Граѓанската војна. Се покажа дека средствата доделени според „Трумановата доктрина” не беа доволни за дефинитивна пресметка со Демократската армија.

Значи, тоа не упатува дека можеби народот „згрешил”.

Забележливо е, како кај предходните автори кои пишувале на оиве теми, така и кај авторот Евдокија Фотева - Вера, со исти манири, на однесување шетаа по политичките саклила, се додека им беа потребни, односно спрема политичката матрицда на наредбодавците (КПЈ и КПГ). Наводно: „не биле убедени во исправноста на концептот за водење на револуцијата.”

Значи, сега „Убедувачот” во зависност кон која партија се приклучил, неговата преокупација била да постигне снажно влијание врз одредена група Македонци - борци на ДАГ или бегалци, за политички пресврт и настојува да пропагира со иста емоционална зараза.

Очевидно, дека кај овие „Убедувачи” едните немаа национална програма, а на другите програмата им беше потрошена и сето се сведе на тоа кој кого ќе „отстрела”. Тоа се случуваше од како егејска Македонија „стана гроб во кој е закопано се”.

Што значи, тешко е да се говори за постоење на македонски концепт во Граѓанскат војна. Во нашиот случај, ако нешто се идентификува како влог во таа војна е нашето масовно (само) жртвување и тоа според многу факти е потврдено од сериозни странски историчари, токму за таквата СТРАТЕГИЈА НА ПОРАЗОТ.

Нофитите не дадоа одговори на дилемата, дали оружената борба што ја поведоа демократските сили, по договорот во Варкиза, односно по Втората светска војна, беше неизбежна и дали имаше најелементарни услови за успех, или пак, беше предизвикана и наметната од големите сили, во интерес на нивните глобални стратешки цели за пресуредување на Балканот. И, дали беше возможно, со примена на политички средства, да се реши грчкото внатрешно прашање, со што и Македонците немаше да ги претрпат геноцидните зафати и денеска во Грција ќе имавме сосема поинаква ситуација.

Документите даваат доволно податоци за однос спрема раководствата на КПЈ и КПГ, тие беа пасивни и соработливи извршители, кои во прв ред водеа сметка како да останат на власт. Теоретски, повеќе од бледи и изиграваа апаратчики во т. н „политичката екипа". Тука неминовно се појавува прашањето на комунистичката чесност за срамот на кодошењето, наспроти грижат за македонска свест. Што значи не упатува да имаме почит кон предходниците на вистината.

А пак, како лидер на АФЖ зошто ништо не кажува?!

Посебно: Факт е дека Евдокија Фотева – Вера како лидер на АфЖ ја стави македонската жена да маршира во политиката и да гине по бојштата на Граѓанската војна. Но, иаку поминаа повеќе од 55 години, во својата книга требаше тоа да го образложи со историски факти. Зошто токму Македонката требаше да се стави под таков воен режим и со таква невидена масовност во однос со Грчката жена. Тоа е големо и најсериозно прашање и останува отворено за историската наука.

Но, многу авторитативно и длабоко убедливо, се разбира по комунистически, во убедувањата, на стр 33, вели: „... и тогаш а и сега мислам и го велам истото, дека чесните комунисти својата вина никогаш не ја префрлуваат на други како правеше Захаријадис неговата одговорност за загубата на движењето ја префрлуваше на други, на нас македонците. Дали тоа е чесно?" На иста страница - читаме: Обвинувања против својот соборец Раковски:

„... Павле Раковски, пред процесот. Порано, со писмо се обратил, а и лично, до ЦК на КПГ и до Захаријадис, самокритикувајќи се дека не бил искрен пред раководството на КПГ и дека божем во Преспа им предложил не некои раководители на НОФ да бегаат во Југославија за да не бидат уапсени, но Минчо Фотев му се спротистави. Така, на основа на тоа писмо беше содржано обвинувањето (обвинителниот акт) на Захаријадис во Буреле – Албанија."

Како Павле Раковски станал прво југословенски па по враќањето во Југослоавија бил обвинет за руски шпион. Тој во својата книга „Автобиографија” – моите страдања, на стр, 181, вели: „... Во Алма – Ата по ослободувањето од сибирските затвори Митровски беше за тоа одма да се бара визи за заминување во Југославија. Јас, убедено тврдев: нашето место е меѓу илјаднците наши македонски борци и народ во емиграција.

...продолжува Раковски на стр. 197 и вели: „Било како било, но останува факт: Митровски и Вера во Москва ме обвинија како југословенски агент кој работи против КПГ и ДАГ (застанаа против Југославија), а во Скопје ме обвинија како советски агент кој е определен да работи против Југославија (застана против СССР) при тоа, што е најкарактеристично, свесно лажејќи во обата случаи.

Раковски на страница 298, продолжува:

КАКО СУМ СИСТЕМАТСКИ УНИШТУВАН ОД МОИ СОБОРЦИ

Како Македонец комунист - ПРОТЕСТИРАМ И ОБВИНУВАМ!

...Еднаш пред бифето на Институтот за национална историја, другарот Тодор Симовски страсно ја бранеше нашата заедница од некакви мои напади!„Кој си ти бре! Како смееш да објавуваш државни тајни и да ја напаѓаш државата!?... (Колку што занм, се работеше за тоа што НОФ се формира и година и пол се раководеше од КПМ/КПЈ...”

Факт е дека по таквите клевети, Раковски во Македонија по смртта на 10 февруари 1990 година, не доби место за свои гроб и беше закопан во туѓ гроб, а семејството му остана не згрижено.

Но, треба да се каже дека по неговата смрт во списанието „Македонија”, Скопје, бр 444, 1990 година, од Евдокија Фотева – Вера беше објавена многу пристојна и искрена статија, со

неизмерана почит беше отсликан ликот и делото на Раковски, со наслов: „Животот посветен на Татковината” со поднаслови: борец и културен деец, во самиите на советскиот затвор.

НОФ И АФЖ во политички хаос - ерупција во македонската свест.

Токму во тој хаос кога максимално беше загубена довербата во политиката и во македонските политичари беше изгубена контролата за нај значајното на главната цел: ЗАЧУВУВАЊЕ НА НАРОДОТ.

... Раководителите на НОФ кои ги имаше поставено КПЈ - КПМ по формирањето на 23 април 1945 година, после 14 октомври 1946 година, судбината на Македонците од егејскиот дел на Македонија, им беше препуштена на грчките комунисти КПГ. Македонците се соочија со опасноста, целосно да ја загубат самостојнаста и да се дезориентираат и да се претворат во инструмент за интересите на една туѓа политика. Македонските раководители на НОФ и АФЖ не издржаа пред искушенијата, и тие се поделија на две спротиставени струи, кои меѓу себните пресметки не бираа средстав. Во едната струја беа секретарот Паскал Митревски и членот на НОФ, Минчо Фотев, а во другата струја беа: Михајло Керамитчиев, Евдокија Николовна - Вера, Павле Раковски, Вангел Ајановски - Оче, Илија Димовски - Гоце, Лазо Поплазаров и други.

***

... Митревски, во своите бројни извештај, писма, доставки, изјави и сл. до раководството на КПГ, ги напаѓа македонските раководители од другата струја, за сепаратизам, антипартиска дејност, за илегални врски со кругови во НР Македонија, за недоличен живот и друго. На 19 февруари 1948 година, Паскал Митревски испраќа писмо до ПБ на ЦК на КПГ и бара отстранување на старите раководители на НОФ и нивна смена со нови луѓе („свежа крв”). Тој, вели: дека овие луѓе се: сплеткани во фракционизам, фамилјарност и јалов македонизам, славољупци, антипартиски сметкароши, ситни интереси и желба за лидерство и како такви во досегашното

дејание организацијата ја водеа во секташтво и шовенизам. За највиновни во изјавата(од август, 1947 година) до Петрис (жеоргиос Еритријадис - Петрис, член на ЦК на КПГ, пол. комесар на штабот на ДАГ за Централна и Западна Македонија.) се прогласени: Раковски Павле, Керамитчиев Михајло и Евдокија Николовна - Вера.

... Прашањето за договор и единство со Керамитчиев – Вера - Раковски, не е само партиска обрска, туку задача за мене. Меѓутоа, тие другари имаат потреба од преобразба и партиска изградба. На тој начин, ќе се скрши авантуризмот на Керамитчиев, егоцентричниот интелектуализам на Раковски, И превртливоста и лидерскиот дух на Вера. Можеби овие другари потврдуваат се, ја прифаќаат линијата и наредбите, препораките итн, но во практика далеку се од партиското око, а работите се поинакви.

***

Македонските НОФити и АФЖити, често се спречкуваа меѓусебно и Захаријадис тие спорови ги подгреваше некако по принципот „Скарај па владај". Дозволуваше извесни „плуралистички мислења" во својот најблизок круг и од тоа извлекуваше корист од меѓусебните спорови и непријателството, бидејќи тоа му овозможуваше, најчесто, подобро да си ја дефинира својата власт со предлози и идеите.

Захаријадис, се реши да го тестира македонскиот интелектуален и политички капацитет во егејска Македонија и да ја уттврди довербата по изминатото време на овие кадри под раководствот на КПЈ/КПМ (23 април 1945 година до 14 октомври 1946 година) кога македонската свест беше во рамките на југословенската политика.

Извадоци Б: „... На 27 март 1948 година, Захаријадис го презеде наредниот многу значен потег за усвојување на организацијата НОФ однатре. Имено, за секретар на партиската фракција во НОФ го наложи познатиот антинофитин и експонент на политиката на КПГ во македонското национално – ослободително движење, Ставрос Кочопулос (за кого авторот

на ова книга: вели дека е изрод ), со што раководствотото на НОФ помина во негови раце.

## ЗАХАРИЈАДИСОВИОТ ТЕСТ ЗА ПОЛИТИЧКИОТ И ВОЕНИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД ОРГАНИЗАЦИИТЕ НОФ, АФЖ И НОМС

... Во март 1948 година, со итна наредба на ГШ на ДАГ, беше мобилизиран, речиси сиот кадар на НОФ, АФЖ и другите македонски асоцијации. Раководството на КПГ, побара од македонското раководство да му достави предлог за кадровското ангажирање на мобилизираните македонски активисти.

Еве што, меѓу другото, наведува Митревски во својот извештај до грчкото раководство: „Согласно со вашата директива, по прашањето за мобилизацијата на кадрите, по широката дискусија, на крајот се согласивме:

Ставот на Керамитчиев – Павле Раковски и Лазо Поплазаров да бидат поставени како политички комесари на бригада. Вангел Ајановски (Оче), Михајл Малио да бидат поставени за политички комесари на баталјони, а Ламбро Чолаков за интендант на баталјон.

Ставот на Вера – Раковски, Поплазаров за политички комесари на бригада. Малјо и Чолаков за политички комесари на баталјони, а Оче за обавештаен офицер на бригада.

Ставот на Ставре Кочопулос – Раковски, Поплазаров и Малјо во командата на баталјон. Чолаков и Оче во чета.

... Паскал Митревски, го известува грчкото партиско раководство, дека во врвовите на НОФ, и кај Македонците, има сепаратистички тенденции, шовинизам, национализам, фракционизам, антипартиска дејност и сл. (Извештај поднесен до ПБ на ЦК на КПГ на 12 април 1948 година.)

Види: стр. 233. „... Михајло Керамитчиев, Вера Николовна, Павле Раковски, Илија Димовски – Гоце и Вангел Ајановски -

Оче, со свое писмо, се обратија до ЦК на КПЈ, молејќи го да интервенира кај раководството на КПГ, да го измени својот став и политиката кон Македонците.

## РАЗВОЈОТ НА НАСТАНИТЕ ВО 1949

Последна акција за мобилизација на Македонците и надвор од границите на Грција: 09. 02. 1949 година.

(Зарем овој чин не беше спротивен по меѓународните човечки права??)

На барање на Порфирогенис (член на Политбирото на КПГ), во Скопје беше примен во својство на делегација на КПГ и се одржа состанок со преставниците на НОФ (кои ги имаа напуштено редовите на ДАГ - како што ги нарекува авторот - Дезертери) и се бараше регрутирање на околу 300 нови борци за ДАГ од бегалците и дезертерите што беа избегани во Југославија, но не се реализира и следше:

Прво (со умисла) оптимистичко сценарио на Захаријадис: се дава самоопределување на македонскиот народ. Значи, ни понуди визија за независна Македонија.?!

## ПРИЗНАВАЊАТА И ОДРЕЧУВАЊАТА НА ЗАХАРИЈАДИС

Но да видиме како и празните пароли се дел од војната:

На 30-31 . 01 1949 година, одржан е петиот Пленум на ЦК на КПГ и на него е исфрлена паролата за “Независна и обединета македонска држава во рамките на Балканската федерација”. Поради тоа на 3.02.1949 година свикан е II-от Пленум на централниот совет на НОФ и се прокламирани нови принципи на НОФ, за иднината на Македонците под Грција.

Од резолуцијата на 2 - от пленум на Гл. Одбор на НОФ во која се вели:

„2 - от Конгрес ќе биде Конгрес за прокламирање на новите програмски принципи на НОФ, кои што со вековното тежнеење

на нашиот народ, ќе го прокламира соединувањето на Македонија во една единена држава, независна, рамноправна македонска држава во рамките на народнорепупликанската федерација на балканските народи кое што ќе биде реализирањето на неговите многугодишни крвави борби. 2 - от Конгрес на НОФ ќе го прокламира сенародното востање на македонскиот народ, ќе ја направи проверката на сите сили на македонскиот народ, ќе ги соедини и ќе ги групира околу НОФ и победоносно ќе ги поведе во заедничка борба со грчкиот херојски народ во борба против монархофашизмот и американските империјалисти. 2 - от Конгрес ќе се отправи особено кон поробеното македонско население од градовите како што се: Лерин, Костур, Воден, Енидже вардар, Гумендже, Серес и Драма, ќе го покаже и ќе го дигне во непомирливата борба против монархофашизмот и англоа - мериканските окупатори за побрзото ослободување и исполнувањето на тежнењта на непокорениот македонски народ, во борба на Народна Република Македонија."

Значи, нови видици за поништување на Букорешкиот договор 1913 година со поделата на Македонија!?

ДЕМАНТ ЗА БАЛКАНСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА
ПОГАЗЕНИ ВЕТУВАЊА

На 7. 03. 1949 година ЦК на КПГ објави соопштение во кое се демантира одлуката на КПГ за заземениот став за македонското прашање на 5-от Пленум и ставовите на ИИ-от Пленум на НОФ од 3.2.1949 година. Значи, историјата не учи дека ветувањата дадени во времето на војна не се секогаш тоа што требало да бидат.

К. К. Е (Соопштение на ЦК на КПГ со кое ја демантира паролата за соединување на Македонија.

Документот е на грчки и се наоѓа во архивот на Македонија.)

Тоа знажи, враќање на поциите на Букорешкиот договор (1913).

Која му била целта на Захаријадис? Дали со тоа тој посака да ја оцени нашата зрелост по националното прашање дури по тригодишната борба, да дознае што сакаме? Оти периодот на дејствувањето НОФ и АФЖ под КПЈ од 23 април 1945 - октомври 1946 година за КПГи комунистите во Грција, остануваше докрај нејасен.

Захаријадис, одговарајќи на критиките потврди дека тоа го направи со двојна цел:

Прво: Масовно да ги вклучи Македонците во борбата и второ: да ги неутрализира сепаратистичките дејности на групата поранешни раководители на НОФ и АФЖ Македонци кои беа пребегнати во Југославија и од таму ги повикуваа Македоските борци од единиците на ДАГ да дезертираат, бидејќи немало никва цел да крвари Македонецот во таа војна.

Реакциите од создавачите(КПМ и КПЈ) на НОФ, па од нив препорачани и покорени на КПГ

Вториот Пленум на ЦК на КПМ (одржан на 19 и 20 април, 1949 година во скопје. Види „Борба" од 6 март 1949 година) остро ја осудува паролата за обединување на Македонија во рамките на балканаската федерација, како парола на империјалистите, кој ја прифатија некои наши "критичари", во кампањата против нашата земја, што е поведена на база на злогласната Резолуција на Инфорбирото, да ја искористат за разбивање на единството на македонскиот и на другите југословенски народи, заради отцепување на Народна Рапублика Македонија од Федеративна Народна Република Југославија и да и нанесе штета на социјалистичка Југославија.

Лазар Мојсов во својата книга:Бугарска радничка партија (комунисти) и македонско питање, Белград, Борба, 1948, стр. 288 - 290 пишува: „Да се покренува прашањето за обединување на Македонија надвор од границите на Југославија, значи обична провокација против независноста и интереситњ на македонскиот народ."

Всушност, најжестоко противење имаше од оние кои го орагнизираа НОФ и го пратија во егејска Македонија година дена пред да почне Граѓанската војна. Сега со став: дека тоа прашање ќе предизвика стничко чистење, сецесија или други геноцидни зафати во сите соседни земји на Балканот. Накрај, во таа војна доживеавме само ние Македонците под Грција геноцид.

Значи, Југославија (КПМ/КПЈ), како и Грција КПГ, беа против секаква ревизија и строго бара зачувување на позициите на Букорешкиот договор(1913).

***

Делегацијата на КПГ предводена од членот на ЦК и министер за правда при ДПВ, Милтијадис Порфирогенис, во Белград била примена од А. Ранковиќ. Тој, за формирање на македонска држава во рамките на Балканската федерација рече: „... дека таквиот акт бил насочен против интегритетот на Југославија”. Види: „Борба” од 27 април 1949 година.

Но, се поставува прашањето: што сакаше КПМ/КПЈ со оформувањето на НОФ И АФЖ во Скопје на 23 април и ги испрати во егејска Македонија да го организираат македонскиот народ дури до степен на семејна револуција!? Има ли нешто врска со договорот помеѓу Сталин и Тито: да се прави се само да се сочуваат социјалистичките системи во источно европските земјите по Втората светска војна, посебно беше многу несигурно за Југославија која по договорот во Јалта беше 50% под влијание на Запад и 50% на Исток.

Има аналитичари, кои ценат дека потикот на Македонците со помош на Југославија бил за советизација на Балканот ? Но, тоа е негирано од самиот Сталин, а покасно и од Тито. Останува, само едно: „нека се запали огнот подалеку...”. Сталин рекол: „дејствијата да бидат партизански, ненасилни, полека но да се буричка во капитализмот”, а и Тито беше на иста позиција и на почетокот посакуваше да го стимулира до максимум. Потоа, се беше јасно...

Но, едно останува не јасно за нас дури и по 55 години: ЧИЈ ЖРТВИ СМЕ НИЕ!?

***

Во судирот меѓу КПЈ и КПГ, односно, во антијугословенската кампања, раководството на КПГ се обиде да го вклучи и македонскиот фактор од егејскиот дел на Македонија.

МАКЕДОЦИТЕ НА ВТОРИОТ КОНГРЕС НА НОФ СЕ ВРАЌААТ НА ПОЗИИТЕ НА БУКОРЕШКИОТ ДОГОВОР (1913)

На 25 и 26 март 1949 година во селото Попли Преспансло се одржа вториот конгрес на НОФ, во присуство на оклу 700 делегати и гости. Поголемиод дел од делегатите беа припадници на ДАГ.

Конгресот го отвори Евдокија Николовна - Вера која меѓу другот рече: „Денес го одржуваме Вториот конгрес на НОФ, кој ке прокламира нови програмски принципи на нашата организација. Македонскиот народ, кој има дадено стотици жртви ќе може утре со победата да се определи како што сам сака. Конгресот се одржува во моментот кога целиот македонски народ учествува во борбата против монархофашистите...”

Од името на ЦК на КПГ Конгресот го поздрави Никос Захаријадис кој рече:„ Вториот конгрес на НОФ се одржува во тешки и решителни моменти. Синоќа во Атина зборуваше Глизбург и рече дека ситуацијата билакритична во почетокот на 1949 година како никогаш дотогаш... Заради тоа мерките што ќе ги преземете на овој ваш Конрес треба да бидат такви за да придонесат кај вашиот народ борбата да биде уште поголема и сите заедно да одлучиме и да направиме пресврт за да победиме уште оваа година. Од овој аспект вашиот Конгрес е воен конгрес и треба да ја изврши решеноста на вашиот народ да го зголеми својот придонес. Кога е така треба да ги мобилизираме сите ваши македонски сили, сите ваши средства и можности за

да стигнеме до победата. Вашиот Конгрес е конгрес на единството на македонскиот народ.

... Сега поминувам на прашањето на тие кои го потхрануваат разбивањето на единствтото. Тој кој ја напушта борбата и шири гласови дека: Грците (ние) ќе не предадат "тој го предава својот народ."

Забелешка: Ова се што го зборуваше комунистот Захаријадис пред Македонците, а и самите Македонци е и остана една невидена манипулација и хипокризија спрема еден мал народ кој навистина со измама беше турнат во една катастрофална војна и уште посакуваше да го дотолчи , но откука се гледа дека и Македонците во НОФ немаа никакви информации. Тоа се потврдува, дека Захарајадсис од Сталина беше известен дека војната треба да ја прекине (требаше на 10 април 1949 да биде во Масква), а тој уште го туркаше народот во тотален гибел. Но, да ја проследиме настанатa ситуација во единството на НОФ, па ќе можеме да просудиме какво македонско раководство сме имале и како сме го решавале македонското прашање? Така што, на целото тоа прашање се става акцент што не му припаѓа.

ДЕФОРМИРАНА СВЕСТ ЗА МАКЕДОНСКОТО ПРОСТУМЕЊЕ. НЕ ВИДЕН РАСКОЛ МЕЖУ НОФИТИТЕ (МАКЕДОНСКИ РАКОВОДИТЕЛИ) А ЗА ОДГОРНОСТА НИШТО. НИКАКВА ГРИЖА СПРЕМА СВОЈОТ НАРОД ЗА ОПСТАНОК НА СВОИТЕ ВЕКОВНИ ОГНИШТА?!

Народот вели: „Ако некој посака да ги раздели Македонците, може да се откаже од таквата намера: Тие сами ќе се си го организираат расколот најдобро од секој друг."

Резолуцијата на Инфорбирото, односно судирот меѓу КПСС и КПЈ во јуни 1948 година, имаше крајно негативен одраз во редовите на НОФ и АФЖ. Настана ново политичко раслојување и приклучување кон нови политички реторики, нови маки за прегрупирање: реагирање, спротивставување, и жртви. Само борците во единците на ДАГ надвор од етничките граници на македонија не знаеја ништо за овие игри. По разединувањето на

НОФ, и КПЈ и КПГ сватија дека можат да манипулираат преку нив со Македонците под Грција како сакаат.

НОФ, наоѓајки се близу две години под раководство на КПЈ, а потоа минувајќи по раководство на КПГ без да ги прекине целосно врските со КПЈ, раководството на НОФ се подели на спротивстваени табора. Едниот, под влијание на постоењето на македонската држава во рамките на СФРЈ и на перманентните илегални врски што ги одржуваше со офоцијалните југословенски фактори и служби, стакна уверување дека КПЈ не се откажа од Егејска Македонија и дека КПЈ на македонското прашање ќе му даде југословенско решење во рамките на НР Македонија во СФРЈ. Другиот табор од раководството на НОФ, имајќи ги предвид договорите меѓу КПГ и КПЈ и директивите што ги доби од југословенското раководство, а повеќе поради опортунзам, беше близок на КПГ и ја спроведуваше нејзината политика и го брана гледиштето за целосна рамноправност во рамките на грчката држава. Но, и тој дел од раководствот целосно не ги прекина врските со КПЈ, што значи и покрај спогодбата меѓу КПЈ и КПГ од 1946 година, КПГ немаше целосна контрола врз НОФ. Поради значењето што го имаше Југословија во борбата што ја водеше ДАГ, раководството на КПГ, не преземаше радикални мерки за да ги прекине врските на НОФ со Југославија и да го истисне влијанието што го вршеше НР македонија врз Македонците од Егејскиот дел на македонија. По ибувнувањето на судирот меѓу КПСС и КПЈ ситуацијата целосно се смени. Набргу по Резолуцијата на Инфорбирото [21] односно на Првиот пленум на Централниот совет на НОФ, одржан на 8 август 1948 година, под притисок на Захаријадис беа суспендирани главните раководители на НОФ и АФЖ. Таков беше вечниот Балкан. Сега Македонците од Егејска Македонија во трескавичен и драматичен раскол, длабат во уште поголеми неби - днини а сето тоа им одговараше на тугинците.

[21] Резолуцијата на Инфорбирото, ПБ на ЦК на КПГ ја прифати на 30 јуни 1948 година, а ЦК на КПГ на својот четврти пленум, одржан на 28 и 29 јули 1948 година.

НОФ и АФЖ станаа фиктивни организации со бројни комбинаторики каде се правеа остапки по цена на губење на националните интереси и динината на Македонците под Грција.

Второ (со умисла) оптимистичко сценарио: се создава комунистичка партија на Македонците под Грција.

СУПТИЛНА КОМУНИСТЧКА МАНИПУЛАЦИЈА СО МАКЕДОНСКИОТ ЧОВЕК И СО НЕГОВАТА ИСТОРИЈА.

- СИТЕ РАКОВОДСТВА НА НОФ И АФЖ СЕ ВРАЃААТ МЕЖУ ПОЗИИТЕ НА СТАТУС КУО СО ГРАНИЦИТЕ НА ГРЦИЈА И ЈУГОСЛАВИЈА.

За таа цел, на 27. 03. 1949 година, свикан е основачки состанок од 163 комунисти,делегати на ИИ-от конгрес на НОФ,на кој едногласно е решено да се формира комунистичка партија на Македонија од Егејскиот дел на Македонија, која би била засебна организација и дел од КПГ и би се викала КОЕМ (За овој настан, се велеше дека е најсветлата точка од грижата што ја водеше КПГ спрема нас Македонците, но да ја оставиме историјата да каже колку навистина беше и остана “светла”...”)

Една од главните цели на КОЕМ беше да се спречи секаква духовна и друга врска меѓу егејските со вардарските Македонци.

Но, да видеме како нашата истрориграфија го оцени тој настан: “Создавањето на КОЕМ беше своевидна тактика со крајна цел македонското национално прашање да се стане составен дел на антијугословенската ИБ кампања, да се предизвика прекин на сите духовни и политички врски меѓу Македонците од Вардарскиот и Егејскиот дел на Македонија создадени во борбата за национална и социјална слобода, дезориентација на национално-ослободителното движење на егејските Македонци и вклучување на македонскиот фактор во божемните причини за поразот на ДАГ”. (Види: вес. “Вечер”-Историската вистина не е дневна политика. Од 2 јули 1989 година, д-р Ристо Кирјазовски.)

Зарем, е тешко да се сфати, дека ние Македонците под Грција им станавме предмет за одмаздување во нивните идеолошки ставови на КПГ и КПЈ, но и државната политика на Грција и Југослвија.

На 20 јуни 1949 година, раководниот актив на КОЕМ (Комунистичка организација на Егејска Македонија) под режија на Захаријадис, прифати и потпиша Резолуција, со која ги потврди сите обвинувања против Југославија и македонските организации:

„НОФ и АФЖ се агентурски организации. Тие во Егејска Македонија дејствуваа и имаа корени на трите агентури: едната ОЗНА, втората на Известителната служба на ЈНА , управата на југословнскиот Генералштаб, и третата, на Колишевски. Работеа на иста цел: да ја поткопат и разбијат КПГ, особено НОФ одвнатре и да ја потчинат нивната политика на политиката на КПЈ, што за главна цел има присоединување на Егејска Македонија кон Југославија.

Следуваат многубројни обвинувања (скоро од сите членови на НОФ и АФЖ), лични дисквалификации и морални навреди, митарења и дефинитивно ФЕНОМЕНОТ НА ПОДАНИЧКАТА СВЕСТ кај овие луѓе е реализиран. На видело е веќе, дека за секој член на НОФ или АФЖ кој бил како успешен спроведува на колективната поданичка свест стоеле три важни работи:

1. Идеолошка заднина од КПЈ или КПГ,
2. Гарантирана лидерска позиција и
3. Уживање на државно партиските привелегии.

А со илјадниците борци во редовите на ДАГ: Тие кои ги дадоа животите на бојштата во Граѓанската војна и нивните семејства? А со живите кои станаа талкачи по светот? Сите тие прави борци, останаа без историја и со години не можат да си ја пронајдат сопствената среќа. Се до денденес не се споменуваат и ценат, ниту во матичната историјата на КПЈ/КПМ во Р. Македонија, ниту во историјата на КПГ во Грција.

Нова ситуација

На 4 април 1949 година во Вашингтон се потпиша конкретна согласност за оформување на НАТО, од владите на САД, Британија, Франција, канада, Италија, Португалија, Белгија, Холандија, Луксенбург, Исланд, Данска и Норвешка.

Значи, се работи за една значајна согласност, со која Западноевропските држави ги ставија своите воени сили под рамковна контрола на американскиот Пентагон.

Владите на сите потписнички држави, паралелно со потпишаниот документ, посебно потпишаа и договори за воените обрски со САД, во кој се одредени условите за американската помош кон овие држави и соответното наоружување на сите воени формации.

Така со создавањео на НАТО, се заокружи едно прегрупирање на меѓународен план под водство на САД-, една таква прегрупација која го карактеризираше економското и политичкото ниво со “Трумановата доктрина” и со “Маршаловиот план”.

Оформувањето на НАТО, силно се одрази и на целокупната грчка положба во однос на Граѓанската војна.

## (САМО) ЖРТВУВАЊЕ НА МАКЕДОНКАТА

На 16 јуни 1949 година извршниот одбор на АФЖ на жените Македонки од Е. Македонија на чело со Евдокија Фотева - Вера, усвои резолуција за активирање на жените Македонки во одбрана на фронтофската линија Вичо. „НОВА МАКЕДОНКА, списање на АФЖ.

## ПРЕДЛОЗИ НА КПСС КОЈА ГИ УПАТИЛА НА КПГ ЗА ПРЕКИН НА ВОЈНАТА

На 11 април 1949 година Захаријадис беше повикан во Москва, каде што лично Сталин му дал директива ДАГ да ја прекине оружената борба. Сталин оваа одлука ја мотивираше со информацијата што ја имал, дека во текот на летнаста офанзива

против ДАГ, грчката владина армија со НАТО ќе ја нападнат Албанија, а СССР поради конфликтот со Југославија, нема да биде во состојба да и помогне.

На 20 април 1949 година, Захаријадис го запозна потесното раководство на КПГ со директивата на Сталин и беше изработен план за повлекување на ДАГ од Грција, кој според Сталина требало да се заврши до крајот на мај 1949 година.

Но, на 4 мај 1949 година, ненадејно, советското раковотство, го извести Захаријадис дека повлекувањето на ДАГ привремено се одлага и ДАГ да ја продолжи борбата.

Се поставува прашањето: можеме ли ние Македонците и пред овие факти да веруваме дека бевме политички - воен фактор во Граѓанската војна и дека и командувавме на ДАГ како да постапува, во чии редови НОФ имаше мобилизирано повеќе од 15. 000 Македонци - селани?

Треба, ли, да се трошат зборови и за манипулациите на тугинците со нас, а и со нашите водачи од НОФ и АФЖ?! НОФитите од духовни водачи станаа водачи на сервисни пунктови, каде што веќе по тоталните мобилизации не беше толку важно да се грижат за судбината ма Македонците и Македонија, туку на која партија и припаѓаат (КПЈ или КПГ) и што можеа повеќе да допринесет во нивна корист.

Овоа е прилично сурова вистина, но веќе 55 години бесмислено се оправдуваме пред поколението, наместо да си признаеме дека македонскиот субјективен фактор, не беше на ниво на барањата и целите на македонските позиции. Не успеа да се соочи со многуте сложни проблеме, што ги создаваа внатрешните и надворешните фактори. Не ги процени тугите сили, стратешки интереси и планови. Македонците, потпирајќи се на два центри (КПЈ и КПГ) напуштајќи го едниот и приклучувајќи се на другиот и безрезервно спроведувајќи ги неговите политички интереси, доживеавме „легални миграции" помогнати и стимулирани токму од овие центри и не снајде - ГЕНОЦИД.

## ПРЕГЛЕД НА НАСТАНИ КОИ ДОПОЛНИТЕЛНО ГО ОБЈАСНУВААТ ОПШТИОТ ТЕК НА СИТУАЦИЈАТА
## СЕ СЛУЧУВА БО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА - МАНИПУЛИРА КПГ

Резолуцијата на Информбирото била тема на расправа и на Четвртиот пленум на ЦК на КПГ, што се одржа на 28 - 29 јули 1949 година. Пленумот одлучил да ја прифати резолуцијата на инфорбирото, и за тоа донел посебен документ насловен како: „Резолуција на 5-от пленум на ЦК на КПГ во врска со резолуцијата на Инфорбирото на комунистичките и реаботничките партии околу ситуацијата во КП на Југославија". Сепак, како што било напоманато и во самата резолуција, поради „специфичната положба на КПГ, и на нашето движење спрема Југославија", Пленумот одлучил резолуцијата „засега да не се објави и да влезе само внатрепартиски."

Раководствата на БКП и КПСС не ја одобрија таквата политика на КПГ спрема КПЈ давајќи на знање дека нема да дозволат да се појави втор Тито на Балканот.

***

Како одговор на оваа Конференција, Раководствата на КОЕМ, НОФ, АФЖ и НОМС (Борците на ДАГ, на кои повеќето од семејствата им се во Југославија, а сега ја бранат политиката на КПГ) издава соопштение во кое се вели: Ние Македонците ќе ги браниме позициите и ставовите на другарот Захаријадис и раководство на КПГ за земените ставови спрема Југославија и нејзиното раководство кои водат предавничка политика и ќе се бориме заедно со грчките комунисти, за справедливата борба што ја води КПГ и ДАГ за ослободување на Грција од монархофашизамот.

## СЕ СЛУЧУВА ВО Н. Р МАКЕДОНИЈА ВО СКОПЈЕ - МАНИПУЛИРА КПМ?КПЈ

На 9. февуари 1949, Порфирогенис (член на Политбирото на КПГ), во Скопје беше примен во својство на делегација на КПГ и се одржа состанок со претставниците на НОФ и се бараше

регрутирање на околку 300 ниви борци за ДАГ од редовите на бегалците што се наоѓаа во Југославија, но не се реализира.

***

На 1 август 1949 година, Органот на Главниот штаб на ДАГ „Прос ти ники „(Кон победата) бр.168 од 3.08.1949 година. го донесе одговорот од раководствата на КОЕМ, НОФ, АФЖ и НОМС, дека на 29 јули 1949 година во Скопје е одржана Конференција на преставниците на околу 30.000 бегалци од Егејска Македонија (на кои повеќето синови, браќа и сестри им се мобилизирани во редовите на ДАГ и гинат на боиштата на Грамос , Вичо и низ цела Грција и сега ја бранат политиката на КПЈ )

Понатаму се вели: Неколку поранешни активисти на НОФ и АФЖ - предатели од титовата клика, кои дезертираа од редовите на ДАГ, сега со предавнички повици од митингот до Македонците што се бората во редовите на ДАГ со зборвите: „Браќа Македонци! Фрлете го оружјето и пребегајте во Југослвија и повеќе не ја проливата македонската крв за туѓи интереси. Грците не излагаа и не жртвуваа во ова војна!"

На Конференцијата, покрај другото, е донесена резолуција во која се вели дека македонскиот народ од Егејска Македонија, никогаш нема да ја заборави укажаната помош и секогаш ќе ја зачуваат вечната љубов и благодарност кон југословенските народи на чело со маршал Тито. Конференцијата најостро ја осуди клеветничката кампанија и со најголемо гнасење ги отфрли најновите клевети од раководството на КПГ.

## СТАЛИН ПРОТИВ ТИТО, А ТИТО БАРАЛ БЕЗМИЛОСНА ПРЕСМЕТКА СО ИНФОРБИРОВЦИТЕ, НО СЕГА ВО ИГРА МАКЕДОНЦИТЕ

За време на овие идеолошки и ривалско политички воени игри што се случуваа помеѓу Сталин и Тито во периодот на време помеѓу 1948 и 1949 година, Сталин започнал да обликува една нова концепција, „Планот Вишински", за уривање на југословенското раководство. Со овој план, покрај останатото,

била предвидена и акција за создавање „независна македонска држава", во која под закрилата на Инфобирото би биле „собрани сите пирински, вардарски и егејски Македонци". Инфорбировската парола за создавање на единствана македонска држава требала да ги насочи против Југославија, Македонците од егејскиот, и од вардарскиот дел на Македонија.

Види по опширно: Милован жилас, „разговорите со Сталин", стр. 175-178. Од истиот автор во книгата „Власт", Милован жилас пишува: „Тоа престрого, неодмерено и безобѕирно постапување е последица на ставот дека треба коминформизмот од корен да се откорне". „Тој став не го одредил никаков форум. Го одредил Тито кој бил највисок форум, ако не и единствен, особено за таквите прашања. Тито од советското сталинистичко искуство, а, исто така, и од сопствените желби и амбиции, знаел дека по Револуцијата може и него и државата да ги загрози единствено внатрепартиската комунистичка опозиција. Тито тогаш, есента 1948 година, викал и тоа не еднаш: „Во апс! Во логор! Ами што, кога сакаат са служат на други против својата историја".

Види: По опширно„Утрински весник "3 јули 2006.

Во книгата „Југословенскиот комунизам и македонското прашање" од Стив Е. Палмер и Роберт Р. Кинг, Арцхон Боокс, 1971, стр. 117 пишуваат: „Но, онака како што разликите меѓу југословенските и советските партиски водачи се повеќе се изразувале, во февруари 1948 година Сталин го пресвртил своето мислење и се обидел да го наметне создавањето на бугарско-југословенската федерација со цел да ја потчини КПЈ. Југословените одбиле да ја прифатат инструкцијата на Сталин. Во оваа конфузна ситуација, на првиот конгрес на бугарскиот Отечествен фронт, што бил одржан во јануари 1948 година, македонскот прашање било избегнато, но на партиската конференција на пиринските македонци што билоа одржана на крајот на месец април во благоевград, бил заземен непријателски став кон иницијативите на Македонците од југославија. Кога КПЈ била исклучена од Коминформот на 28 јуни 1948 година, настана прекин, и меѓу југославија и Москва.

По резолуцијата на Коминформот, бугарската партија упатила бесни напади против Југославените и празела итни чекори да го елиминира југословенското влијание од Пиринска Македонија. шеснаесетиот пленум на ЦК КПБ што бил одржан на 12 јули 1948 година изјавил дека:

Федерација на јужните Словени и евентуалното присоединување на пиринската област кон Народна република македонија се возможни само под услов Југославија да му остане верна на заедничкиот фронт на социјализмот (т. е. на Коминформот).

... Во декември 1948 година, на Петиот конгрес на КПБ Димитов изијавил: „ Нашата партија секогаш го бранела становиштето и ќе продолжи тоа становиште да го брани дека Македонија им припаѓа на Македонците”. Но, тој додал дека националното единство е можно „само во рамките на една федерација на јужните Словени”.

## РЕАКЦИИ ОД САД И ВЛАДАТА ВО АТИНА

Меморандумот на Централната известителна служба на Американското министерство за одбрана во кое се тврдеше: „дека целта на политиката на Советскиот Сојуз и на соседните социјалистички земји беше во Грција да дојдат на власт комунистите, да се создаде независна Македонија, која ќе влезеше во составот на Југославија и Грчка Тракија да се приклучи кон Бугарија. Во таквата ситуација Советскиот Сојуз ќе имаше излез на Егејското море и целосна контрола врз Балканот.”

Американскиот министер за надворешни Г. Маршал, на 14 февруари допатува во Атина. Тој изјави дека САД е задоволни од владината промена во Грција и дека во интерес на САД и на сите обединети нации Грција да прими помош за да ги зачува својата независност и територијалниот интегритет.

Како противодговор, грчката влада, на 27 декевмври 1947 година, го донесе специјалниот закон ПЗ 509/47, “околу мерките за обезбедност на државата, уставното устројство и

заштитата на Граѓаните” , согласно кој КПГ и ЕАМ се стават вон законот, а со американското одобрување, од 25 до 28 декември, во Атина е извршено апсење на 650 сомнителни комунисти.

Во ваква создадена ситуација, во која речиси и не постоеле реални изгледи за каков било успешен воен поход за Демократската армија, КПГ продолжила да апелира за постигнување согласност со грчката влада. На 27 јануари 1949 година, ПДВ, преку востаничкото радио, понудила нов мировен предлог, содржан во следното:

„1. Преиспитување на сите пактови и договори, што се однесуваат на слободата и независноста на земјата
2. Спротиставените армии да ги задржат нивните територии
3. Моменталната прокламација на политичката амнестија
4. Повторно воспоставување на сите политички слободи
5. Започнување преговори за формирање на влада прифатлива за двете страни.таа влада да ги уточни членовите на договорот што треба да биде потпишан,и во срок од два месеца да се одржат слободни избори.”

Меѓутоа, како и во предходните случај, овој мировен предлог бил оценет како сомнителен и неприфатлив.

На 1 февруари, британскиот амбасадор Нортон го известл грчкиот министел за надворешни работи, Цалдарис, дека „Немало никаква измена на британската политика во однос на бандитите.”

На 10 јули 1949 година Тито ги затвори границите спрема Грција, а КПГ по директива на КПСС, на 23 јули ги прекина односите со КПЈ. По овој чнин во Албанија се јавија:

## КАДРОВИТЕ НА НОФ И АФЖ ПО НАЛОГ НА ЗАХАРИЈАДИС ДА СЕ РЕГРУТИРААТ ВО БОРБЕНИТЕ РЕДОВИ НА ГШ НА ДАГ

... На 3 октомври 1948 година во селото Рудари Преспа, Лерински округ, беше свикан актив на военополитичките

кадрови на НОФ. (!?) Захаријадис ми рече дека и јас треба да одам воредовите на ДАГ. Веднаш се согласив. (На тој состанок беа распоредени сите членови од раководството на НОФ кој каде треба да оди).

„Ќе одиш, ми вели, во 18. Бригада на ДАГ како помошник на политичкиот комесар(тога политички комесар на 18. Бригада. “Тогаш, се сметаше за најмакедонска и беше раководена од политичкиот комесар Ташко Гушевски – Маки, и командантот Пандо Вајна)

На крај во своите автобиогравски белешки дава суд: „Практично, со нашето апсење прастана да постои НОФ. Таа организација живуркаше и во емиграција, но во 1951 година е преименувана во „Илинден”. По иницијатива на Никос Захаријадис, за раководители на „Илинден” се избрани: Пандо Вајна, Ставро Кочев и др. Овие внатрешни непријатели отидоа во Бугарија и сосема преста дејноста на НОВ, т, е. „Илинден”.

Ставот на официјалната историја по 1995 година.

Како во (најновата книга) официјалната истроригорафија ги има опишано Македонските со КПЈ и КПГ? Види : „Македонците и односите на КПЈ и КПГ (1945 - 1949) - официјални документи со коментари” од 1995година, глава осма, стр. 201.од Ристо Кирјазовски. Тој сега со нови ставови и спротивни на досега изнесените во првите книги на овој автор како што е книгата:

„Народноослободиѕелниот фронт и другите институции на Македонија (1945 - 1949) од 1985година и други книги издадени до 1995 година од истиот автор.

Извадоци А: „... Време е, македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија, и пошироко, да ја запознае целата вистина и секој чинител да го преземе врз себе делот на одговорноста за се што се случи. Време е, нештата да се именуваат со нивните вистински имиња. Тоа е наша обврска.

ЛОВ НА „ТИТОВИТЕ АГЕНТИ" И НА ДЕЗЕРТЕРИТЕ ОД БОРБЕНИТЕ ЕДИНИЦИ НА ДАГ КОИ БЕГААТ ВО ЈУГОСЛАВИЈА ПОД ЗАШТИТА НА КПМ/КПЈ

За дезертерите кои до вчера биле раководни членови на НОФ и АФЖ, сега ги напуштаа редовите на ДАГ, заборавија дека во двегодишното постоење и со нивната агитација, создадоа цврст партиски апарат, воспитан во духот на Југословенската партија. Сите тие НОФити и АФЖити беа комунисти, партиици, потикнати од КПЈ (вклучително и лидерот на АФЖ - Евдокија Фотева - Вера), сега таа за нив на стр. 204, вели:

... Тие секогаш и долу, во Егејска Македонија, во КПГ, НОФ, АФЖ, НОМС Се служеа со интриги (се мисли на сите кои дезертераа од редовите на ДАГ за време на Граѓанската војна и се префрлија во Југославија – Р. Македонија)... Ние со Минчо по природа бевме вистинољубиви, воспитани на чесност... Си останавме доследни на македонската организација НОФ на Егејска македонија.

... На 11 - 12 април во грчката „јафка" во Скопје ме однесе еден мој другар од моето село Димитар Трповски со цел да се видам со група раководители на НОФ кои уштa во 1948 година дезертираа во Југославија. Тие на чело Михаил Керамитчиев, Вангел Ајановски - Оче, Стеријана Вангелова - Славјанка, Лена Стојкова - Мирка и други ме нападнаа и ми ракоа дека ние се предадовме на Грците. Јас тогаш се налутив и им реков дека тие се малодушни и дезертери, го оставија народот што го организираа и побегнаа да се скријат, да си ја спасат кожата и своите семејства, а пак ние верните на Партијата и нашиот народ ќе останеме докрај и да загиниме. Види по опширно: стр. 85.

По овој навистина искрен став на Евдокија Фотева - Вера, се наметнува прашањето: дали овие луѓе сега именувани како „дезертери" биле за обединета Македонија во балканска федерација или ја бранеле тезата дека КПЈ на Македонците од Егејска Македонија, ќе им даде југословенско решение? Тогаш, зошто ја напуштија егејска Македонија (по втор пат. Првиот беше со егејската бригада) и македонските борци кои ги имаа

турнато во ДАГ на бојштата низ цела Грција ги оставија во рацете на Грците? Зошто не се бореле за таа цел која за нив била најоптимална македонска опција?

Оваа состојба највпечатливо ја осликува нејзината приврзаност кон КПГ и реакцијата кон своите соборци нарекувајќи ги дезертери, односно историската од типот на „Дали си за Захаријадис или за Тито”. Ваквите изјави беа со умисла и тие имаа разорен ефект за македонското единство.

Се повеќе се плашам од искривоколчување на вистината и морам да го наведам и овој факт:

Во книгата на Лилјана Панова „Крај на една илузија”. Граѓанската војна во Грција и Македонците 1946 - 1949 , на стр. 159 пишува: „... Николова , пак , му се доверила на Ајановски - Оче дека “КПГ повторно почна да ја спроведува својата расцепничка политика меѓу кадрите на НОФ: дека денеска во НОФ постојат три фракции , едната на Паскал (Митровски), другата на Раковски и третата на Којчев” , и дека “КПГ повторно подготвува нешто против НОФ”.

Објаснето во фуснота: „Состанокот се одржа ноќта на 12 - 13 април. Покрај Раковски и Николова , присуствуваа и Тане Наумов, секретар на Леринскиот окружен одбор на НОФ, Керамитчиев, Димовски - Гоце и Вангелова - Славјанка”.

Значи, од таквиот став на Евдокија Фотева - Вера, го откриваме феноменот што беше присутен кај Македонците од егејскиот дел на Македонија. Тој феномен е карактеристичен и беше присутен во годините на војната 1940 - 1949 година, посебно кај раководителите: „Пропагирај, организирај и внесиго македонскиот народ во паријата или војната, остави го и бегај”. Тоа е факт дека се случи со нашите раководства на организациите: КПГ, КОЕМ, СНОФ, СНОВ, НОФ, АФЖ и НОМС.

Од кога го турнаа македонскиот народ во окопите на војната, настана најосновното погрешно расудување кај македонските раководители на НОФ и АФЖ. Настана следната:

ИДЕОЛОШКА КАРАНИЦА ЗА „КОЈ ПОВЕ ЌЕ ЈА САКА МАКЕДОНИЈА И КОН КОГО ДА ЈА ОБЕДИНИ” ИЛИ „СО КОГО ДА ГО РЕШИ МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ”

Сега, по приклонувањата им стана чиста политичка дезориентираност и секој од нив сфати дека „следен за отстрел може да биде секој од нив”.

Македонските НОФити и АФЖити, со различни ставови и секој со својот стап (партиската палка) се вдаде да присобере доволен број преживеани борци или бегалци со цел да формира „вистински борци” за иднината на Македонија и Македонците од егејска Македонија.

Што тоа ни покажува?

Ни покажува дека тие наши политички лидери, (кои дали беа одредени од (КПГ или КПЈ) во прв ред немаа сфатено дека војните се водат со целосен иденитет и имаат јасни почетоци и краеви. Ние Македонците во Граѓанската војна немавме ништо, ниту идентитет, ниту почеток, ниту крај, туку бевме максимално манипулирани и искористени и оставени по светот како вечни талкачи.

Да ја проследиме Евдокија Фотева - Вера, која ни дава на знаење со нејзиниот став дека таа : не чувствува никаква одговорност, затоа што постапуваше совесно и го правеше тоа што од нејзе го бараше комунистичката Партијата.

Но, ни покажува и тоа дека после толку талкања, толку пропагирања, толку жртви, како лидер на АфЖ борејќи се за обединета Македонија, сега цврсто го прифаќа ставот спрема македонското прашње што го гарантираше КПГ уште од 1936 година: „Полна рамноправност на Македонците во рамките на грчката држава” и status quo на границите и ништо повеќе, се друго досега од КПМ?КПЈ беше само жртви и манипулации со Макеонците под Грција.

А што е со тие „дезертерите” што ја бранеле тезата: дека КПЈ на Македонците од Егејска Македонија, ќе им даде југословенско решение?

Повеќе од јасно е дека тие што биле спрема ставот на КПЈ не биле за„обединета Македонија во балканска федерација” т. е за последниот предлог на КПГ. Не, тие не беа за тоа, како и сите Македонци што се изјаснија на 2 - от конгрес на НОФ, туку тие сега им се додворуваа на КПЈ и југословенските власти дека тие се за „македонското пројугословенско движение” и за status quo на гарниците.

Сите тие наши ракодители, сега наракувани „дезертери” низ историографијата за Егејците и низ нивните книги и личните автобиографии ги сретнуваме дека тие дошле во Скопје по налог на КПГ и работеле на формирање на македонски единци за враќање во Грција. Значи , изигрувaa СТРАТОЛОЗИ (Офицери за мобилизација). Ги ловеа тие борци Македонци што спасиле душа за да ги вратат назад на бојштата во Грамос.

Покасно, тие отворено беа втурнати во „Создавањето на историјата од името на југословенските интереси “, а тоа за Македонците под Грција значи : ИСТОРИЈА БЕЗ ДЕТАЛИ.

Што тоа значи ? Постои една изрека која вели: „Ако не знаете зошто сте претрпеле неуспех, не сте ни помалку поумни од колку што сте биле пред него.” Тоа значи , дека некој и по полавек сака да незнаеме зошто и како влеговме во таа граѓанска војна.

Многу изгубени илузии. Многу саможртвавања со нејасна национална цел, многу партиски оправдувања, но едно е јасно дека тугинците преку нашите НОФити и АФЖити, Егејска Македонија стана предел од злости и пакости и молитви. Од кројки и прекројки. Од земања и давања. Од негации и одобрувања, од големи соништа на мали политичари.

Во 1949 година оловните еха на оружјето се повеќе надвиснуваше како пресметка за зовриените емоции. Во единците на ДАГ отанаа само обичните заведни и мобилзирани

селани. Дел од раководителите на НОФ не отпоздарвија... Драматиката и по ликвидацијата на ДАГ, за Македонците смртоносната стапица остана трајна. Времето потврди дека чемреењето продолжи и под идеолошката пајажи на, да си ја газиме сенката на својата полувековната судбина.

Вистина е, тоа дека политиката е насекаде валкана, но грозно е,навистина,подло и приземно кога луѓето што го повикуваа народот на револуција им го свртуваат грбот. Не знам дали историјата забележала сличен пример кај другите народи.

## НЕ САКАНИ, БОЛНИ ВИСТИНИ - КОМУНИСТИЧКИ ЛОГОРИ НА ИДНИТЕ СМРТНИЦИ

Сепак, сепак не молчеа сите, но за нив беа измислени смртните логори. И како што се ближеше крајот и се наѕираше исходот на борбата на Демократската армија, толку повеќе Албанците беа Принудени да водат сметка за својата инволвираност во грчките настани, со тоа што можеа да ја компромитираат и да ја изложат на разни опасности Албанија и да биде нападната од НАТО. Поради тоа, на 5 мај 1949 година, министерот за внатрешни работи на Албанија Мехмет шеху нареди да се расформира логорот што беше организиран во непосредна близина на грчко - албанската граница, каде шро се чуваа граѓани на Грција осудени на смрт од преките судови на Демократската армија.

Повеќето од затворениците беа Македонци, осудени поради агентурска дејност во корист на југословенските известителни служби и пресудите се извршуваа на лице место.

Но, такви логори ги имаше и во Преспа. Затворениците беа исклучиво од постари лица кои јавно ги осудуваа акциите на НОФ, АФЖ и на воените штабови на ДАГ. Сите тие беа мајки, татковци или сопруги на борци кои служеа во единците на ДАГ или имаа погинато, а тие како најблиски остро реагираа. Имаше и такви родители кои имаа и по два до три синови мобилизирани во ДАГ и имотите им беа запустени.

Но, се поставува прашањето: КОЈ ГО УБИ ДУХОТ НА ОВИЕ ЛУЖЕ КОИ СЕГА МАСОВНО ДЕЗЕРТИРААТ?!

Кога човек ќе размисли по длабоко, овој нејзин став ја прави искрена и доблесна. Таа покажува решеност и верност да издржи до крај на пораката од Колишевски: „... да се борат чесно и да имаат поверење во КПГ “, и до крај да остане со борците Македонци кои беа мобилизирани токму од нив.

Се поставува прашањето: зошто Евдокија Фотева - Вера и по 55 тунелски години, со судбина на духовна опустеност не води во нови заблуди? Од какви национални интереси тоа го прави? Можеби затоа што во главите и душите ни владее конфузија за тоа кому му служевме и за каква цел гиневме. Но, дека е време конечно јасно и отворено да му погледнеме во очи на морничавата идеолшка поданост во таа војна не треба да има сомнење, барем од такви личности како Вера, која изнесе доста релеванти аргументи за Граѓанската војна.

Официјалната историографија пишува за репресалите врз Македонците борци во единиците на ДАГ. За аферите на група македонски борци на Грамос и Вичо кажува: Службата за безбедност и судската служба на ДАГ, имаше за цел да елиминира секаква реакција на Македонците кои агитираа во корист на Југославија. На 5 јули 1949 година беа уапсени повеќе борци Македонци и над нив беа извршени пресуди изречени од Прекиот суд на ДАГ. Потоа следеа„Бувската афера”, „Африканската афера”, „Изолираните логори за Македонци во реонот на Вичо”, „Кајмакчаламскиот одред” и многу други. Од сведочењата на осудените билоречено: „Причините за дезертирањето лежело во недовербата спрема решенијата и делата на ЦК на КПГ спрема македонските борци...”

Од КПГ и штабот на ДАГ, беа посочувани како разузнувачки и диверзански центри и такви центри имало три: Првиот е политичкиот и се раководеше од КПМ, и лично од нејзиниот секретар Колишевски. Овој политички центар ја имаше главната контрола на другите два центри. Вториот центер на

ОЗНА и Третиот центар на ИИ група на југословенскиот Генерален штаб.

КПГ и Главниот штаб на ДАГ од таквиот развој на настаните реши да испрати висока делегација во Скопје - Југославија. Делгацијата на КПГ - НОФ во Скопје пристигна на 8 февруари 1949 година. Истиот ден, во 11 часот е одржан првиот состанок. Од КПМ на состаникот учествуваа Лазар Колишевски и Цветко узуновски, а од грчка страна - Милтијадис Порфирогенос, Никос Георгијадис и Паскал Митревски (како преведувач).

Од страна наЦК на КПГ беа поставени следните прашања:

1. Во редовите на македонскиот елемент се појави едно непријателско движење спрема денешната заедничка борба на грчкиот и на македонскиот народ...

2. Напоредно, кај Македонците - бегалци од Грција кои се наоѓат во Југославија се формира непријателско расположење...

3. Центар на таа непријателска пропаганда против нашето движење е една група македонци, кадри кои ја напуштија Грција по директива на НОФ и пропагираат против КПГ и ДАГ и ги повикуваат борците Македонци да ги напуштат борбените редови и. т. н.

Спрема П. Росос, враќајки се од Белград во Грција на 7 април 1949 година на ГШ на ДАГ им пренесол што им зборувале дезертерите кои до вчера биле членови и раководители на НОФ и АФЖ на Македонците кои биле пребегани од прогонот на грчките власти сега привмено сместени во Скопје: „Не одете будали, да гинете без никаква корист во ДАГ”. Види по опширно во книгата Кирјазовски од 1995 година.

## ИЗГУБЕНА Е СЕКАКВА СМИСЛА ЗА НЕКАКОВ МАКЕДОНСКИ ПОЛИТИЧКИ ФАКТОР.<br>ИМАШЕ ЛИ ИЗЛЕЗ ОД ХАОСОТ?

Кај Македонците се испомешаа: објективноста и обрските спрема сопствениот народ.

Сето тоа уште еднаш го потврдува фактот дека го испуштивме нашето време. Ни избега. И ние од него бегавме. Се посипавме со злости и пакости, со делби и омрази. Го исподеливме народот и го разнебитивме. Се дезориентиравме и прифативме нов товар на идното време.

Значи, зад нас ја оставивме татковината - МРТВА ЗЕМЈА и нашето враќање стана неизвесно, иднина недефинирана, оти тоа зависело од минатото и ние се најдовме надвор од интегралните истории на Р. Македонија и од на Р. Грција. Сите знаеме дека се правени злосторства над Македонците под Грција. Но зачудува фактот дека дури Р. Македонија (како наследник на КПМ?КПЈ) не ги осудуваа, конкретно за Граѓанската војна не може да замижи пред историските факти и дека опредлбата на НОФ за оружена борба, во април 1945 година(НОФ од формирањето на 23 април 1945 година се до половината на октомври 1946 година беше раководена од КПЈ?КПМ). Таа беше погрешна, со многу тешки последици за Македонците. Тврдењето, дека НОФ така постапи за да го заштити народот од теророт на монархофашистите, не држи, и преставува неуспешен обид за оправдување, бидејќи одлуката за оружена борба е донесена по еден месец од разоружувањето на ЕЛАС, кога атинскиот режим се уште не беше организиран и зацрвстен, поради што не беше во можност да примени масовен терор.

Се поставува основното прашање: До кога ние Македонците ќе замижуваме пред реалните факти?!

Ако самите се оценувавме дека сме способни да раководевме до чета, тогаш зошто со години пишуваме во историјата дека во Граѓанската војна ние Македонците сме биле воено политички фактор? Ако, таквата вистина за нивната политичка и воена способност ја кажаа само пред Захаријадис, тогаш, зошто и за каква цел го повикуваа македонскиот народ?!

Но, едно е јасно: од досегашните повеќе годишни истражувања се потврдува дека овие лидери на НОФ и АФЖ, или од едната (КПЈ) или од другата (КПГ) Партија биле удостоени со високи признања и оситуирани како заслужни борци, а народот од

Македонија под Грција доживеал геноцид! Сеќавање што кај секој паталец трае цел живот.

Има ли друга вистина? Дали има човек кој бил лидер на НОФ или АФЖ, кој сигурно и компетентно ќе ни потврди со факти некоја друга историска вредност. И ќе му веруваме на кажувањата? Но, досега ниту еден македонски политичар од организациите на НОФ и АФЖ не призна дека згрешил и ниту помислил да му се извини на македонскиот народ. За сега, само можеме да жалиме за тоа.

По повод 50 - годишнината на ДАГ, група истражувачи на весникот „Ризоспастис", орган на ЦК на комунистистичката партија на грција, (КПГ), по повод 50 - годишнината на ДАГ, подготви и објави труд под наслов „50 година на ДАГ". Трудот во деведесет продолженија го објави споменатиот весник во 1996 и 1997 година.

Авторите на трудот „50 години на ДАГ" врашат ревизија на решенијата и ставовите на 6 - от Пленум, (1956) 7 - от Пленум, (1957), и на 8 - от Конгрес, (1961), на КПГ кои политиката на раководствот на КПГ на чело со Никос захаријадси во периодот 1945 - 1949 година ја имаат оценето за погрешна и штетна, а „некои грешки" што ги направил, тој наводно, не одиграа решавачка улога за развојот и исходот на настаните.

Факти: „... Судирот во декември, кој тареше 33 дена со поразот на ЕЛАС и договорот во варкиза на 12 февруари 1945 година. Авторите на трудот „5о години на ДАГ" го прифаќаат ставот на Сталин во врска со судирот меѓу ЕЛАС и Англичаните во Атина што го изнесе на средбата на делегациите на КПСС, КПГ и АПТ одржана во јануари 1950 година во Москва. Сталин тогаш рече дека дофоворот во варкиза не требало да се случи и ЕЛАС требало да ја продолжи борбата надвор од Атина. На забелешката на Захаријадис дек Георги Димитров со телеграма од 15 јануари 1945 година му препорачуваше на раководството на КПГ да настојува на договор со Англичаните, односно мирољубиво решение на судирот, Сталин на тоа остро реагираше со зборовите: „Димитров не е ЦК на КПСС."

На што не упатува ствот на Сталин? Не упатува на договорот со Тито. Да се сочува социјалистичкиот поредок во Југославија и источно - европските земји, а да бидат можни варијанти - не за освојување, туку за „буричкање”. Најверојатно, најоптималната варијанта им беше со нас Македонците од егејскиот дел на Македонија...

Но, интересно е мислењето и ставот на Тито изнесено на средбата со Маклен.(Види: Студиските анализи за Граѓанската војна (1945-1949) стр.336/337, статија од Јоже Пирјевиќ: ФО371/78716/Р 4691.

(Авт.превод- СО РАСКИНОТ НА ТИТО-СТАЛИН И ПО ЛИКВИДАЦИЈАТА НА ГРАЖАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА.

“...Ова беше како предуслов во мисијата на Маклен, што се оствари на 5 мај 1949 година, кога вечераше со Тито и беседеја за многу наталожени прашања, но и за ставот на Југославија т.е за односите со Запад. Тоа што се однесува за Грција, Тито не се откажува од тоа дека има дадено голема помош на андартите (ДАГ) во изминатите години. Но, се сложи дека сега положбата е сменета и рече дека, сама Југославија не можеше да им го откаже правото на азил на политичките бегалци, но тие сега се држат во внатрешноста на земјата и тоа подалеку од границите. Навистина, така го сватив, дека Тито можеше да даде ветување, дека во иднина не ќе им дозволи на тие луѓе да се вратат во Грција за да продолжат со војувањето. И дека повеќе не ќе им даде никаква помош на андартите (ДАГ) Ми зборуваше, дека ова изнесеното не ќе се обелодени пред јавноста, односно да се дознае, бидејќи ќе го доведе во многу сложена положба.” ФО371/78716/Р4691.

Во Граѓанската војна доживеавме да се потчиниме на партиската насоченост и “Ставовите на посилниот секогаш за нас да бидат најдобри!”

Да се повикува народот на национално востание е доблест, но тоа може да биде и национална измама. Ако НОФ и АФЖ решија да го повикуваат македонскиот народ под Грција на сенароден фронот за спроведување на своите стратешки

определби, се поставува прашањето: водеа ли сметка (имаа гаранции) дека тие не се легитимни пред светот и не ќе можеа да го постават македонското прашање ниту пред Советот за безбедност, ниту пред Обединетите нации, туку пак требаше, тоа да го сторат Грција или Југославија. Не знаеја дека тие се строго контролирани и од сите балкански комунистички партии и ни од далеку нема да успеат да ги реализираат тие историски желби.

За жал, нашето учество (1940-1950) никогаш во програмата на националната стратегија не постоеше единство и достоинство, туку лично калемење и корист на поединци членови на Комунистичките партии (КПГ или КПЈ).

Значи: сме сакале со КПГ и КПЈ и сме ги прифатиле правилата да бидат нивни, а колку бевме во состојба да ги контролираме како луѓе со поданичка душа, тоа е докажана работа преку исходот на настаните кој не доведе до национален пораз - геноцид.

Тогаш (1945-1949) поради нашата ропска покорност (кон било кој), ја прави дефинитивно суддбински се по сплеткана.

Што значи, по Втората светска војна, кога луѓето веруваа дека повеќе нема да се дозволи да се случи вакво крвопролевање ние, Македонците, ја доживеавме и со геноцид ја плативме високоризичната авантура преку разбеснетиот ритам на огнот, без македонска опција (ане можевме да имаме, бидејќи бевме под контрола на КПЈ и КПГ) и без присутност за националните интереси, и бранејќи ја комунистичката идеологија го изгубивме идентитетот и дедовите огништа за навек. Тоа во свеста на Македонецот остана како трајно сведоштво - за една потресна големомаченичка легенда, за едно етничко чистење, кое набрзо по ликвидацијата на ДАГ се претвори во уште една незапаметена наша трагедија во која самите сме и сведоци.

Во емиграцијата, гетоизирани, свртени кон себеси, во новиот свет на логорите, далеку од сопствената национална традиција, како единки го баравме спасот во единственото заедничко - тагување по најблиските.

Се поставува прашањето: како можело овие политички стратези да замислат такви апсурдни творби, кога во тоа време и на тој простор беше акумулиран голем историски фанатизам, акумулирани разни смртоносни идеологии. Значи Балканот и натаму остануваше најконфликтен регион во Европа, особено во т. н. Западен Балкан тлееа потенцијални кризни жаришта. Но, што е за чудо, во тоа време истите тие стратези и политичари беа ангажирани со градење нови "цивилизации" во Сибир и на Голи Оток, а ние Македонците во овие 55 години, не оценивме дека овие политички водачи за нас сториле повеќе добро или зло? Не! Сите молчевме како неми! СПАС ВО МОЛЧЕЊЕТО. Особено по Балканскиот [22] договор во 1953 година. ЅИД НА МОЛЧЕЊЕ.

Кај обичниот наш човек, одвај имаше останато само една исконска желба: да остане Македонец, без разлика уште колку ќе трпи, само со цел еден ден да се врати во својата земја, да го зборува јазикот и да се сретне со своите.

Токму со физичката подела, тугинците посакуваа да настане и тотална духовна подела, а таа се одрази толку разорно, што ни донесе катастрофални последици по сите стратешките национални проблеми: до геноцид на Македонците под Грција и да се стави како проблем пред светот едно од најчувствителнити за нацијата прашањето за името на целокупниот македонски етникум.

---

[22] Во февруари 1953 година во Анкара се водени тристрани разговори за формирање на Балкански Пакт за пријателство и соиработка по меѓу Грција, Југославија и Турција.
Во август 1954 година се дополни и се стави во сила со потпишувањето во Блед (Југославија) за воен Сојуз помеѓу трите потписници.
Балканскиот Пакт од 1953 гтодина беше еден момент како подршка на Југославија од заканите што и беа упатувани од земјите на комунистичкиот лагер и затоа не траеше многу. Така во 1961 и трите земји оценија дека Балканскиот пакт стана мртво писмо.
Но, со потпишувањето на Балканскиот пак имаше и разбирливи последици спрема македонското прашање, бидејќи Југославија на Грција и направи отстапки на Грција и тоа: го распушти „Сојузот на Македонците од Егејска Македонија" и затвори (ликвидира) пропагаторскиот весник „Глас на Егејците".

Таквата духовна подела и негрижа за интегрално гледање на македонската судбина (низ матичната историја, литература, едукацијата и високите институции на Република Македонија), се покажа многу експлицитно низ историјата на минатиот век, па и се до ден-денес е таквото индифирентно гледање на судбината на Македонецот.

Аргументите што се истражувани во оваа студија, не се во прилог на напишаната историја за: “Егејците”. Тие сугерираат сосема поинаков критички однос кон историските настани, а не лицемерно однесување самите кон себе, затварајќи ги очите пред сопствената судбина. Нашата судбина е наша судбина и моравма да ја земеме во сопствени раце. Оти сурово е кога ако луѓето не сакаат сами да господараат со својата судбина, тогаш како што вели и нашиот народ: судбината загосподарува со нив. Ова мора јасно да се каже барем по 50 години, оти со години тугинците не влечеа за нос. Аргументите говорат, дека навистина тоа се случи со нас Македонците под Грција.

Конфликтите по меѓу овие завојувани страни, исклучиво беа класните (но и немногу јсните, токму во таа насока, ставови на луѓето од врвот на КПГ: Маркос и Захаријадис, но на КПМ/КПЈ) и идеолошките прашања за уредување на грчкото општество т, е комунистите наводно водеа борба за социјализам, односно за глобалниот проект:

Советизација на Балканот. Но, во овој период на време од исклучителна важност е и улогата на организацијата НОФ и АФЖ, кои и служеја верно на комунистичката партија на Грција (спрема препораките на КПЈ), а таквата препорачлива приврзаност, КПГ ја искористи по “комунистически” до максимум и преку ова организација, успеа да го организира и мобилизира Македонецот во ова Граѓанска војна, а по ликвидацијата на ДАГ да замине заедно со соборец-Грк, надвор од Грција од своето родно место (по поранешните социјалистички републики и СССР), но Македонецот рамноправен борец во ДАГ и многу од Македонците, дури и членови на КПГ, со билет во еден правец. Грците со исти гревови: борба за социјализам во Грција, ем големи комунисти,

се вратија во своите огништа, само затоа што им беше обезбеден повратен билет. Тоа е факт, се друго е во сферата на шпекулации, дилеми, небулози и фантазмагории.

Секој разумен човек, си го поставува прашањето:Какви последици имаше формирањето на НОФ [23] и АФЖ кај Македонците под Грција. Ако се знае дека еден дел Македонците под Грција, сега под влијание на македонската држава што се создаде во рамките на Југославија и на нејзиното раководство, (КПМ/КПЈ), се спротистави на ставот и практиката на КПГ спрема македонскотот прашање, се одделија од неа и побараа да им признае правото на самоопределување, а друг дел продолжи да го следи ставот на грчките комунисти за македонското прашање кој на Македонците им ги признаваше малцинските права во рамките на грчката држава. Со тоа Мекдонците се поделија на два табора: со КПГ и со КПМ/КПЈ и како крајна стратешка цел (во неа на мошне успешен начин беа обмислени и исконтруирани формите и содржините преку кои тие добиваа и соодветна конкретизација во практиката токму на тлото на Македонија под Грција) на тугинците им беше да го натераат НОФ со почетокот се повеќе да располага со судбината на Макеонците под Грција, а потоа да ги распоредуваат и регрутираат како што сакаат.

А пак, колку овие поглавија се со исполитизирани термини, тоа навистина е едно посебно и многу сериозно прашање во македонската историја. Например: “Македонското биро на КПГ”, а тоа е -Биро за областа Македонија под Грција. Па следат омилените атрибути: Егејци, Крвава епопеја на Егејците, Беломорци, четници и. т. н., а најверојатно е со единствена цел да направи полесен пробив во колективната свест, но очигледно е дека во овој труд преовладува перфидна жонглерска таткика-

[23] На 23.04.1945 година, во Скопје, во просториите на ЦК на КПМ, формирана е организацијата НОФ (Народно Ослободителен Фронт) на Македонците под Грција. Во составот на оваа организација се формирани АФЖ и НОМС. Од формирањето се до т.н “Братство и единство” помеѓу НОФ и КПГ, НОФ дејствуваше спрема директивите на КПМ/КПЈ, а по тоа помина под команда на КПГ се до ликвидацијата на ДАГ и нејзиното расформирање, а нејзиното раководство, беше интернирано во логорите на Сибир.

историска дивоградба, која зборува од (со) идеолошка пизма. Но во друга прилика за таките проблеми, оти тоа навистина за странците преставува-анатомија на магла, а не историја на македонската нација.

Но, на овој овтор, најголем проблем му се фактите. Во оваа книга, токму фактите противречат на тоа што го пишува. Фактите говорат, дека не сме браниле татковина со автоктон ум- македонски, туку со туѓо идеолошко проклетство и доказите се тука-недоброј. Видливи со голо око. Но семоќниот историограф-Кирјазовски не сака да се повини, туку се уште пишува утешни илузии и ја отфрла вистината. Посакува да остане чувар на државните тајни и фактите да ги прилагодува спрема дневната политика.

Значи, нешто кај овој автор полавек, појде наопаку се што напиша и пишува е ништо друго, туку конвенционална историја-нарачана. Алките што недостигаат и во овој историски опис “Македонското национално прашање и Граѓанската војна”, се искривоколчени фактите и аргунетацијата за целиот тој период на време (Граѓанската војна 1945-1949), а со тоа пак, не ги согледува национално политичките импликации од робувањето на НОФ кон КПЈ и КПГ, оти таа војна за нас Македонците под Грција е без никаков реален мотив за што се дадоа 20. 000 жртви и доживеаме тотален национален пораз.

Секој паталец од Македонија под Грција, пола век си го поставува прашањето: зошто историските факти никогаш не пристигнуваат до читателот „чисти”, туку тие секогаш се прекршуваат низ поданичката свест на овој историограф и посакува од нас да направи полавековни заробеници. До кога и која е смислата на молчењето, а истовремено ќе им се заблагодаруваме на КПГ и КПЈ, за тоа што не исподелија и не оставија по светот.

Ќе се објасни ли еднаш: Дали Граѓанската војна била революција (продолжување на илинденските традиции) или па дури и се уште се поставува прашањето: „Дали можеше Македонија да се обедини?” - како што се сретнува таквата оцена во официјалната историографија или сето тоа е

замаглување на историјата за измамата за Македонците под Грција?

Види: Книгата “Македонците и односите на КПЈ и КПГ (1945-19490, од 1995 година.

“На 23 април 1945 година, кога се уште не беше завршена Втората светска војна, а во Грција пак, десницата, со помош на Велика Британија ја спроведуваше својата власт, применувајќи остри репресивни мерки против движењето на отпорот, во егејскиот дел на Македонија, надвор и независно од КПГ и, спротивно на нејзината политика, стратегија и тактика, се појавија организации на КПМ, СКОЈ, НОФ, а во состав на НОФ и масовните политички организации НОМС и АФЖ. Едновремено НОФ организира и свои вооружени единици, кои развија герилска борба. Организатор на тие активности беше КПМ. Со овој чин, македонскот национално-ослободително движење во егејскиот дел на Македонија се институционализира. Целта на организацијата НОФ, која застана на чело на македонскот ослободително движење беше, со примена на сите форми на борба, да се бори за самоопределување и обединување на македонскиот народ. “, Стр. 10.

Исто. Види: книга “Правната дискриминација на големо-грчката политика во егејскиот дел на Македонија по втората светска војнае, Скопје, 1996 година:

“НОФ и другите наведени организации од нивното формирање до ноември 1946 година се раководеа од КПЈ-КПМ.”, стр. 181.

Види книгата:народноослободителниот фронт и другите организации на Македонците од Егејска Македонија (1945-1949), издавач „Култура”, Скопје 1985 година. Авторот вели:

“Првиот конгрес на НОФ (13 јануари 1948 година) претставува најсветла етапа во македонската поилинденската историја.

Раководството на НОФ, и покрај лошото искуство од минатото и разните појави на неискреност и опуртунизам на

раководството на КПГ, стоејќи на интернационални позиции и со искрена намера да помогне во развитокот на грчкото движење, се согласува три четвртини од Македонците партизани да се борат во редовите на ДАГ јужно од Олимп, односно во сите краишта во Грција. Понатаму, за да се зајакне грчкото младинско движење, да се расформира македонската младинска организација НОМС и нејзините членови да се зачленат во грчката младинска организација ЕПОН, а за да може да егзистира, односно опстане Земјоделската партија на Грција, НОФ им поставува задача на своите членови да влезат во нејзините редовие. И уште еден мотив: дислоцирањето на македонските единици во длабината наГрција за превентива, да не се повтори случајот од 1944 година, кога мекедонските баталјони се одделија од ЕЛАС. Стр. 213.

Понатака вели: "Народноослободителниот фронт (НОФ) се појави како сенародно антифашистичко движење на македонскиот народ внатре, во условите на отворена интервенција на англо-американските империјалисти во внетрешните работи на нашата земја (сега не Македонија, туку Грција м. з) и варваскиот напад на монархофашистите против демократските сили во земјата, а особено против македонскиот народ".

Ете, така не информира овој автор. Но, целиот учен свет се прашува: зашто зборува овој автор, за револуција или за измама? За какво македонско прашање по Втората светска војна? Тоа ни покажува дека овој автор не ја познава глобализацијата на светската идеологија и не сака да признае дека НОФ и АФЖ се најдоа во менгемето на КПГ и КПЈ и чекореа преку тенка нишка (токму по моделот на идеологизацијата е спроведен во практиката по Втората светска војна во Македонија под Грција), туку авторот го прикажува како воено политички фактор во Граѓанската војана и со тоа ги потхранува идеолошките активисти.

Ставот на СССР

## КАКОВ БЕШЕ СТАВОТ НА СССР ПО ПРАШАЊЕТО ЗА СОЗДАВАЊЕ НА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА ВО МАРТ 1949 ГОДИНА?

На 8 март 1949, Советскиот ополномоштен во Грција Чернишов телефонира во Москва, дека грчката реакција употребува невидена агресивна и активна пропаганда против Комунистичката Партија и андартското движење (ДАГ) за „македонското прашање" за кое станува збор, односно за донесените решенија на 5 -от Пленум на ЦК на КПГ и на 2 Конгрес на Народниот Ослободителен Фронт на Македонците. Основната акција на пропагандата е насочена кон дејанијата на Комунистичката Партија и Андартите (ДАГ), кои наводно биле склони кон рушење на суверенитетот на Грција, односно кон целовитиот простор на дражавата. "Ставот по ова прашање за обединување на Македонија во овој момент", продолжува Чернишов, "...Таквата пропаганда на владата Атина и дава повод да изврши регрутирање и пренесување на владините трупи со висока воена готовност кон овие делови што ги контролираат андартите (ДАГ). Грчкиот народ кон ова прашање за целовитоста на грчкиот просторен суверенитет има посебна чувствителност, но истата грижа се јавува и кај луѓето што сега живеат во градовите, а се симпатизери на комунистите и на андартите (ДАГ). Конкретно се очекува да се свика конгресот на Народно Ослободителниот Фронт на Македонците (НОФ), што е одреден да се одржи на 10 март во слободните територии кои се наоѓаат под ДАГ. По тој повод, државниот печат на англоамериканската лига и изјавува со провокативни намери дека Конгресот ќе се определи за припојување на грчка Македонија во една заедничка држава со бугарската и југословенската Македонија и дека Комунистичката партија на Грција "прави предавство на грчка Македонија".

Согласно информациите што Чернишов (за ставот на СССР [24] ) ги доби од Москва, на организаторите на Конгресот им се

[24] Политиката на Советскиот Сојуз спрема македонското прашање, беше во функција на глобалната политика и стратегија воопшто и спрема Грција посебно. Сталин, македонското прашање, како и односот на Англичаните, Американците и Грците спрема Македонците под Грција, го користеше како покритие за својата политика што ја спроведуваше во земјите кои паднаа

укажува дека таквата намера е непромислена за да на Конгресот стане збор за такво прашање, па дури и за иднината на македонскиот народ во рамките на некаква Балканска Федерација. Но, им се препорачува дека делегатите на Конгресот треба да се свртат кон ориентацијата на населението во грчка Македонија да се ориентираат во борба против монархофашистичкото општество во Грција и да се борат за создавање на една слободна и демократска Грција”.

КРАЈ НА ВОЈНАТА - ЕГЕЈСКИОТ ПРОБЛЕН РЕШЕТЕ ГО СО ТРАНСФЕР НА МАЛЦИНСТВАТА!

Граѓанската војна национална икатастрофа за Македонците: Остави крај на стравотните последици од неа, со илјадници човечки жртви, повеќе илјади осакатени и инвалидизирани лица, безброј растурени семејства. Изгубено за навек многувековното, најсветото-прадедовото огниште.

Еднаш засекогаш треба да се знае дека во годините на Граѓнаската војна нашите селани од Леринско, Костурско, Воденско и од другите делови на егејска Македонија, немаа намери за мотивиран егзодус, туку станува збор за осмислено етничко чистење на еден долгогодишен процес потикнуван со перфидни методи кои имаа и имаат далекусежни импликации за разнебитување на македонската нација.

---

под влијание по Втората светска војна. Во текот на Втората светска војна комуистижките партии во земјите меѓу кои беше поделена Македонија цврсто го почитуваа декларативниот принцип на големите сили за непромена на предвоените граници. Траба да се знае и тоа: На иницијатива на Сталин е донесена одлука за распуштање на Коментерна, со што формално е признато правото на самостојност на секоја комунистижка партија и е подржана тезата: Една држава една партија. Кога тој истиот Сталин со големите сили во Москва (октомври 1944) ја направи делбата на сфери на влијанија и на балканот границите да останар ‘Status Quo’. Ете тоа е беше одговор на сите нас кои гледавме спас во Русија. Тоа беше првиот удар и покажува како го изгубивме обединетиот духовен систем т. е. нацијата остана без стратегија за духовен опстанок на својот етнички простор на Балканот.

Кога се знае дека НОФ и АФЖ во тој период немаа ниту политичка, ниту воена власт и не преставуваа никаков фактор, тогаш за кого го повикуваа македонскиот народ?

На 9 октомври 1949 година во Бурели, Албанија, беше одржан 6 - от пленум на ЦК на КПГ. Пленумот го напушти ставот за самостојување и за целосно национално самоопределување на Македонците под Грција, што беше прифатен на 5 - от пленум, одржан во јануари истата година, и се врати на ставот „целосна рамноправност на мекедонското малцинство во рамките на Грчката држава". На пленумот, исто така, беше решено да се расформира организацијата НОФ и АФЖ.

На средбата на делегациите на раководствата на КПСС, КПГ и АПТ во Москава, во јануари 1950 година, свикана и раководена од Сталин по повод судирот меѓу КПГ и АПТ и писмото на генералот Маркос Вафијадис до ЦК на КПСС во кое го обвинува Захаријадис за агент на Интелиценс сервис, стана збор и за политиката на КПГ спрема македонскот национално прашање.

Истотака беше оцената како грешка и формирањето на засебната партиска комунистичка организација на македонците под Грција - КОЕМ.

Постапувајќи по директивите на Сталин, раководството на КПГ од 14 до 18 мај 1950 година го одржа 7 - от пленум, на кој расправаше по две точки:

1. Укажувањата на КПСС и 2. Внатрешно - политичката ситуација во Грција и задачите на партијата.

Пленумот го прифати ставот на Захаријадис дека „предавставото на Тито со помош на неговата агентура во Грција-организацијата НОФ, одигра решавачка улога за поразот на ДАГ"

Од целокупната анализа произлегува дека македонското национално прашање, со политичка умисла беше во игра и некој го држеше (истакнуваше на прв план по потреба) со цел

да биде присутно низ целиот период на Граѓанската војна во Грција. Но, не за да се реши , туку да се искористи и максимално да се исцрпат сите национални потенцијали во остварувањето на политикта на сите сили кои беа инволвирани во грчкото прашање. Велика Британија и Соединените Американски Држави го користеа за оправдување на на својата интервенција во Грција во корист на атинскиот режим. Со почетокот, Советскиот Сојуз и Југославија го користеа за зачувување на ново создадените социјалистички земји.

Но, последиците од политиката на наведените субјекти беа катастрофални за Македонците од егејскиот дел на Македонија.

***

На крај се беше на маса:

Се вели во Стенограмите од надитрувањето меѓу Русите и Американците околу Егејскиот дел на Македонија во ООН. Македонското прашање е закана за мирот на Балканот. Се предлагаше конвенција за размена на населението. Значи се предлагаше ТРАНСФЕР НА МАЛЦИНСТВАТА.

Во случај на македонското прашање, барањата не се истакнати пред Обединетите нации, туку во говорите на одделните влади или во органите на печатот контролирани од страна на владите.

Московскиот докумет:

На крајот од разговорите по меѓу Стали и Захаријадис, на 16 септември 1949 година беше подготвен еден документ што го потпиша самиот Сталин. Документот ги дефинираше причините за поразот на ДАГ, кои КПГ требаше да ги согледа како основа и патоказ за новата политичка линија и за формата на борбата што требаше да ја примени. Гласи:

„1. По поразот на ДАГ (демократската армија на Грција) во Вичо и Грамос ситуацијата во Грција се измени, што ја принуди КПГ да ја измени својата политичка линија.

Причините на поразот на ДАГ се следните:

а) Слабата на КПГ да го реши проблемот на резервите на ДАГ како и снабдувањето на единиците на ДАГ што се наоѓаа во подрачјата на Централна и Јужна Грција.

б) Помошта што му ја дадоа Американците и Англичаните на монархофашизмот.

в) Предавството на кликата на Тито и уште 6 точки дадено е образложење.

И овој документ дава доволно факти дека ние Македонците, во Граѓанската војна не поставивме македонско прашање, ниту бевме во можност да го поставиме, и ниту од нас зависеше дали војната ќе продолжи или се прекине...

Но, токму денес (25/26 февруари 2006), кога работам на овој текст, во весникот „Македонија денес", екслузивно: читам фелтон: „Дали можеше Македонија да се обедини?" Извадок од книгата: „Македонското национално прашање и Граѓанскат војна", од Р. Кирјазовски.

Што мие целта? што се сака со тоа?! Кога денес се бара некој да одговара за жртвите на комунизмот. Најверојатно целта му е да не се затвари и од време на време овоа прашање што повеќе да се засенчува карактерот на потчнинувањето и диригирањето (од КПМ?КПЈ) на македонското дејание преку НОФ, како и тешките политички и етнички последици на македонскиот народ под Грција. И како основно да докаже дека македонскот раководство направи се што тоа го бараше народот, но големите сили тоа го спречија.

Во октомври 1949 година беше затворено и подложено под истрага македонското раководство на НОФ и АФЖ.

Врз основа на одлуката на 6 - 0т Пленум на ЦК на КПг одржан на 9 октомври 1949 и споменатата партиска конференција во Бурели, Албанија, на 7 октомври 1949 година со наредба на Главниот штаб на ДАГ и на ПБ на цк на КПГорганите за

безбедност на ДАГ, по добиената предходна согласност од надлежните албански органи и лично од председателот на албанската влада Мехмед шеху, во Бурели, Албанија, ги лишија од слобода раководителита на организацијата НОФ и АФЖ на Македонците од Егејскиот дел на македонија: Паскал Митревски, Павле раковски, Минчо Фотев, Евдокија Николовна - Вера, Уранија Пировска, Михали Малиов, ташо хаџијанов, Ламбро Чолаков, христо Коленцев - Кокинос и Лазо Поп лазаров, кои по нивното апсение беа испратени во сибирските затвори како „Титови агенти."

Од Албанија борците на ДАГ и цивилното население во октомври - ноември 1949 година беа префрлени во источноевропските земиј.

Врз основана Московскиот договор во октомври 1949 година сите бегалци во Албанија со специјани руски бродови беа префрлени во следните земиј: Во Романија 9. 100; во Чехословачка 11. 941 во Полска 11. 475; во Унгарија 7. 253; во Бугарија 3. 071 и во Советскиот Сојуз 11. 997 борци на ДАГ.

Од октомври, 1950 до мај 1955 година настанаа измени. Само за пример како резултат на обединувањето на фамилите до 1955 година во Советскиот Сојуз - Узбекистан нараснаа и бројката се зголеми на 16. 000.

Во Узб. ССР Ташкент беа организирани т. н. „градчиња" за овие емигранти и живееа под режим кои беше организиран од КПГ и ги имаа задржано своите партиски организации и членуваа повеќе од 8. 000 Грци и Македонци.

На 3 март 1953 година, умре Сталин, крај на една епоха. За Сталин сега ќе суди историјата. Настана нова ситуација, а на 23 февруари 1956 година се одржа XX конгрес на КПСС и настанаа коренити измени, како во самиот СССР, така и во балканските комунистички партии.

Партија со две крила

Помеѓу политичките бегалци во Ташкент од КПГ беа создадени две крила. Захаријдисовото беше подржано од првиот секретар на ЦК Кп на Узбекистан Нијазов, а антизахаријадисовото го подржуваше вториот секретар на ЦК КП Узбекистан Мелников.

Враќање во Н. Р Македонија

Враќањето во Н. Р. Македонија, Евдокија Фотева - Вера, и нејзиниот пречек го опишува верно. Задомувањето и вработувањето беше максимална грижа на државата, како што досега било и за сите кои имаа пребегано во Југославија. Конечно и помогнаа да поживее среќно. Таквата грижа и од држава (можеби и поголема) била сторена и за, „дезертерите”, која и самата многу искрено и отворено пишува во својата книгана стр. 204. На тие кои дезертираа од ДАГ, од НОФ, кои ја напуштија борбата, оставајѓи го народот на милос и немилос, без разлика што во нашаето отсуство овде протежирале (усно и писмено) лаги воопшто не им веруваме. Тие секогаш и долу, во Егејска македонија, во КПГ, НОФ, АФЖ, НОМС се служеа со интриги. таквите овде ја изврteале вистината за ДАГ и НОФ за 180 степени, мислејќи дека вистинските и доследни раководители не ќе се вратат живи.”

Но, станува збор за враќањето на борците и бегалците!

Со враќањето на сите тие борци во татковината СРМ, сите тие храбри борци кои во таа епопеја (како што ја нарекува историчарот Р. Кирјазовски) го потврдија својот национален идентитет, минаа по „Идризово” и како такви беа подоцна рангирани, на подобни, неподобни, па дури и „руски шпиони” од кои повеќето и така умреа вклештени со тешка болка во срцето. Таквите борци беа сместувани во разни „Гета” - Автокоманда, Чаир, Кисела Вода и т. н, најверојатно со некаква цел, но ете природниот тек на животот направи младите да ги напуштат Гетата и да се размешат со матичниот македонски народ. Неподобните останаа во целиот период од 55 години како граѓани од втор ред, чувствувајќи ја болно таа потурнатос во своите сегменти на животот и од развојот на својот народ носејќи го до денденес името на подбивката „Ослободител” или „Егеец”.

## ВРЕМЕ НА ЖЕЛБИ И НА ИЗГУБЕНИ ИЛУЗИИ. ПЕКАЊЕ ПО РОДНИОТ КРАЈ

По Граѓанската војна Македонците останаа да живеат со желби. И покрај желбите, принудени беа во животот да не бараат ништо повеќе отколку што тој во моментот можеше да им даде. Можеби тоа беше и единствениот начин да не се чувствуваат толку несреќни.

Македонците си го поставуваат прашањето: „Војував до крај на војната, но без да знам зошто. Никој ништо не ми признава: ме нема ниту во матичната историја, ниту во грчката што ја пишуваат комунистите”.

Товарот е веќе претежок и тој повеќе не може да се носи, но го носиме, чиниш недоволно сме казнети во овие изминати 55 години или недовлно сме сотрени во идеолошкиот отпад.

## ВЕСТ: НА ВЕСНИКОТ ПОЛИТИКА - БЕЛГРАД И НОВА МАКЕДОНИЈА – СКОПЈЕ

(23 август 1992)

Тито ги „смрзнал” егејските Македонци.

Со таен, но траен сојуз со Грција и НАТО и, по Титов налог, пред 42 години, Југославија прифатила во наредните децении да не го поставува прашањето за судбината на егејските Македонци во северна Грција.

Образложение: „Во летото 1950 година, Тито реши дефинитивно “да го реши грчкото прашање” постигнувајќи спогодба со својот стар воен соработник Фицрој Меклејн. На Бриони Меклејн стигна во јуни 1950, и тоа како неслужбен преставник на британската влада. Тој беше подготвен и овластен, во случај на поволни резултати од разговорите, на Тито да му понуди противуслуга. Ваквиот договор беше постигнат во најголема тајност. Британската страна го одржа ветувањето и на

Југославија и испорача помош во вредност од 30 милиони фунти стерлинзи, како и заем од 11 милиони фунти стерлинзи.”

АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА

Во февруари 1953 година во Анкара се водени тристрани разговори за формирање на Балкански Пакт за пријателство и соиработка по меѓу Грција, Југославија и Турција.

Во август 1954 година се дополни и се стави во сила со потпишувањето во Блед (Југославија) за воен Сојуз помеѓу трите потписници.

Балканскиот Пакт од 1953 гтодина беше еден момент како подршка на Југославија од заканите што и беа упатувани од земјите на комунистичкиот лагер и затоа не траеше многу. Така во 1961 и трите земји оценија дека Балканскиот пакт стана мртво писмо.

Но, со потпишувањето на Балканскиот пак имаше и разбирливи последици спрема македонското прашање, бидејќи Југославија на Грција и направи отстапки на Грција и тоа: го распушти „Сојузот на Македонците од Егејска Македонија” и затвори (ликвидира) пропагаторскиот весник „Глас на Егејците”.

ВЕСТ: НА УТРИНСКИ ВЕСНИК – СКОПЈЕ

Факсимил од обелоденетите документи на ЦИА: CONTINUING SATELLITE AND TO THE GREEK GUERRILAS. CIA HISTORICAL REVIEW PROGRAM RELEASE IN FULL –

Central Intelligence Agency:

Тајните документи на ЦИА за Тито, Југославија и за Граѓанската војна во Грција.

Наслов:– Судирот Тито - Сталин ги оставил на цедило Македонците во Грција.

Какви биле процените на ЦИА за Македонија и за реалациите меѓу Белград и Софија.

Наслов:–Независна Македонија голема закана за Тито за време на Инфорбирото.

Депортација: Доколку, се соочи со сериозна закана во текот на 1949 година од формирање на македонска држава,Тито би можел да организира масовни депортации на Македонците во други делови на Југославија, анализира ЦИА во својот извештај за Македонија во 1949 година.

„...Серијата документи на ЦИА, кои се однесуваат на Граѓанската војна во Грција, датираат од 1946 до 1949 година и тие даваат една нова конотација на случувањата од тој период. Американските разузнувачки информации недвосмислено покажуваат дека тогашна Југославија и Македонија како дел од федерацијата, активно учествувале и го помагале герилското движење на северот на Грција. Подоцнежното откажување на поддршката и поразот на комунистичките герилци, ЦИА во најголем дел ја припишува на судирот меѓу Тито и Сталин."

(8 и 9 август 2005)

Кој треба да даде одговор за историјата на егејска Македонија која стана земја на несреќни луѓе со црна судбина? Луѓе - жртви, без историја: ни во матичната историја на Македонците, ни во грчката историја на своите соборци. Педесеипетгодишна амнезија: за предавствтото спрема Македонците - кои беа изманипулирани, излажани и продадени! За овие 55 години светот се измени, а ние останавме неми набљудувачи.

Повеќе од половина век си ги поставувам прашањата: Зошто КПМ - меѓу КПЈ и КПГ - ги жртвуваше Македонците под Грција? Зачудува однесувањето на официјалната историја и државна номенклатура пред светот, како да немаме факти и аргументи дека сме постоеле и дека постоиме?

Зошто КПМ дозволи НОФ да се најде во менгемето на КПЈ и КПГ и во положба да ја брани логиката на безумието и одеше по работ на бричот.

Зарем КПМ не знаеше дека НОФ на КПГ и направи не проценлива услуга, но не помалка на КПЈ. Значи , фактите бесмислено говорат дека хаосот во егејска Македонија, бил испланиран поради нечии стратешки интереси и потреби и целите на НОФ и АФЖ од 23. 4 1945 - 16. 10. 1946 биле диктирани однадвор.

Значи, не е потребна голема мудрост и аналитичка способност па да се заклучи дека на овој начин се создавани услови за легален прогон на македонското населние организирано во овие организации. Злосторството не може да се сокрие. Уште потешко е тоа да се заборави.

Дека: КПМ - МЕШУ КПЈ И КПГ - ГИ ЖРТВУВАШЕ МАКЕДОНЦИТЕ ЛЕГАЛИЗИРАЈЌИ ГО ГРЧКИОТ ПРОГОН НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА.

Зарем неможеше да согледа дека идеолошкиот активизам на туѓинците, се ширеше како малигно заболување на душата, кај Македонците под Грција во годините 1944-1950 година...

Зошто ја отфрливме алтернативата која не би била помала славата ако непријателот го победевме со ненапуштање на вековниот стремеж за зачувување на сопствениот исконски македонски простор - нашето прадедово парче земја и компактноста на македонското население во Македонија под Грција?

За на крај: знам дека сме виновни за нашиот пораз, оти ние не се спротивставивме кога можевме и кога требаше. Јас со години се обидувам да бидам крајно коректен во презентацијата на информациите (историските факти) што ги поседувам и ги објавив во книгите „Идеолошкиот активизам над Македонците под Грција", „(Само) жртвувањто на Македонците под Грција" и „Билет во еден правец" но ... останува едно големо НО!

Искрено се надевав дека авторот на книгата „До пеколот и назад", ќе дадеше одговор на одредени прашања за причините - СТРАТЕГИЈАТА НА ПОРАЗОТ, а не за последиците од таа трагична војна.

СОБОРЦИ, ПРИЈАТЕЛИТЕ И НЕПРИЈАТЕЛИТЕ

На крај, авторот Евдокија Фотева - Вера зборува за непријателите и пријателите од висок ранг од кои како лидер на АФЖ добивала директиви.

Мошне тешко е „идеолошки" да ги дефинираме. Тие беа комунисти, националисти, големогрци, миротворци, демократи, а ќе ги променеја и сите други идеологии само што повеќе да се зацврстат мало азијадските Просфиги во Македонија.

Во поглавјето „Поразот на Демократската армија" стр. 21. Евдокија Фотева - Вера дава оценка: „...Генералниот секретар на ЦК на КПГ Захаријадис, по паѓањето на Вичо, велеше: "Грамос ќе биде гробница на монархофашистите". Меѓутоа, по бројните жртви, ако не се повлечеше ДАГ во Албанија, ќе се случеше обратното, на што подолго работеше лично тој со неговото Политбиро со сменувањето на докажаните воени стратези со таканаречениот "Закон за Врховниот воен совет", кога му е одземена командата на генерал Маркос над ДАГ, поставувајќи нови "воени стратези" без потребно соодветно искуство".

А/ Маркос - генерал или злосторник? Во еден број на грчкиот весник „Та Неа" и „Епикера" што се печати во Атина, беше објавена информацијата за средбата во Атина на генералот Маркос со генералот на владината војска на Грција во времето на Граѓанската војна, Цакалотос. При таа средба двајцата генерали се ракувале и од се срце се прегрнале, а Цакалотос му рекол на Маркос: „Вака требаше да се ракуваме уште пред да почне Граѓанската војна за да спасиме многу животи". А генералот Маркос му одговорил: „Навистина, поради мене загинаа многу луѓе, но не треба никогаш да се заборави дека направив едно големо дело за иднината на Грција:смислата на

борбата беше во тоа што ги протеравме Славомакедонците од северниот краеви на Грција, со цел Македонија, да остане грчка. “ Види: „Нова Македонија”, од 25. 02. 1992.

Значи, со ова што вели Маркос, во Граѓанската војна ние Македонците се боревме за да ја изгубиме Македонија под Грција!? Тој, значи , преставувајќи ни се како комунист не лажеше!? Па произлегува дека Генеролот Цакалотос и како човек и како воин е по хуман жали за жртвите. А ние во историјата се отепавме да пишуваме славопоики за генерал Маркос кој се покажа дека водеше наше истребување во самите редови на кои му служевме.

Кој е генерал Маркос?:

Од двајцата Средноазијадци кои не поведоа во Граѓанската војана, со мамката на КПЈ/КПМ ( НОФ и АФЖ) дека ќе ни создат нов свест се:

Едниот се викал Никос Захаријадис, роден во Андријанuполис во 1903 година.Завршил високо образование. Се самоуби како робијаш во градот Соргун во Сибир 1973 година. Другиот се викал Маркос Вафијадис, роден во село Тосије во 1906 година во Мала Азија. Завршил четврто одделение. Во Граѓанската војна (1945 - 1950) Захаријадис го избра и го направи генерал и претседател на привремената влада за еден ден и кога сака да го потроши. Тоа го стори во 1948 година, го прогласи за болен го суспендира и го прати во прогонство, во градот Пенза СССР.

Тие за време војната градејќи го “новиот свет” сурово газеа врз достоинството на Македонците, ги валкаа нивните национални чувства и упорно го негираа македонскиот национален идентитет. На крај не отпоздравија...

Потоа следеа:

Годините на валканите пароли Силата на црвената бура Мрачните мисли на идеолошкиот активизам Изгнаници со порабена судбина.

Неоти има фајде што сега народот ги нарекува натрапници...

Б/ На Конгресот во мај 1987 година на прес конференцијата со грчките и странските новинари, во септември 1988 (скоро година дена и потоа) во Солун генералниот секретар на КПГ, Харилаос Флоракис, конкретизира, односно кажа отворено зошто на Конгресот зазеде таков став. Имено, на односното прашање од новинарот на „Месимврини", Флоракис, меѓу другот рече дека: „Во оваа пригода сакам да кажам дека за нас, за нашата Партија, македонското малцинство не постои!" (Вечер, од 5 ноември 1988, с. 9).

В/ Кој е Никос Захаријадис? Никос Захаријадис е роден на 27 април 1903 година во Одрин (Адријануполис). Источна Тракија. Татко му бил вработен како службеник - експерт во француската трговска компанија за тутун „Рези" со седиште во Цариград. Никос захаријадис од 1911 - 1912 година живее во Скопје во населбата Ибни Пајко, каде неговиот татко работел во преставништвото на споменатата компанија „Рези". Во Скопје Захаријадис заоди на училиште. Во 1913 година се преселува во Солун. Во 1922 и 1923 година како морнарски работник допатува во Советскиот Сојуз, каде се зачлени во КПСС. Во 1924 со размена на населенијата меѓу Турција и Грција, семејството Захаријадис се преселива во Грција. Во 1924 година го посетува познатиот комунististички универзитет за народите од Источна Европа КУТВЕ во москва. Никос Захаријадис бил лидер на грчкото комунистичко движење и генерален секретар на КПГ, од 1936 година до 1956 година. Захаријадис упорно го култивираше во редовите на КПГ култот и сета доверба во апсолутната непогрешност на КПСС и на Сталин, факт,како што и самиот призна, многу скапо го плати грчкото комунистичко движење, грчкиот и македонскиот народ и самиот тој. Се самоуби како робијаш во градот Соргун во Сибир 1973 година.

На 2-от Пленум на ЦК во февруари 1946 година, Захаријадис под убедително влијание, дека условите покажуваа оти е време да се "помине во вооружена борба".

Од овој став се дојде и до трагичноста во Граѓанската војна, која по неколку успеси, западна во безизлезна положба и постепено глибеше и помина во најразорната фаза, со катастрофално рушење на силите од Левицата.

Во август 1948 година, Захаријадис го смени од главен командант на ДАГ генерал Маркос Вафијадис, познат со својот став (стратегија и тактика) дека вооружената борба треба да се развива во мали ефикасни партизански воени единици. Не фронтално.

Захаријадис, со смената на Маркос, ја презеде целокупното командување и настојуваше да створи вооружни едници на ДАГ за фронтална борба и тактика против националната армија на Грција, која беше 10 пати поголема и потпомогната од Америка.

Во август 1949 година, на фронтовите Грамос и Вич, ДАГ е скоро уништена и повекето од борците поминаа во емиграција во источните земји. Захаријадис, по таквата нова положба, западна во уште низа поголеми грешки , кои имаа како последица на целокупното лево движење. Тој изјавува и вели: "Поразот, беше едноставно мала "починка" - здив и припремание на ДАГ.

Глас на востаничкото радио: ЗА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ИНФОРБИРОТО

„На 4 ноември 1949 година грчкото востаничко радио ја пренело официјалната изјава на ЦК на КПГ, за причните на поразот на Демократската армија. Во неа , покрај останатото, било истакната: „Од денот кога Информационото биро на комунистичките и работничките партии го разоткри Титовото издајство, бандите на слугите на империјализмот започнаа се повеќе отворено да ја поткопуваат тешката нерамномерна борба на грчкиот народ. бандата на предавниците и дезертерите се востанови во Скопје и под раководство на белградската клика, организираше дезертерства од Демократската армија. Тито не лиши од потребните резерви. на крајот, не само што и дозволи на монархофашистичката армија да ја употреби југословенската

територија за да ја нападне Демократската армија на Кајмакчилан, туку, исто така, дозволи неговите сили да не нападнат зад грб во текот на борбите на Вичо”.

Вукмановиќ - Темпо, во својата книга„Како и зошто народноослободителната борба во Грција доживеа пораз”, на стр. 77, „Инволвирањето на Југославија во грчката револуција било толку големо што КПЈ се почувствувала обрзана да изнесе анализа за неуспехот на револуцијата. општиот заклучок бил дека КПГ не успеала поради тоа што недвосмислено не ја признавала македонската нација и што била сосема претпазлива во превземањето воени акции, особено откога генерал Маркос бил сменет “под лажен изговор”.

Захаријадис како Генерален Секретар на ЦК на КПГ, претседател воениот Совет на ДАГ. Зборувајќи за проблемите на поразот на ДАГ, на 13 Конференција во 1950 година рече: “Ако од порано го знаевме ставот на Тито, дека ќе биде таков, ќе размислевме дали да го земеме оружјето и да војуваме во Граѓанската војна.”

Тој исто продолжи со обвинувањата и вели: “НОФ беше создаден од Тито и Колишевски... Неговото основачко и раководно јадро беше составено од титови агенти од типот на Митревски Керамициев, Гоце, Раковски, Вера и други, со единствена цел да ги унапредат интересите на Белгратските раководители во егејска Македонија... Да го користат славомакедонскиот прашање за остварување на нивните националистички планови-присоединување на Егејска Македонија...” Тоа го напиша Захаријадис, и беше усвоено на посебното советување на Македонските кадри на КПГ, разгледано и прифатено од Полит-бирото на ЦК на КПГ. Така грчката страна гледаше и ги разбираше работите. Види: ТО ККЕ 1918-1952, стр. 271, а го цитира и Павле Раковски во книгата 2000/347.

Од малата продукција на историографските трудови, остава впечаток трудот на Аргити КОВАЧИ - мајор во ДАГ „Непокорен докрај”, книгоиздателството МИ - АН, Скопје, 2005. Стр. 75. Тој пишува: „...Во Румели (Грција) ги загубивме

сите одреди не за да ослободиме територии, туку да си го обезбедиме делничниот леб. Никаде во светот некое друго ослободително движење не се случи да има такво неурамнотежено раководство и таква неспособна команда. Итриците се погрижија да станат водачи, да имаат истакнати функции, да се кријат и добро да уживаат. Многу од нив и денес седвижат високопоставени, зборувајќи за борби и жртвувања. Срамота! Затоа не позеде лошото. Вистината ќе блесне кога ќе прозборат и ќе напишат обичните борци, кои согореа во пеколниот оган на Граѓанската војна. Авантуристи, фалбаџии, никаквеци како маркос, Гусјас, Владас, војнички неписмени - и тоа беше неуспехот на ДАГ. Се разбира, најголемата вина ја носат Захаријадис, Барџиотас и други од полтичкото раководство. Крајот на Граѓанската војна се овенча со опустошување на Корештата (Костурско), на Преспа, на реонот на Вичо. Да не постојат веќе големи села во Корештата. Се се опустоши !... Десетици илјади загинати на боиштата, стотици жртви на воениот суд во Лерин. Зошто не одите да ги откопате коските на осумстотини и педесетте (850) жртви во масовната гробница што се наоѓа надвор од Лерин? Грција загуби и уште многу ќе губи ако не престане да го прогонува населението во Западна Македонија во грција и ако на илјадници бегалци - Македонци не им дозволи слободно да се вратат на своите родни огништа. Крајот на Граѓанската војна имаше трагични последици, особено за населението од реонот на Вичо. Освен огромните жртви на боиштата, во последните борби на 13 и 14 август 1949 година, принудно и со закана на оружје, народната милиција (припадници на Привремената влада и ДАГ под команда на КПГ) го принуди населението од Преспа, Костур, Лерин и другите места да пребегне во Албанија. Доколку за време на нашето повлекување од Вичо, на 13 и 14 август, тоа неселение сосила не беше принудено да пребегне во Албанија, тие реони немаше да се опустошат.

(Зарем овие потези од раководставото на КПГ преку народната милиција насилно да го иселуваат македонскиот народ, не се геноцидни зафати?).

„... И на Аверов (владин преставник) немаше да му успее на тие места да ги несели своибе истомисленици од мецово - Епир во

куките и имотите на домородните Македонци. Колку ли валкани игри се прават врз грбот на овој прост народец! Време е да се размисли кои се тие што го делат народот на надворешни и внатрешни бегалци...” Таков е судот на овој храбар и достоен македонски воин - мајорот Аргири од Костурско.

***

Захаријадис, продолжуваше со манипулирањето на Македонците, се до последна политичка моќ која располагаше како Генерален секретар на КПГ. По негова иницијатива на денна седницата на Претседателтвото на организацијата “Илинден” на Македонците од Егејска Македоннија, формирана по иницијатива на Захаријадис, што се одржа на 4 јуни 1956 година, раководителот на организацијата Пандо Вајна во својот реферат во врска со прогонот на Македонците од КПГ, меѓу другото, рече: „Во периодот на борбата на ДАГ и после поразот, Захаријадис спроведуваше политика на клеветење и прогонување на еден добар дел од славомакедонските кадри и народни борци. Сосема неосновано и многу лесно на славомакедонците кадри и народни борци им ја лепеше етикетата “агент на непријател на народот” и “Тито ви агенти” и. т. н.”

Реакцијата реагира остро против неговата изјава и како почеток во 1955 година во Ташкент на 6-от Пленум во март 1956 година, по интервенција на советите, Захаријадис е сменет од положајот генерален секретар и идната година беше испишан и од член на комунистичката партија на Грција.

Значи, ако добро го разбравме генералниот Секретар на ЦК на КПГ- Никос Захаријадис како што вели: “Ако бев информиран како што сум денес, тоа немаше да ми се случи”.

По ова, беше испратен во заточеништво во Сибир и трагичната смрт се случи во 1973 година во градот Соргут во СИБИР.

ЗАКЛУЧОК

СИТЕ ЗЕМЈИ (НАЦИИ) КОИ ИММА СТАРА КУЛТУРНА СТРАТЕГИЈА УСПЕВАА ДА ОПСТОЈАТ. ШТО СЕ СЛУЧУВА ДО ДЕНЕС, СО НАС МАКЕДОНЦИТЕ?

Сите тие стратези за време војната градејќи го “новиот свет” сурово газеа врз достоинството на Македонците, ги валкаа нашите национални чувства и упорно го негираа македонскиот национален идентитет. На крај не отпоздравија...

Потоа следеа:

Годините на валканите пароли “Силата на црвената бура” Мрачните мисли на идеолошкиот активизам Изгнаници со порабена судбина.

Неоти има фајде што сега народот ги нарекува натрапници...

По катастрофата на Граѓанската војна, Захаријадис кој беше моќ и мит, стратег на револуцијата, каква оцена апостериори даде за војната, но сега не со говорот на политичкото насилство (барем таков беше познат), туку конечно се оправдува пред историјата. Скоро на ист начин се оправдуваа сите, па и НОФ и АФЖ и КПГ и КПЈ/КПМ. Некои се смета за единствени поклоници на вистината, дури извршија свевидно насилство на историјата. Но, значајните настани и личности кои се дел од македонското минато во егејскиот дел на Македонија останаа и не се целосно расветлени.

Од измама во измама, а тоа претставува за нас Македонците (кои сме биле испратени со билет во една насока на луѓе со изгубено достоинство, луѓе тажни и во болка). Втор дел на ужасот по Граѓанската војна. Така говорат веродостојните факти и тоа е историска вистина. Тие факти ја покажуваат мрачната и темна завеса на нашата судбина.

Низ минатиот половина век, многу често се прашував зошто во Македонија на овие теми неможеме отворено да разговараме. Станува збор за клучни национални теми, изместени од националните интереси, неверојатни тајни политички проблеми што уште постојат, а не сакаме да ги согледаме и да ги видиме.

Конечно, знаеме ли чии жртви сме? Едноставно, никој не сака да разговара на овие табу - теми. Ете, сега, дури и авторот која била основа и лидер на АФЖ не упати во понови тајни заблуди. Во изминатите 55 години, многу крикови од Македонците кои беа жртви во Граѓанската војна не сакавме да ги слушнеме дури тука во родната држава на сите Македонци. Овоа се потврди и на Собраниската Анкетна Комисија за заштита на човековите права и правните експерти која се одржа на 23 јануаеи 2006 година, како што реже Вања Тошевски: „Во тогашна Југославија, се блокираа сите практички активности на тој план. И тоабеше во корист на Грција...”

Верувам дека ние паталците (искорнатите од Македонија под Грција) сфатиме дека сите тие идеологии како: нацизмот, фашизмот и болшевизмот се создадени од амбициите на нивните создавачи кои се наракуваа дека се загрижени за доброто на човештвото (напр: Ленин создаде систем, кој на крајот го уништи и него самиот). Власта во рацете само на еден човек е вистински извор на опасност, отсекогаш. Но, во ниедна земја власта (партијата-КПГ) не била толку многу сурова спрема своите војници што ги остави по светот и пола век не проговори за нивната судбина...

Заборава КПГ дека илјадници Македонци ги дадоа животите за суверенитетот нас грција. Заборава за време на отпород против германците се дадоа илјадници жртви. Забарава ли КПГ дека во редовите наДАГ Македонците ги имаше низ цела Грција и гинеа на боишта на Грамос и дека по ликвидацијата заедно со нив станавме политички просфиги. Заборава дека Грците борци ги врати на своите огништа и им овозможи да ги залечат раните, нас Македонците не остави по всетот со билет во еден правец? Има ли смисла и човечност на таквите „Комунистички партии”, уште да им верува?

На крај од оваа пообемна воено - политичка аналитичка студијаа може да се заклучи дека: КПЈ и КПГ посакуваа во Граѓанската вијна да си ги решат сите наследени балкански проблеми по поделата на етничка Македонија во (1913) и на Македонците да им докажат дека никогаш тие нема да застанат зад барањето „Обединета Македонија”.

Македонците под Грција беа жртви на КПЈ/КПМ и КПГ, кои ја разгорија и ја лоцираа војната и овозможија тогашната грчка влада да спроведе воени терори, уништувања и обездетувања на македонската куќа и со тоа да се создадат „легитимни” миграциони движења на илјадници Македонци.

Тежок е товарот што го носиме цели 55 години, но и многу работи не разјаснивме, па се поставува основното прашање:

ДАЛИ ВО ГОДИНИТЕ НА ВОЈНИТЕ (1940 - 1949) СОЗДАДОВМЕ МАКЕДОНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВАА ОД НАЦИОНАЛНИТЕ СОСТОИБИ НА МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА ИЛИ НИ ГИ СОЗДАВАА ТУГИНЦИТЕ (КПГ И КПЈ) КОИ ИМАА КАКО ОСВОЈУВАЧКИ ПОЛИТИЧКИ ПРОЕКТИ!?

Навистина сега се е навидело дека сите од организациите СНОФ, СНОВ, (создадени од КПГ), па следи Граѓанската војна со организациите НОФ, АФЖ, НОМС (создадени од КПЈ), па КОЕМ и „Илинден” (создадени од КПГ) и во своите пропагирања правеа центар на масовниот култ на личностите од тие туги партии. Тие заботавија дека треба да се сака земјата и народот, а не само партијата и освојување на власта.

Многу прашања во врска со нашите раководители, но од никој не покажа доблест да каже дека тие навистина беа вовлечени во длабока погрешна и трагична политика, посебно во Граѓанската војна кога Македонците се доведени до национална катастрофа.

Дали раководителите на НОФ и АФЖ се однесуваа одговорно? Тие македонски раководители во буквална смисла на зборот, жестоко поделени низ тугите партии, често прилегаа на фаланги собрани околу водачот на партијата, спремни да јуришаат на други фаланги (Македонци во друга партија КПЈ или КПГ) собрани околу други водачи. Тоа сега станува јасно дека политиката за тие наши луѓе била премногу сериозна работа оти оценката на македонската историја ќе биде строга и мора да ги именува за доблесни или за никаквеци. Но, факт е

дека тие наши луѓе минувале од заблуда до заблуда, разочарување до разочрување!

Или и тие имале тешкотии комплетно да водат национално стратешки проекти надвор од опциите на КПГ и КПЈ, а камо да донесуваат крупни политички стратегии за развојот на војната. Но, тие беа нашите преставници, нели? Меѓу другото и за тоа како да се сочува народот и прадедовото огниште ни требаше македонско ПРОСТУМЕЊЕ: конечно, многу јасно е бележит ФЕНОМЕНОТ НА НАшАТА ПОДАНИЧКА СВЕСТ и верувам дека ова може да ни биде поука да не кинисуваме по кадри кои ни ги избират тугинците.

И така егејска Македонија стана земја на несреќни луѓе. Најверојатно, се беше со умисла замолчено и се покажа дека во овие 55 години, недостигот од критична мисла придонесуваше апатија и во историската наука. Се за трагедијата од Граѓанската војна, чиниш потона во живиот песок на историјата.

Во текстот, значи, се обидов да дадам прилог кон нашето многунејасно и замаглено минато и се уверив дека кај и да чепнеме, нешто чудно, тешко препознатливо, ококорено, не гледа низ тугиот одраз.

Се покажа дека човекот (заведен од идеологијата) е најголемо чудо на светот. Би сакале секој човек да има доблест да ја каже вистината в лице, да не лаже, да нема суета, да нема фрустрации, да не блефира, да не калкулира, да не измислува двојни вистини, да биде чист, да ги поставува вистинските прашања без разлика каков ќе биде одговорот и што потоа ќе се случи.Такви отворени прашања сретнавме од Евдокија Фотева - Вера но и имногу засенчувања. Мислам дека апсолутно секој човек заслужува да биде почитуван. Но светот се измени, а ние останавме неми набљудувачи. Молчиме, тешки и мачни ни се чекорите, сите овие 55 години се погледнуваме тајум, со неверица еден кон друг.

Товарот е веќе претежок, и тој повеќе не може да се носи. Не можам, а да не се присетам на многу илјадитите мои соборци

кои коските ги оставија на боиштата на Грамос, Вичо и на секаде, а во интегралната македонска истоија ни збор... Мислам дека веројатно сме доволно казнети, доволно талкавме низ полавековниот период под наглед од подобните - „виновни”, чиниш сме сториле некакво зло, не објаснето...

Значи, дојде време и подобните да не веруваат бидејќи времето покажа дека; лагата и вистината се израмнија, но едно е сигурно точно. Во политиката не се случува случајно. Оваа студија може да вознемири и обеспокои, но знам колку не неправи среќни една таква здодевна историја која нема „казна” за гревовите од минатото. Македонците под Грција беа водени низ многу нејасни патишта. Но сите патишта имаат нешто да ни кажат. ИСТОРИЈАТА СЕ ПАМЕТИ. ИСТОРИЈАТА КАКО ПРАВДА ВО ИДНИНА ЌЕ ДАДЕ СУД ЗА СЕКОГО.

Ова беше само КРАЈОТ НА ИСТОРИЈАТА НА ПОСЛЕДНИОТ ЛИДЕР.

Што ни понуди времето после доживеаната катастрофа во Граѓанската војна: Некои се сметаа за единствани поклоници на вистината, други извршија своевидно насилство над историјата, а историјата не е ничија „Привелегија”. Но, полавековна невистина е дека сите учесници на ДАГ и бегалците, сме фрлени во идеолошкиот отпад, а историјата молчи, не кажува:

ЧИИ ЖРТВИ СМЕ НИЕ МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА...!?

Во изминатите 55 години трпевме. Трпиме и сега. Троа па троа, ќе не жегне „непримерниот” збор што од нашите, што од тугинците.

Но, најлошото наследство кое ни остана од Граѓанската војна е: Ни на соопствениот народ не им сме потребни. Тоа го потврдуваат следните ФАКТИ И АРГУМЕНТИ:

Отпишани: Како можело македонската влада да ја смени во уставот определницата за грижата на сопствениот народ (кој сега живее во Грција) и нивните културно историски вредности, зарем тоа не е уникатно насилство во Европа? Овој став е

самоубиствен за македонскиот народ. Со него тој сам се откажал од сите 16 вековни борби за својаименска држава на генерациите Македонци, но и на своја држава (Р. Македонија) сега и во иднина.

Со прифаќањето на ваков предлог, се потценети сите настојувања и борби на Македонците во соседните држави, па и во Грција за оставрување на елементарните човекови права за слободно искажување на идентитетот и негувањето на културната посебност како наше историско и цивилизациско право. Ние сите добро знаеме дека Македонија и Македонците не сме само име туку и не раскилив дел од идентитетот. Значи, главниот проблем на грчката влада не е бил само осамостојувањето на Македонија, туку потикот што ќе го даде на барањето на правата на македонскиот народ во Македонија под Грција. Значи за грчката влада проблемот не е Република Македонија, туку Македонците во Грција како етникум.

Барањето на грчката влада, на жалост беше прифатено под ужасниот притисок и во македонската конституција беше променета определницата за грижата на Македонците во соседните држави, а цел свет знае дека секоја (држава па и Р. Македонија) народ е историски и цивилизациски обврзан да се грижи за својот народ кој подпадна под туѓа држава. . Со овој чин на политичка моќ во отсуство на духовниот, по правило, ги одвојува луѓето од реалниот живот и од она што може животот да го научи човека на човекување. Но тоа се случи...

Грижа по 55 години:

СОБРАНСКАТА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ПРАВНИТЕ ЕКСПЕРТИ ПРЕПОРАЧАА: ВРЕМЕ Е ДА СЕ ЗАТВОРИ „ЕГЕЈСКОТО ПРАШАЊЕ”!

Парламентот да го осуди геноцидот на Егејците

Преставникот на Хелсинскиот комитет Христо Ивановски порача дека егејското прашање мора да престане да биде романтичарска тема за пишување романи. „За ова треба да

расправа Собранието и да го осуди геноцидот врз македонците во Грција”, предложи ИВАНОВСКИ. Вторник 24 јануари 2006.

Мал коментар: Во колумната на Д - р Зоран Тодоросвски „Хуманоста на македонскиот комунизам” се вели: „Во периодот од 1945 до 1993 околу 50. 000 македонски граѓани се уапсени, депортирани, судени, затворани, осудени на смрт, стрелани, убиени, исчезнати или имале политички и затворски досиеја”.

На Трибината што ја организира „ВРЕМЕ”. Македонија и комунизмот - живеат ли уште заедно? Е речено: АМНЕСТИЈА - ДА, НО НЕ И АМНЕЗИЈА.

Се поставува прашањето: ќе има ли амнестија за Македонците од егејска Македонија кои жртви во Граѓанската војна? Ќе има ли место во матичната историја? Зошто КПМ на чело со Колишевски, дозволи НОФ да се најде во менгемето на КПЈ и КПГ и во положба да ја брани логиката на безумјето. Зарем КПМ не знаеше дека НОФ на КПГ и направи непроценлива услуга, но не помалка и на КПЈ. Зарем, фактите се заборавaат дека комунистичкиот синџир на Егејците им беше обесен и затегнат лично од Колишевски (по директива од КПЈ). Се заборава дека фактите непобитно говорат: НОФ и АФЖ беа организирани од тој исти режим и испратени на 23 април 1945 година да се борат во ЕгејскаМмакедонија и беа раководени се до !946 година директно од КПМ/КПЈ , или и по 55 години сите тие жртви ќе останат во АМНЕЗИЈА?!

Откажани: ОСТАВЕТЕ НЕ САМИ ДА СИ ЈА ИЗВОЈУВАМЕ ВОЈНАТА

(Не машајте се во заштита на малцинството во Грција)

Ниту една македонска влада не може да ги реши проблемите на македонското малцинство во Грција. Тоа треба да го прават македонците во Грција, бидејќи живеат во држава што се обврза да ги почитува човековите права, рече Павле Воскопулос од „Виножито”.

Борбата не е само за правата на македонското малцинство. Се залагаме за подемократско и по европско општество во Грција. Ние сме единствено малцинско движење на Балканот во чие раководство членуваат членови на мнозинскиот народ - рече Воскопулос.

Трибина: „Македонското национално прашање во Грција и грчкиот национален мит", која ја организира „ВРЕМЕ" и „АЗ - БУКИ", сабота, 28 јануари 2006.

5. март. 2006

ДОБЛЕСНО СООЧУВАЊЕ СО РЕАЛНОСТА НА МИНАТОТО

Христо ИВАНОВСКИ, „Сеќавања и размислувања", Самоиздавач, Скопје, 2001

Ивановски со овој исклучителен текст, се покажа како најобективен, автор - историописец. Тој, ни ја соопшти горчливата лекција и основната причина за феноменот на Граѓанската војна, која често ја карактеризираше диктатурата на тоталитаризмот и беше приврзана кон структурата на тогашната глобализација.Авторот, истовремено проговори у како критичар на секоја неодминлива вредност од нашето историско минато. Во своите автозаписи, Ивановњки е безмилосен кон себе, како што може да биде само чист човек. Тој со аналитичен пристап кон едно хаотично време (од предполовината на 20-от век) на овие балкански крстопатичпрезентирајќи изобилство на историски детали,ни покажа дека минатото никогаш целосно не умира. Авторот е реален и на моменти неиздржливо суров, тој копа онаму, во оние рушевини кои на човака му ја даваат сигурноста да ја свати човечноста и (Само)жртвувањето на Македонците под Грција. Ивановски, знајбено и фактогравски го отвара проблемот за цврсто верување во темелите на тие рушевини, делејќи го светот на лош и добар, позитивен и негативен, на ужасен и прекрасен. Сите тие односи со реалниот свет и лично тој опфатен од прогресивната утопија, покажа како можело сето тоа да стане синоним за револуција. Објаснува дека утопијата, колку и да е нереална и фанатична, таа не можела да не

влијаела толку во времето на неговата идејна размисла и патоводните исконски идеи што го натерале да оди во таа војна. Моќта на овие лични сеќавања и размислувања токму тоа го говорат со убедлива знајба ги наслика сите ментални структури и идеали на тоа време во кое се манифестираше моќта на идеолошките активисти (1940 - 1949). Но се поставува прашањето ‘Зошто полавек се чекало да се бара клуч’, за да се проговори и оцени како да се прикаже животот, како да се прикажат луѓето на таков начин кој би ја допрел интимата на секој човек што минал низ тој непрекинлив, невозможен, контрадикторен и нееднинствен свет.

Авторот, со благородни сеќавања, вооружен со извонредна сила и мудрост, се реши да ја напише ова книга, „Сеќавања” исклучиво врзани за луѓето (роднокрајците - Костурчани) и за неговото минато што во целост не осведочи со еден поголем дел од историјата на македонците под Грција. Тој, исклучиво му се посвети на минатото, на возвиќеното чувство кое не го брише таѓата моќ или ужасот, туку се прафаќа и се претвара во сеништа, сеништа на минатото, одблесок на едно време, на една трагедија, на едно сеќавање, кое и природно бледее, не поради заборавот или поради изминувањето на времето, не, тоа можеби е нагризено единствено во возвишеното чувство на животот. Ивановски, чепна по оние доживеани, а сега скривени, навидум непостојни, неприфатливи простори во сопствената душа, но и кај секој паталец. Авторот е поинаков во своето (не) типизирање на жртвите и (не) пријателот, но човечкото и убавото ќе го види во секого, и во најнеуките, и во најсуровите, ќе го види каде што најмалку очекуваме, но толерантен со осудата и прифаќањето или непприфаќањето.

Најтрогателните исповеди во оваа книга на Ивановски се напуштањето на родниот крај:

„Јули 1944... се активираа гржките банди кои соработувале со германскиот окупатор кои досега грабеле и убивале низ македонските села... имотот ни беше разграбен... беше јуни 1944 година, начи кани во еден камион: со мајка ми и двете сестри и зедено со семејството на чичко ми заминавме за Битола. И така почна нашето скитање по светото.”

Голема е болката и плачот на разделбата со родниот крај. Таму, му исчезна детството и сите кои ги сакаше, а не знае како, ниту каде да ги најде? Таму исчезна се од што некогаш беше искнаен неговиот живот, исчезна се без објаснување и оправдување, таму нема ништо, за тие Илинденци што се бареа и ги дадоа животите, ја нема надежда... Единствен отпор, надеж и суштина му останаа содржани зборовите на баба му Малма кои секогаш се присутни во неговите мисли: „... Ако каменот го истркалаш од своето лежишта повеќе трева не фаќа, така и луѓето...” (65).

Ивановски, посака доблесно да проговори пред судот на историјата за (Само) жртвувањето на Македонците во Граѓанската војна, која е најтрагичниот настан на македонскиот народ (но и за целиот етникум), бидејќи сите нас од таму не прави луѓе без корен и кај сите е всадено чувство на оттугеност со безмилосните миграции, со билет во еден правец. Говори за животот, за понижувањето и достоиството, за пеадвството и верноста, за презирот и одушевувањето, за стравот и храброста, за најголемото можно страдање во војните, постапно разоткривајќи ги нејзините ужасни одродувачки нечовечки димензии.

„Моето вараќање во Егејска Македонија... јавна тајна беше дека сите млади Егејци, кои беа пребегнати во Југославија ги мобилизираа како “доброволци” активистите од организацијата НОФ, и ги испраќаа во Грција да се борат во редовите на ДАГ. Бев ученик во 7 - от клас... Така на 4 февруари 1948 година се најдовме на железничката станица во Битола... Неколку пати дневно, кадрите на НОФ ни повторуваа да не носиме ништо со македонски и југословенски написи, посебно ни беше наредено да ги предадеме сите документи и сите пари и скапоцености. Бевме известени, исто така дека треба да си ги промениме имињата и презимињата од македонски на грчки, така јас станав Христос Јанакис... така на 17 годишна возраст јас станав војник (андартис) на ДАГ и директен учесник во трагедијата на мојот народ... “ (70 - 71).

Ивановски токму така ни ја прераскажа граѓанската војна како учесник, кој беше растргнат меѓу својот агресивен инстикт и

анархистичката структура на една армија, која во општо немаше македонски белег, бидејќи нас Македонците не немаше во двата стоба што ја водат војната: политичкиот и воениот. Имено, во таа војна македонските организации НОФ И АФЖ (нофитите и афежитите) живееа (се замислуваа) во виртуелен свет, со диригирана рефлекција и на македонскиот народ му пропагираа дека таа војна е револуција и продолжеток на славниот Илинден. Нофитскиот модел на политичкото дејствување, кој беше инсталиран уште во април 1945 година по сугестиите на КПМ/КПЈ беше проектира со крупни елементи од сите досегашни модели кој се покажаа дека биле насочени против нас Македонците. Токму таквиот политички концепт се виде дека имаше вграден конфликт помеѓу Македонците и Грците и тоа беше со различно целна национална програма, но нокогаш не официјализирана, туку со менлива насоченост. По извршените тотални мобилизации над Македонците, таквиот политички модел, се покажа дека НОФ беше теран да игра опсна игра спрема сопствениот надор - потоа се вдаде да агитира промена на рејтингот во интерес на КПГ а тоа му донесе постепено пропаѓање во длабочините на сопственото политичко функционирање. Под силата на диктатурата од КПГ како главен раководител на Граѓанската војна, сите македонски организации беа ориентирани во сервис за подобрување на воените ресурси на ДАГ. Стапици имало многу колку од владината реакција, толку од КПГ и од КПЈ), но дали НОФ имеше снага тоа да го воочи е прашање за кое се бара подлабоки анализи бидејши нашата историографија, „историјата за Егејците" е без многу детали (без тајните на тајните идеолошки активисти на КПМ?КПЈ и КПГ и вистината е бранета со тоталитаризам), натрупана со излитени идеолошки фрази, но ете и оваа книга кажува, дека доаѓа времето, кога од вистината повеќе не се бега и е нужна потребна ревизија на свеста.

Аворот ќе забележи дека по ликвидацијата на ДАГ на 28 - 30 август 1949 година, настапи братојадството не само по национална основа туку и по идеолошка: „...КПГ обвинува: "Предавството на Тито и неговите агенти во ДАГ" ... А кои можеше да бидат агенти? Се разбира Македонците или Славомакедонците како што не викаа Грците. Се сеќавам на

такви собири, на кои присуствуваа и членови на ЦК на КПГмногу наши македонци кои милум, или силум истапуваа во одбрана на овие тези и ги напаѓаасвоите соборци и раководители како агенти на Тито... Раководството на НОФ и АФЖ беше осудено и прогонето во Сибирските затвори, а македонските борци на секаде по светот останаа со билет во еден правец...” (130).

Но, Ивановски како вистински патриот, не по вокација историжар, но се потврди како еден од најупатените историографи, е и како вистински пријател: ни ја кажува вистината и кога не е пријатна и токму така тој напиша се за тоа што му се случи во неговиот живот (ама толку вистинита, како да важи и за илјадници Македонци кои беа учесници на ДАГ), посветени на апсурдот и на идеолошка несреќа што создаде нечуена апстракција кај човековите чувства и го осиромаши човековото чувство за реалност, но исто така ја осиромаши и човековата имагинација, посебно кај македонците кои беа насилно мобилизирани и ориентирани на оние анационални нешта (интер - национални) во чие постоење никогаш не посакале да веруваат бидејќи од нас направија жртви и цело време бевме во пресрет со смртта и како такви не оставија по светот. Ивановски не осведочи дека тој не бил поштеден ни миг од ужасот на војната, но па дури не изразивме ни сомневања во оправданоста на жртвите што ги дадовме во војната. Тој директно кажува за најстрашното и успева да ги опише тие психолошки мигови толку пластично што читателот ќе помисли: зарем би можело да биде толкаво обезвреднување на човечкиот живот, токму од оние што не го очекувавме во тие крајно сурови настани а ни возвратија со комунистичка иронија со давање и одземање на права и слободи, до самоопределување за формирање на „Обединета Македонија” во некаква балканска федерација (1949 година). Настани кои изненадуваат, збунуваат, кои саздаваат ужас паради немањето наша македонска јасна престава што всушност се кроело и случувало во таа војна. Настани во кои борците беа втурнати во тотална заблуда обезвреднети, без никаква причина и во кои полека и бавно сфаќавме дека единствените излез е сопственото наше непостоење (фрлени во идеолошкиот отпад).

На тој начин, Ивановски, прикажа и проговори за целата апсурдност на војната, но и за судбината на човекот, поединецот, чиј живот во војната нема никаква вредност. Смислата на овие записи е во тоа што авторот ни го пренесе тогашното гледање на човекот (во војната) на животот кој се живееше на еден поинаков начин, начин кој сега неможеме да го замислеме, но тогаш човекот кога и самиот автор стана негов соучесник, беше обземен од националното чувство и затоа беше нормално: убаво е ихрабро да се умре за татковината Македонија или за идеологијата.

Навистина се раѓаат доста сложни прашања: дали е тоа другата страна на војната или нема друга страна?

Која е човечката вредност и среќа во иднина што не чека? Која е нејзината моќ? Има ли правда за нас македонците? Таква, каква ја добија нашите грчки борци!

Дали таквото (Само) жртвување, спротивставување на ужасите е базирано само на силата на соп - ственото идеолошко верување? Тоа верување е невидливо, а е сеприсутно и допира до најскриените предели на душата во најтојнствените простори на човековата душа. Но дали тоа останува во човека се до смртта? Кај некои - ДА! И не го признаваат (само)-ртвувањето и манипулацијата со нас Мкедоните што тогаш вешто го правеа политичарите на моќните центри. Но, тие почитувачи и денес иаку по пола век посакуваат да изигруваат војска на очајници.

Читајќи ги исповедите на авторот едноставно остануваш без здив.

„Битката на Лерин 13. 2. 1949 година... При спуштањето, по еден дол, неочекувано, како да изникна од земја, се појави непријателски војник кој не забележа порано отколку ние него, и од 8 - 10 метри испука рафал прево во мене. За моја среќа, повеќето куршуми го погодија автоматот, што ми висеше на гради, а само неколку куршуми ме погодија во горниот дел од бутот на десната нога... Во еден миг настана некакво изненадување војникот стоеше пре мене и се чудеше како тоа

сум уште жив после цел истрелан еафал, а јас изненаден од неговата појава и дека уште стојам и сум жив. Не знам колку траеше ова зашеметеност, но кога се сетив на автоматот, видов дека е распаднат - падна шаржеот и држачот. Во меѓувреме, војникот извади нов шаржер со цел да ме докрајчи. Тогаш се сетив на мојот „Валтер", кој ми спаси животот..." (110).

За десет минути се беше мртво, се измешаа лешеви на луѓе и животни. По грозна слика не може да си замисли човек. Низ рекичката во долот, во буквална смисла на зборот почна да тече крв. (111).

Ете, каква била силата на сопственото верување во идеологијата и утопистичката намера на еден млад човек кој излегол да се бори за македонија. Човекот кој носел униформа, кој газел цврсто и прецизно со снајперски истрел погодувал во слепоочницата на противникот и бил унапреден во офицер на ДАГ. Но, треба да се знае дека тоа го правел како идеолошки војник оти тоа време идеологијата, обично не хранеше со политички идеи инспирирани или подржувани од системот на власта во таа армија, но и не помалку утопистичката (нашата македонска) намера се повикуваше на оние ориентири што ја надминуваат реалноста. Тој покажа, дека ние македонците како идеолошки војници ги ризикувавме своите животи за чесно и морално прифатливо човекување. Говори за едно од најголемите зла на човекпвата историја. И се прашува: што е со татковината? Зарем, тоа е само место во кое се случило да се родиме и да порасниме? Зарем не ли е таа татковина на нашиѕе предци на кои и денденес таму им се гробовите? Да! Сакаме или не, ние таму сме родени. таму е нашата татковина. Се родивме од оние родители и на она место каде што сме решаваше со векови нивната судбина, а ние денес не го поставуваме тоа прашање пред цивилизираниот свет. Зошто!?

Тој остана да живее со чувство не целосен соммеж, со страв и трауми, или со уверување дека сите светски вредносни принципи, сите начела, сите основни хуманистички категории едноставно се компромитирани, оти тој и многу како него не добија накаква сатисфакција, туку по таа сурова војна добија

билет во еден правец затоа што се Македонци и дури немаат право да се вратат да умрат на татковата земја.

Во своите сеќавања Ивановски го отвара и болното прашање (враќањето во Р. македонија под исти режими и патеки како и неговите предходни соборци): „... Повторно во татковината. Неизмерна радост и воодушевување... Тоа беше почеток на април 1962 година... Во Идризово престојувавме 8 или9 дена, каде што секој ден по 4 - 5 часа еден инспектор со дактилогравка ме испитуваше и ми отвори досие... Овој престој во идризово имаше за цел да изврши психолоко дејство врз повратниците за моќта на УДБ".

Ивановски, за емиграцијата ни ја раскажува целата вистина, како се живеело и дека во прогонство, најсвето било да се остани македонец. А пак со враќањето во татковината, некако не јасно ни се налочуваше да прифатиме:не гледај, не слушај, не зборувај, туку прифати да бидеш наш соработник и доставувач. Тоа беше полавековен живот и размислувања како да се излезе од маргините на политичката југо - историографија во која се посакуваше да создаде од нас повратници, нова категорија на „затвореници на свеста". Соборците да се ценат по поделбата на „големи и мали Македонци" на „поголеми и помали предавници". Тоа го потсеќало на паролите од НОФ во граѓанската војна: „Сакате навистина да бидете патриот? Повелете во редовите на ДАГ? И на постојано повторуваната синтагма: „За КПГ која ја зборува вистината на глас, ако ттреба ќе загинеме сите!" Аме, ете, се виде дека со поданичка свест и сега со таков однос спрема своите луѓе кои го даваа животот убедени за татковината, не се градела компакна македонска нација. Такви биле полавековните преиспитувања на Ивановски. Барање одговор на многу егзистенцијални прашања, како например: што се случува со нашата судбина? Каква е иднината на нашата нација и нејзината историја? Кој ќе се грижи за судбината на Македонците под Грција?

Ивановски, според своите зборови, ги запишал своите сеќавања за да се ослободи од кошмарите низ кои поминал за време на војната и по неа за да даде придонес во „Сведоштвото за

вистината” и повеќе да не ја бара смислата во молчењето пред искривоколчувањето на историјата за Егејците.

Во што е вистината? Која е нејзината хумана вредност? Има уште еден фасцинантен момент во оваа книга, а тоа е неоптовареноста со омразата. Токму она што ние (Вардарците, Пиринците и Егејците) мислам дека за илјадници години нема да го научиме. Тој не зборува со националистичка, туку за национал свест. Ова е вистина вонредна студија за едно микро куртуролшко општество, за социолошките и психолошките елементи кои го правеа Костур и Костурско, Лерин и Леринско, Воден и Воденско. И одеднаш ни станува јасно зошто уште од почетокот на 20 - от век елинизмот ги потхрануваше миграционите движења на овие луѓе, било преку војни (посебно во андарскиот период (1900 - 1908) или еконмските проблеми.

Книгата одушевува со искреноста, како и со суптилноста на изнесените проблеми во прикажувањето на роднокрајците за судбината и трагедијте кои ги имаат доживеано овие луѓе. Тоа се верни записи на судбината наша.

12. 04. 2003

Содржина

МАКЕДОНЦИТЕ НИЗ ВИОРОТ НА „ЦРВЕНОТО” ГУБИЛИШТЕ

1. ВОЈУВАВМЕ ПРОИВ ВЕКОВНОТО НАСЛЕДСТВО И СВОЈАТА СУДБИНА

Евдокија ФОТЕВА - Вера „ До пеколот и назад”, издавач „Аз - Буки”, Скопје 2004.

2. ДОБЛЕСНО СООЧУВАЊЕ СО РЕАЛНОСТА НА МИНАТОТО.

(Говорот на веродостојните факти, тоа е историската вистина) Христо ИВАНОВСКИ, „Сеќавања и размислувања”, Самоиздавач, Скопје, 2001

3. Белешка за авторот

## ПРЕГЛЕД НА КОРИСТЕНАТА ЛИТЕРАТУРА

Ајановски Вангел - Оче, Егејски бури, Скопје 1975
Андоновски Христо, Вистината за Егејска Македонија, Скопје, 1972
Андоновски Христо, Дипломатска антимакедонска игра, Скопје, 1969
Андоновски Христо, Македонското национално малцинство во Грција, Бугарија и Албанија, “Гласник”, Скопје 1974, бр. И
Андоновски Христо, Меѓународните договори и билатерални конвенции меѓу Грција, Бугарија, Турција и Југославијам, “Разгледи”, Скопје, 1962 ИВ
Андоновски Христо, Македонците под Грција во борбата против фашизмот (1940-1944) ИНИ, Скопје 1968
Апостоловски Ванчо, Грција, односите во Југославија и прашањето за Егејска Македонија. Нова Македонија, Скопје, 1952, февруари 10.ИЏ 2237
Бунтески Ристе-Бунте, Методија шаторов-шарло (политички ставови), издавач, Друштство за уметност Прилеп,Скопје,1996.
Буцкава Фана-Мартинова, и ние сме деца на мајката земја..., издавач “Здружение на децата бегалци од Егејскиот дел на македонија” - Скопје, 1998.
Благоев Спиридон, Околу причините и последиците на проширување на бугарската окупациона власт во нови области на Егејскиот дел на Македонија во летото 1943 година.Гласник ИНИ, Скопје, 9183, ЏЏВИИ 1-2
Григоријадис Фивос, Историја ту емфилиу полему, 1945-1949 (То дефтеро андартико) (Историја на Граѓанската војна 1945-1949), (Второ партизанство) Атина Том И, ИИ, ИИИ и ИВ, издавач К.М.Камаринопулос
За проблемите на Егејска Македонија.Изјава на Димитар Влахов на конференцијата зза печатот во Париз.Нова Македонија, Скопје, 1946, септември 19ИИИ 527, стр.4
Зифиропулос Д. То ККЕ ќе и Македонија (КПГ и Македонија)
Изјавуваме високо дека Грција нема право на Егејска Македонија, рече во својот говор на предизборниот митинг во Битола Димитар Влахов, потпреседате на Президиумот на

Народната Скупштина на ФНРЈ.Нова Македонија, Скопје, 1946, септември 22.ИИИ 530, стр.4
Керамитчиев Михајло, Појавата на НОФ во Егејска Македонија.Глас на Егејците, Скопје, 1951, април 11.ИИ.8
Кирјазовски Ристо, Народноослободилениот фронт и другите организации на Македонците од Егејска Македонија (1945-1949).Култура, Скопје, 1985
Кирјазовски Ристо, Македонски национални институции во егејскиот дел на Македонија (1941-1961), ИНИ, Скопје, 1987
Кирјазовски Ристо, Македонската политичка емиграција од егејскиот дел на Македонија во источноевропските земји по Втората светска војна.Култура, Скопје, 1989
Киселиновски Стојан, КПГ и македонското национално прашање (1918-1940). мисла, Скопје, 1985
Киселиновски Стојан, Статусот на македонскиот јазик во Македонија (1913-1987). Мисла, Скопје, 1988
Киселиновски Стојан, Егејскиот дел на Македонија (1913-1989) Култура, Скопје, 1990
Киселиновски Стојан, Националното и државното во македонското револуционерно движење(1893-1994), МАНУ, Скопје, 1995
Киселиновски Стојан, Етничките промени во Македонија (1913-1995), ИНИ, Скопје, 2000.
Кочов Стојан, (Само)жртвувањето на Македонците под Грција, "Матица Македонска", Скопје, 1994
Кочов Стојан, жорѓи Пејков-македонски воин низ историјата на ДАГ(1945-1949)-монографија, издавач "Академик", Скопје, 1997
Кочов Стојан, Идеолошкиот активизам над Македонците под Грција, издавач "Матица македонска"Скопје, 2000
Кочов Стојан, Есеи и литературни толкувања, издавач "Матица македонскае, Скопје 2002
Кочов Стојан. Билет во еден правец, издавач, „Матица македонска", Скопје 2004
Кочов Стојан, Големото враќање на талкачите, издавач„Современост", Скопје 2006
Кљакиќ Драган, генерал Маркос, Загреб, 1979
Мамуровски Ташко, Бугарската пропаганда во Југозападна и Централна Егејска Македонија (1941-1944).ИНИ, Скопје, 1989

Митревски Паскал, Учеството на македонскиот народ од Егејска Македонија во борбите против фашистичките окупатори.Нова Македонија, скопје 1945, октомври 11.??.237
Митревски Паскал, Триесет години од Првата конференција на СНОФ (И-ИИ) Нова македонија, Скопје 1973, декември 25-26 ЏЏЏ, 9672-9673
Митревски Паскал, Критички осврт на трудот на Вангел Ајановски-Оче, "Егејски бури", издание на ИНИ-Скопје, 1975.Гласник на ИНИ, Скопје, 1977, ЏЏИ, 2-3, 195-211 (Одделен отпечаток)
Митревски Паскал, Првите органи на народната власт и формирањето на Привремената демократска влада на Грција за време на Граѓанската војна 1945-1949 година.Симпозиум:АСНОМ-остварувањето на идеите за создавање на македонската држава.МАНУ, Скопје, 1977, с.199-211 Од. Отпечаток)
Мојсов Лазо, Околу прашањето на македонското национално малцинство во Грција (Еден поглед врз опсежната документација). ИНИ, Скопје, 1954.
Наковски Петре, Мекедонските деца во Полска, издавач, млад борец, Скопје 1987.
Пејов Наум, Прилози за односот на раководителите на КПГ по македонското национално прашање.Главен одбор на македонците од Егејска македонија, Скопје, 1953
Пејов Наум, КПГ и македонското национално прашање (ИВ-ИЏ).Глас на Егејците, 1953, ИВ, 32-37
Пејов Наум, Македонците и Граѓанската војна во Грција. ИНИ, Скопје 1968
Пејов Наум, По повод првиот конгрес на НОФ во Егејска Македонија. Во прилог на вистината.Глас на Егејците, Скопје, 1951, јануари 10.ИИИ, 18
Раковски Павле, Македонското национално прашање низ политиката на КП на Грција (или Политиката на КП на Грција по македонското национално прашање) Гласник ИНИ, Скопје, 1968, ЏИИ, 3
Раковски Павле, Кон согледување на историската вистина.Погледи, Скопје 1980, ЏВИИ, 8
Раковски Павле, КПГ, ЕАМ, ЕЛАС и македонското НОД.Гласник на ИНИ, Скопје ЏЏВИ, 2-3

Раковски Павле, КП на Грција и Македонците (Согледувања,размислувања, сознанија).Македонска книга, скопје, 1990
Раковски Павле, Автобиографија-моите страдања, издавач, АЕА издавачи, Скопје, 2000.
Ристовски Блаже, Македонија и македонската нација, издавач “Детска радост”, Скопје, 1995
Симовски Тодор, Населените места во Егејска Македонија.ИНИ, Скопје, 1978
Симовски Тодор, Македонско национално прашање низ политиката на КПГ во текот на НОБ.Гласник на ИНИ, Скопје, 1972,ЦИВ, 2-3
Фотева Евдокија - Вера „До пеколот и назаде”, издавач Аз - Букие , Скопје 2005
Халет Кар Едвард, што е историја, Култура, Скопје, 1990
Арент Хана, Изворите на тоталитаризмот, Култура, Скопје, 1990
Стив Е.Палмер и Роберт Р.Кинг, “Југословенскиот комунизам и Македонското прашање”.Арцхон Боокс, 1971
Лоринг М.Денфорт, “Македонскиот конфликт”, Македонска книга, 1996
“Македонија и односите со Грција”-Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 1993
Тодор Чепреганов, “Велика Британија и македонското национално прашање (август 1944-1948)”, издавач ИНИ, Скопје, 1997
Лазар Лазаров “ Македонија во француската политика на Балканот 1944-1957”, издавачи ИНИ и Матица македонска, Скопје, 1998.
Приручник (Зборник материјала): Грчки народ у борби за слободу, 1947 година.
Весници и списанија.
Автори од грчката историографија кои исклучиво пишувале само за Граѓанската војна

(Насловот на оригиналот” Studies in the History of the Greek Civil War, 1945-1949, edited by L. Baerentzer, J.O. Smith, “Museum Tusculanum Press”, Copenhagen 1987.)

КРАТЕНИЦИ

| | |
|---|---|
| АСНОМ | - Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија |
| АВНОЈ | - Антифашистичко веќе на народното ослободување на Југославија |
| АФЖ | Антифашистички фронт на жените |
| АНДАРТИН | Грчки платеник во време на турската империја, се борел за освојување на Македонија и риклучување кон Грција. Повеќето беа од стара Грција и од островот Крит, а делувале во Македонија Костурско, Леринско, Битолско, Ресенско и Мариово). Тоа име се употребуваше од грчката влада и за учесниците на ЕЛАС и жраѓанската војна. |
| БУРАНДАС | Оружен војник во владината грчка војска |
| ВМРО | Внатрешна револуционерна акедонска организација |
| ГШ | Главен штаб |
| ДАГ(ДСЕ) | Демократска армија на Грација за време Граѓанската војна 1946-1949 година, рако водена од Комустичката партија на Грција. |
| ЕАМ | Национален ослободителен фронт |
| ЕДА | Грчка демократска левица |
| ЕДЕС | Нациналeн демократски сојуз на грчката војската, соработувал со Германците, истовремено и со гличаните. |
| ЕЛАС | Грчканароднoослободителна рмија |
| ЕПОН | Национална сегрчка организација на младите(прокомунистичка). |
| ИВЕ | Бранители на Северна Грција 1941-942 година соработувале со Германците). |
| ПГ | Земјоделска партија на Грција |
| ИБ | Информбиро |
| ЕППЕ | Централен комитет на политичките бегалци од Грција |
| ЕМПЕДА | Центер за воена обука |
| КЗ | Кривичен закон |
| КОЕМ | Комунистичка организација на Македонцитеод Егејска Македонија |
| КПЕ | Комунистичка партија на Грција |

| | |
|---|---|
| КПЈ | Комунистичка партија на Југославија |
| КПМ | Комунистичкапартија на Македонија |
| ЛОК | Чети за планински потери, воени формации на дел од владината војска. |
| НРМ | Народна Република Македонија |
| НОВ | Народноослободителна војска |
| НОД | Народноослободително движење |
| НОМС | Народноослободителен младински сојуз |
| НОФ | Народноослободителен фронт. |
| МАИ | Единици за самоодбрана на теренот (оружени организарани цивили, кои спрема потребата се бореа Против Демократската армија на Грција). |
| ООН | Организација на обединетите нации |
| ПАО | Сегрчка ослободителна организација 1942-1944 година, соработуваше со ок упаторот против против родноослободителното движење во Грција. |
| ПБ | Политбиро. |
| ПДВ | Привремена демократска влада на Грција формирана 1947 година на Грамос |
| ПЕЕА | Политички комитет на ослободување |
| ПЗ | Принуден закон |
| СРМ | Социјалистичка Република акедонија |
| СНОФ | Славјаномакедонски народно - слободителен фронт |
| СКОЈ | Сојуз на комунистичката младина на Југославија |
| УДБ | Управа за државна безбедност |
| ЦК | Централен комитет |
| ЦС | Централен совет. |
| УНСЦОБ | Унитед Натионс Специал Цоммиттее он тхе Балканс. |

Белешка за писателот

Стојан Кочов роден е 1930 година во селото Турје Леринско. Во годините на Граѓанската војна во Грција (1946 - 1949 ) е активен учесник во единиците на ДАГ. Од 1950 - 1957 година живее и се школува во СССР, се до неговото враќање во Р. Македонија во 1957 година.

Дипломира а белгратскиот универзитет. Живее во Скопје.

Ги објавил следните книги:

СРЕДБА-раскази"Студентски зборе-Скопје,1989
ЕДНА МРТВА ВОЈСКА-поезија"Македонска книгае-Скопје,1992
(САМО)ЖРТВУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ПОД ГРЦИЈА-критички огледи "Матица македонска" - Скопје,1994
МРТВОТО ЛИЦЕ НА ВОЈНАТА-поезија "Мекадонско сонце" - Скопје,1996
ЖОРЖИ ПЕЈКОВ-МАКЕДОНСКИ ВОИН НИЗ ИСТОРИЈАТА НА ДАГ(1945-1949)- монографија"Академик" - Скопје,1996.
ТАЛКАЧИ-роман, "Матица македонска", Скопје, 1997
НОВА ГОДИНА ВО ЗЕМЈАНКИТЕ НА ГРАМОС – "роман" Матица македонскае, Скопје, 1998
КАЗНА БЕЗ ВИНА-роман "Матица македонска", Скопје, 2001
ВО ПРЕСРЕТ НА СУДБИНАТА-раскази "Огледало", Скопје, 1998
ИДЕОЛОШКИОТ АКТИВИЗАМ НАД МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА-критички огледи. "Матица македонскае, Скопје, 2000
ГРЕВОТ НА ПОТОМЦИТЕ-роман
ЕСЕИ И ЛИТЕРАТУРНИ ТОЛКУВАЊА-критички огледи, "Матица македонскае, Скопје, 2002.
КОБА-Раскази, "Вордлбук", Скопје, 2002
ГРОБАРОТ ОД ЛЕРИН-роман "Детска радост", Скопје, 2001
ЈАМКА-роман.
БАЛКАНСКА САГА - роман
БИЛЕТ ВО ЕДЕН ПРАВЕЦ - Историски критички огледи Матица македонскае , Скопје, 2004
ГОЛЕМОТО ВРАЌАЊЕ НА ТАЛКАЧИТЕ - роман „Современост", Скопје, 2006